**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” – БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

Душко Костадиноски

**ТЕМА:**

# КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРЗОРИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - СВР БИТОЛА

Скопје, 2025 година

**Ментор:**

Проф. д-р Светлана Николоска

Редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Членови на комисија**:

1. Проф. д-р Марина Малиш Саздовска
   Редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
   Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

2. Проф. д-р Светлана Николоска
   Редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
   Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

3. Проф. д-р Злате Димовски
   Редовен професор на Факултетот за безбедност - Скопје
   Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Датум на одбрана:________________**

**Датум на промоцијата: ____________________**

Лектор: Елена Апостоловска

Наука на којашто се стекнува магистерското звање: Криминалистика

# КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЕКТОРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ БИТОЛА

***Апстракт***

Нелегалното производство, криумчарењето и недозволената трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори претставува глобална, исклучително штетна појава која го загрижува целокупното светско општество, односно во овој брз развој на 21 век кога веќе голем број од светските земји алармираат, а пособено балканските земји каде припаѓаме и ние. Станува збор за нерешлив феномен за кој успех би било доколку се успее овој вид криминал да се држи во границите на прифатливото.

Во овој труд ќе бидат приложени податоци за обемот и динамиката на овој вид криминалитет во Република Северна Македонија, односно на подрачјето на Секторот за внатрешни работи, Битола − за динамиката на порастот, уживателите, бројот на поднесени кривични пријави, бројот на отфрлени кривични пријави и слично, прикажани како податоци од резултати кои произлегуваат од спроведеното емпириско истражување каде опфатен е споменатиот сектор во периодот од 2019 до 2024 год.

Главната цел на овој труд беше да се дојде до современите и најразлични modus operandi на извршување на кривичните дела поврзани со нелегалното производство и пуштање во промет на дрога, психотропни супстанции и прекурсори, и потребата од усовршување и осовременување на оперативно-тактичките мерки кои се применуваат со цел спречување и откривање на овие кривични дела. Во таа смисла и потврдување и проверување на главната и помошните хипотези.

Клучни зборови: дрога, психотропни материи, прекурзори, нелегално производство и трговија со дрога, безбедност, криминалитет.

**ИЗЈАВА**

Од Душко Костадиноски

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од обласа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

______________________________

**- С О Д Р Ж И Н А –**

## Contents

ЗНАЧЕЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ ..... 10
ВОВЕД ..... 11
ГЛАВА I ..... 13
1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 13
2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 16
2.1 Теоретско одредување на предметот на истражување ..... 16
2.2 Појмовно - категоријален апарат ..... 18
2.3 Операционално определување на предметот ..... 22
2.4 Дисциплинарно одредување на истражувањето ..... 24
3 ВРЕМЕНСКО И ПРОСТОРНО ОДРЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 25
4 ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 26
5 ХИПОТЕТИЧКА РАМКА – ХИПОТЕЗИ ..... 28
6 НАЧИН НА ИСТРАЖУВАЊЕ – МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ..... 29
7 НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 31
ГЛАВА II ..... 32
ДЕФИНИРАЊЕ И ТЕРМИНОЛОШКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ „ДРОГА“, „ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ“ И „ПРЕКУРСОРИ“ ..... 32
1. ДЕФИНИРАЊЕ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ ДРОГА ..... 32
1.1 Закон за контрола на опојни droги ..... 34
2. ВИДОВИ НА ДРОГА ..... 37
2.1 Видови дрога и нивна класификација ..... 37
*2.1.1 Природни droги кои потекнуваат од афион* ..... 37
*2.1.2 Природни droги кои потекнуваат од растението Cannabis* ..... 44
*2.1.3 Природна дрога - Кокаин* ..... 48
*2.1.4 Друди видови природни дрога* ..... 52
*2.1.5 Вештачко- синтетички droги* ..... 56
2.2 Психотропни супстанции ..... 67
2.3 Прекурсори ..... 68

ГЛАВА III ..... 71

ОСНОВИ НА НАРКОМАНИЈА И НЕДОЗВОЛЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈ А СО ДРОГА ........ 71

1. ПОИМ ЗА НАРКОМАНИЈА ........ 71

2. ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ „НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ'' ........ 75

2.1. Нелегално производство на природни дроги ........ 75

2.2 Нелегално производство на синтетички дроги ........ 76

3 ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ „НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА НА ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ'' ........ 77

3.1 Облици и криминални активности во врска со недозволената трговија со дрога ........ 79

ДЕЛ IV ........ 84

КРИВИЧНО-ПРАВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО „НЕОВЛАСЕТЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ“ ........ 84

1. ОСНОВИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО ........ 84

1.1. Кривично-правно определување на кривичното дело „Неовласено производство и пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори„ ........ 85

2. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА КРИВИЧНО-ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ВО ВРСКА СО НЕДОЗВОЛЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА ........ 88

2.1. Кривино законодавство на Република Словенија ........ 89

2.2. Кривично законодавство на Република Хрватска ........ 92

2.3. Кривично законодавство на Босна и Херцеговина ........ 94

2.4. Кривично законодавство на Република Црна Гора ........ 97

2.5. Кривично законодавство на Република Србија ........ 99

2.6 Заклучок од компаративна анализа на правната регулатива на поранешните југословенски земји во однос на РС Македонија во врска со злоупотребите на дрога ........ 102

ДЕЛ V ........ 104

КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ ........ 104

1. СУБЈЕКТИ НАДЛЕЖНИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА ........ 104

1.1. Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија ........ 104

1.2. Царинска управа на Република Северна Македонија ........ 105

1.3. Јавно обвинителство на Република Северна Македонија .................................................... 107

1.4. Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција................ 108

1.5. Истражни центри на јавното обвинителство ............................................................................ 109

1.6. Правосудна полиција ............................................................................................................... 111

1.7. Судови ......................................................................................................................................... 113

2. КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ - ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА........................ 114

КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ..................................................................................... 114

2.1 МЕТОДИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА................. 117

2.1.1 КРИМИНАЛИСТИЧКА КОНТРОЛА ........................................................................ 118

2.1.2 КРИМИНАЛИСТИЧКА ОБРАБОТКА....................................................................... 126

2.1.3 ОПЕРАТИВНА АКЦИЈА (ОА) ................................................................................. 132

3 ИСТРАЖНА ПОСТАПКА ............................................................................................................ 135

3.1 Претрес....................................................................................................................................... 137

3.2 Привремено обезбедување и одземање предмети ....................................................... 141

3.3 Испитување осомничен ......................................................................................................... 143

3.4 Испитување сведоци.............................................................................................................. 144

3.5 Вештачење ............................................................................................................................... 145

3.6 Увид............................................................................................................................................ 145

4. ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ( ПИМ ) ..................................................................................... 146

4.1. Поим и видови мерки.................................................................................................................. 146

4.1.1. Следење и снимање телефонски и другите електронски комуникации ................... 147

4.1.2. Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење комуникации ................................ 147

4.1.3. Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен.......................................................... 148

4.1.4. Таен увид и пребарување во компјутерски систем.................................................... 149

4.1.5. Автоматско или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци. 150

4.1.6. Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации ......................... 150

4.1.7. Симулиран откуп на предмети ....................................................................................... 151

4.1.8. Симулирано давање и примање поткуп........................................................................ 151

4.1.9. Контролирана испорака и превоз на лица и предмети ............................................... 152

4.1.10. Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи ....................... 152

4.1.11. Отворање симулирана банкарска сметка 153
4.1.12. Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци 153
4.2. Кривични дела за кои можат да се определат посебни истражни мерки 154
4.3. Времетраење на посебните истражни мерки и нивно продолжување 155
4.4. Чување и ништење податоци собрани со посебни истражни мерки 156
4.5 Статистички преглед на изречените ПИМ во РСМ за периодот од 2019-2023 157
ДЕЛ VI 168
ПРЕВЕНТИВЕН МОДЕЛ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА 168
1. ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА 168
ДЕЛ VII 174
ИСТРАЖУВАЊЕ 174
1. ЕМПИРИСКО-СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО И ПОВРЗАНОСТА СО ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА 174
1.1. Преглед на вкупниот број сторители на кривични дела, сторители на кривични дела против здравјето на луѓето и споредба со бројот на сторители на КД по чл. 215 од КЗ на РСМ 175
1.2. Осврт на криминалитетот на ниво на секторски единици со акцент на КД по чл. 215 од КЗ на РСМ. 181
1.3. Посебен осврт на СВР Битола по организациони единици во однос на борбата со недозволеното производство и трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. 187
2. Анкета 191
2.1 Интерпретација на резултатите од анкетниот прашалник 191
3. Студија на случај 199
3.1 Студија на случај на кражба на наркотична дрога марихуана заради неовластено пуштање во промет - 2020год. 201
3.2 Студија на случај на неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори во - 2022год. 205
3.3 Студија на случај на нелегална продажба на наркотична дрога во 2020 на подрачјето на ОВР Прилеп 208
_Toc197979191
ДЕЛ VII 211
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОЗИ 211
1. ЗАКЛУЧОЦИ 211
2. ПРЕДЛОЗИ 218

Прелиминарна библиографија .......... 219
*правни извори:* .......... 221
*интернет извори:* .......... 221
*институции:* .......... 222
*ПРИЛОЗИ* .......... 223

# ЗНАЧЕЊЕ НА КРАТЕНКИТЕ

| | |
|---|---|
| КД | - кривично дело |
| КЗ | - Кривичен законик |
| ЗКП | - Закон за кривична постапка |
| МВР | - Министерство за внатрешни работи |
| ОЈО | - Основно јавно обвинителство |
| АР | - Агенција за разузнавање |
| ОКРА | - Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа и извештаи |
| ОКГ | - Организирана криминална група |
| КГ | - Криминална група |
| КК | -Криминалистичка контрола |
| КРИ | -Криминалистичко разузнавачко истражување |
| КО | - Криминалистичка обработка |
| ОА | - Оперативна акција |
| МСКО | - Меѓусекторска криминалистичка обработка |
| МНКО | - Меѓународна криминалистичка обработка |
| БЈБ | - Биро за јавна безбедност |
| ЦПС | - Централни полициски служби |
| ОСОСК | -Оддел за сузбивање организиран и сериозен криминал |
| СВР | - Сектор за внатрешни работи |
| РЦ за ГР | - Регионален центар за гранични работи |
| СМПС | - Сектор за меѓународна полициска соработка |
| ГДЗК | - Група за задавање задачи и координација |
| КДПЗЛ | - Кривични дела против здравјето на луѓето |

# ВОВЕД

Постојат многу докази дека луѓето повеќе од илјада години користеле различни природни билки кои ја менувале нивната свест, расположение, мислење и однесување. Овие природни билки старите цивилизации ги користеле најчесто како лекарства. Со развојот на цивилизациите, дошло и до неконтролирана употреба на дрогата која ја разорува човековата личност и духовно и физички. Злоупотребата на дрогата, претставува болест на зависност или токсикоманија и претставува општествено зло со кое во последните децении се соочува целиот свет. Посебно се споменува „опијумскиот мак“, листот „кока“ кои се одгледувале во Месопотамија, стариот Египет, Латинска Америка, а покасно и во Античка Грција и други региони во светот. Во тој период трговијата со опиум била многу развиена, а „опиумската зависност“ од социјален аспект била прифатена од тогашното население.

Во Европа опиумот се појавува во XIV век, донесен од далечните источни земји и во почетокот се користел како лек. Значењето на опиумот доаѓа до израз во половината на XIX век, кога доаѓа и до две т.н. „опиумски војни“ (Англија и Франција воено ја нападнале Кина која го забранила увозот на опиум). Дрогата почнува да се злоупотребува во почетокот на XX век, кога во 1924 год. во САД целосно се забранила употребата и производството на хероинот, дури и за медицински цели. Со неговата забрана почнува да се појавува илегалното, недозволено производство и дистрибуција на дрогите. Паралелно со порастот на бројот на корисниците, се зголемува и потребата од зголемено недозволено производство и неговата распространетост низ целиот свет. Заради профитот се појавуваат и криминални групи, кои на организиран и софистициран начин почнуваат да криумчарат наркотични средства.

Користењето дроги прави огромни штетни последици на вкупното здравје на нацијата, а тоа најчесто е младата популација. Карактеристично е тоа што на нарко пазарот сѐ повеќе се пласираат нови типови дроги, најчесто синтетички, кои се значително поевтини, а со истата штетност по здравјето.

Проблемот со злоупотребата на дрогата, психотропните супстанции и прекурсорите е анализиран подолг временски период наназад, проучуван и следен низ многу

истражувања и на повеќе нивоа. Меѓутоа, останати се уште многу недоумици, нерешени и отворени прашања за разгледување и детално проучување во иднина.

Со овој труд пред сѐ ќе се опфати појмовното дефинирање на недозволеното производство на дрога, психотропните супстанции и прекурсорите, како и нивната застапеност на територијата на РС Македонија; каде се наоѓа нашата земја во споредба со балканските држави, а ќе биде опфатено и истражување спроведено на ниво на МВР, врз основа на статистички податоци, за тоа во кој дел на државата овој тип на криминал е најмногу развиен и кои се методите и тактиките за превентивно и репресивно делување.

# ГЛАВА I

## 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Злоупотребата на дрога, психотропни супстанции и прекурсори претставува една комплексна социо-патолошка појава која од ден на ден доживува сè поголема експанзија и може да се каже дека претставува најголема закана, најчесто за најмладите категории на луѓе, но и за економијата на многу држави во светот. Заради заштита на здравјето на луѓето и општеството, законодавецот употребата на дрога ја ставил во нормативни рамки, а со тоа пропишал точно определени услови за нејзино производство, употреба и увоз-извоз. Секоја несоодветна примена на дрога, психотропни супстанции и прекурсори претставува злоупотреба. Законски, производство и промет на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурсори, дозволено е да се врши само за медицински, лабораториски и научни цели.

Злоупотребата на дрога, психотропни супстанции и перкурсори денес претставува глобален проблем што ги погодува сите цивилизации и како таков опстојува низ вековите. Со развојот на цивилизацијата дошло до неконтролирана употреба на опојните дроги кои го разоруваат човекот како личност, духовно и физички. Злоупотребата на опојни дроги, кои претставуваат болест на зависност или токсикоманија, всушност претставува општествено зло со кое во последните децении посебно се соочуваат земјите од југоисточна Европа вклучувајќи ја и РС Македонија. Со оглед на фактот дека порастот на овој тип на криминал е во светски размери, факт е дека тоа се манифестира и со сè поопасни, потешки и нови појавни облици, по што се наметнува потребата од нови законски регулативи кои би го регулирале овој тип на криминалитет, а и осмислување нови начини и стратегии во борбата против нив.

Во повеќето држави во светот производството, поседувањето, купопродажбата и употребата на дроги е забрането. Меѓународната правна рамка се заснова на три конвенции за наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (во 1961 год., во 1971 год., во 1988 год.), донесени од Обединетите нации, а се потпишани и ратификувани од земјите членки на ОН. Како што е наведено во Конвенцијата од 1988

година, со самата ратификација, земјите потписнички се обврзуваат да воведат санкции за секое производство, продажба, транспорт, дистрибуција или набавка на супстанциите кои се забранети со конвенциите од 1961 и 1971 год.

Поради огромната актуелност на проблематиката, основна цел на истражувањето е да се запознаеме со општествената негативна појава на дрогата, психотропните супстанции и прекурсорите како криминални дела и нивните штетни последици врз општеството. Исто така, преку актуализација на овој проблем, да се подигне на едно повисоко ниво и безбедност свеста, сѐ со цел самозаштита и институционална заштита од овој вид криминално делување. За да ја достигнеме целта Република Северна Македонија да биде едно безбедно општество, кога станува збор за овој тип на криминал, треба да ни биде јасно дека ќе се соочиме со предизвиците на овој вид организиран криминал, а со употреба на комплексни методи и средства во борба против овие криминални активности, да го спречиме неговото понатамошното ширење на територијата на Република Северна Македонија преку криминалистички истражувања и докажувања.

Министерството за внатрешни работи – МВР на територијата на Република Македонија во рамките на Бирото за јавна безбедност има формирано 8-осум **Сектори за внатрешни работи** за вршење на полициските работи на територијата на Република Македонија:

1. Сектор за внатрешни работи - Скопје;
2. Сектор за внатрешни работи – Куманово;
3. Сектор за внатрешни работи – Битола;
4. Сектор за внатрешни работи – Штип;
5. Сектор за внатрешни работи – Велес;
6. Сектор за внатрешни работи – Охрид;
7. Сектор за внатрешни работи − Тетово;
8. Сектор за внатрешни работи – Струмица.

Акцентот на ова истражување ќе биде ставен на Секторот за внатрешни работи – Битола, со сите организациони единици во рамките на секторот, односно Битола, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, Ресен и Демир Хисар. Секторот Битола покрива територија

од околу 4.717 км$^2$ и опслужува приближно 207.955 жители.[1] Во суштина во истите воспоставени се регионални единици за спроведување на активностите за спречување и сузбивање на злоупотребата на опојните дроги и психотропните супстанции, односно тоа е Пелагонискиот регион.

Освен Пелагонискиот, воспоставени се и регионалните единици и тоа:

1) Пелагониски регион (Ресен, Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар);
2) Вардарски регион (Велес, Градско, Кавадарци, Неготино, Демир Капија);
3) Североисточен регион (Кратово, Куманово, Крива Паланка);
4) Југозападен регион (Охрид, Струга, Дебар, Кичево, Македонски Брод);
5) Скопски регион;
6) Југоисточен регион (Гевгелија, Струмица, Дојран, Валандово, Радовиш).
7) Полошки регион (Тетово, Гостивар, Маврови анови);
8) Источен регион (Штип, Кочани, Пробиштип, Пехчево, Македонска Каменица, Свети Николе, Берово, Делчево, Виница) и
9) Регионален центар за казнено поправни и воспитни установи - Скопје.

Во регионалните единици формирани се работни групи, кои ќе остваруваат определени активности за спречување и сузбивање на злоупотребата на опојните дроги и психотропните супстанции за подрачјата за кои се формирани.[2]

Растечката закана од недозволената трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори како криминал е причината која доведува до сѐ поголема соработка со меѓународни, регионални и национални институции. Преку ова истражување ќе бидат идентификувани, анализирани, споредени и коментирани оперативно-тактичките мерки во РС Македонија, меѓусекторската соработка во рамките на Министерството за внатрешни работи, со посебен осврт на Пелагонискиот регион т.е. СВР–Битола, во однос на криминалистичкото истражување и докажување на КД „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.“

[1] https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat_Naselenie_ProcenkiNaselenie_ProcenkiPopis2021Proceni30Juni/30062021_Reg_Za_PX.px/table/tableViewLayout2

[2] Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, Сл. весник на РМ бр.103 од 2008 година

Брзината со која се шири овој тип криминал, ризиците по општествената безбедност секојдневно се модифицираат и зголемуваат, а сето тоа бара континуиран пристап на криминалистичката истрага во откривањето и докажувањето на ова КД. Сето тоа зборува за задолжителна хармонизација на домашното законодавство со регионалното, односно европското законодавство и задолжителна примена на нови техники и методи од страна на безбедносните служби со цел сузбивање на овој тип растечки криминал.

## 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1 Теоретско одредување на предметот на истражување

Во литературата сè повеќе од авторите и криминолозите укажуваат на нераскинливата поврзаност меѓу опојните droги и криминалитетот и тоа:

„Овој облик на нелегално производство и недозволена трговија има карактер на групно и организирано делување, бидејќи по правило, се врши групно и организирано, а исклучително ретко поединечно и изолирано“.[3]

„Трговијата и криумчарењето со дрога е континуирана криминална дејност која се протега од нејзиното производство, па се до пазарот за консументи. Таа се потпира на маса луѓе, со постојан криминален програм и со силна и стабилна организациска и хиерархиска структура“.[4]

Криминалитетот поврзан со дрогата, нелегалното производство, пуштањето во промет, како и наркоманијата со сите нејзини девијантни појави кои произлегуваат од неа, најчесто во литературата според различни автори се разгледува во неколку сегменти. Според криминолошкиот лексикон на Бошковиќ М.[5] во криминолошка смисла, како што тој го нарекува „наркомански криминалитет“, постојат три видови криминалитет: првиот е поврзан со нелегалното производство и трговија со дроги, вториот се поврзува со извршувањето кривични дела под влијание на опојни дроги, кои ги извршуваат консуматорите на дрога т.е уживателите и третиот – поврзан со меѓународното криумчарење, односно меѓународните нелегални канали за криумчарење и недозволена

[3] Водинелић, В., Алексић Ж., *Основни криминалистичке методике*, Београд, 1978, .стр. 196.
[4] Turone, X.: *Trgovija so droga i organiziraniot criminal*, Bezbednost br. 1-2, Skopje, 1996, str. 85.
[5] Bošković, M., *Kriminolški leksikon*, Novi Sad, 1999, str. 200.

трговија со дрога. Доколку се погледне литературата на Ѓорѓевиќ З.[6],под криминалитет поврзан со дрогите и нивната злоупотреба се подразбира вкупност на извршени кривични дела поврзани со наркотиците, а таа поврзаност се манифестира на два начини: првиот се однесува на криминалитетот на зависниците (уживатели − наркоманите) и другиот криминалитет кој се поврзува со нелегалното производство, криумчарење, дистрибуирање и продажба на дрогите и овозможување нивна злоупотреба.

Според дефинициите, системот на нелегално производство, трговија и пуштање во промет на дрога, психотропни супстанции и прекурсори е хиерархиски структуиран. Тоа значи дека има пирамидална поставеност и секој во таа пирамида, по правило го познава и има контакт само со оној со кој има непосредна врска, односно има контакт со лицето од кое ја набавило дрогата и лицето на кое ја продава таа дрога. На самото дно на пирамидата, се наоѓаат ситните улични дилери на дрога кои најчесто се лица корисници на дрога, зависници. Мотивот за ваквото нивно криминогено однесување е да обезбедат ситни финансиски средства, а неретко и без никаков надомест, само да земат дел, да „штековаат“ по некој грам за лична употреба. На второто ниво на пирамидата се наоѓаат поголемите трговци со дрога. Во оваа зона припаѓаат луѓе − трговци, за кои недозволната трговија на дрога претставува нивна единствена професија. Тие всушност се комуницијата со „дилерите“, додека комуникацијата со врвот на пирамидата се одвива преку доверливи лица во исклучителни и неопходни случаеви. Заради заштита од органите на прогон, нивната комуникација најчесто е со жаргони и шифрирани зборови. Карактеристично за овој тип пирамидална поставеност е организациската хиерархија и дисциплина, контролата на квалитетот на дрогата како и нејзината цената. Секое непочитување на хиерархијата, мешање на пазарите со други криминални групи неретко доведува до пресметки, па дури и со смртни последици.

Во Република Македонија кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ е класифицирано во Глава XXI како „Кривично дело против здравјето на луѓето и се инкриминирани по чл. 215“.

[6] Ђорђевић, З., *Нарко-криминал-кривично правни и криминалистички аспекти,* Нови Пазар, 2006, стр. 28.

Криминалистичката истрага и докажувањето на ова КД ги опфаќа кривичните дела кои се извршени со недозволено производство и трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори, а всушност опфаќа,  неовластено производство, преработка, продажба или нудење во продажба, купување заради продажба, држење, пренесување или посредување во продажба, односно купување или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

Цели на овој закон се: спречување и сузбивање на злоупотребата на опојните дроги и психотропни супстанции; спречување на недозволено производство и промет на опојни дроги, психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога, и супстанции кои можат да се употребат за производство на опојни дроги или психотропни супстанции и заштита на животот и здравјето на луѓето и контрола врз опојните дроги и психотропните супстанции.

## 2.2 Појмовно - категоријален апарат

Во овој дел терминолошки ќе ги дефинираме специфичностите на поимите кои непосредно се употребуваат во истражувањето.

- **Недозволено производство** – казнено-правната дефиниција на кривичното дело недозволено производство се состои всушност во тоа што сторителот на ова дело неовластено кај себе држи забранети супстанции кои се наменети за производство или пак обработува одредени супстанции преку кои се добива забранет производ (дрога) со намера истата понатаму да ја стави во промет.
- **Недозволена трговија** претставува активност кога сторителот неовластено купува, продава или разменува предмети или стоки од поголема вредност, чијшто промет е забранет или ограничен, ако не постојат обележја на некое друго дело. Неретко организирајќи и мрежа на препродавачи или посредници. „Основна цел на оваа активност е стекнување материјална корист која се остварува со избегнување на плаќање царина и на разлика во цената при купопродажбата на вредностите“. [7].
- **Дрога** се сите дроги, природни или вештачки кои предизвикуваат опасност и кои имаат способност да влегуваат во интеракција со живите организми,

[7] Vodilenic, V. I Aleksic, Z.: *Osnivi kriminalisticke metode,* Beograd, 1978, str.7.

предизвикувајќи притоа состојба на психичка и физичка зависност или двете (dependenc produci drugs).[8]

- **Природни дроги** се произвoди од природно потекло и хемиски супстанции кои заеднички дејствуваат кон нарушување на здравјето на луѓето. Едни од најпознатите природни дроги се: опиум, морфиум, рачача, хероин, хашиш и хашишово масло, мариуана, кокаин, крек, ефредин и други.[9]

- **Синтетички дроги** се сите хемиски супстанции кои се произведуваат со цел да се добие супстанција која би имала слични дејства како природните дроги. Синтетички дроги во светот има повеќе од илјада видови, а кај нас најпознати се: Амфетамин, Метамфетамин, LSD-халуциногена дрога, Екстази, Кетамин, Тилетамин, Мескалин, Псилоцилин, Фенилетиламин и др.[10]

- **Наркотична (опојна) дрога** е секоја супстанција од растително или синтетичко потекло, со чија употреба можат да се создадат состојби на зависност, што можат да предизвикаат оштетување на здравјето или на друг начин да го загрозат човековиот интегритет во физичка, психичка или социјална смисла. Според истиот закон, за опојни дроги се сметаат и сите психотропни супстанции.[11]
- **Психотропни супстанции** − секоја супстанција од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука од надлежен орган на Република Северна Македонија; врз основа на која една супстанција, односно растение се квалификува за опојна дрога, односно од кое може да се добие опојна дрога или психотропни супстанции;[12]
- **Прекурзор** е секоја природна/вештачка супстанца или смеса која може да се употреби во производство на опојни дроги, како и производите со природно

[8] Дефиниција на Светската Здраствена Организација, Женева,1974

[9] Николоска, С., *Методика на истражување на општтиот криминалитет,* Факултет за безбедност, Скопје, 2015, стр. 479.

[10] www.elitesecurity.org пристапено 01.12.2024
[11] Закон за производство и промет на опојни дроги, Сл. лист на СФРЈ бр,13/91, преземен како републички закон;
[12] Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, *Сл. весник на РМ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/165, 52/16, пречистен текст, 2021, https://diz.gov.mk/wp-content/uploads/.pdf.*

потекло од кои лесно се екстрахираат прекурзорите, во кои не припаѓаат лековите, фармацевтските препарати или други препарати што содржат прекурзори составени на начин што тие не можат лесно да се употребуваат, ниту да се екстрахираат (извлечат) на лесен, едноставен и економско исплатлив начин.[12] Истите се распоредени во листата на прекурзори во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган во Република Северна Македонија[13]

- **Криминалистико истражување** – претставуваат дејствијата кои ги преземаат безбедносните служби во координација со ЈО, примена на оперативна техника со примена на ПИМ мерки. Со нив се доаѓа до факти или основи на сомненија кои укажуваат на постоење (или непостоење) на кривично дело и откривање на сторителите. Трагите како и предметите (дрога, средства за производство, средства за транспорт, пакување и сл.) кои ќе бидат пронајдени со нив, а кои содржат битни криминалистички информации, се фиксираат, се обезбедуваат по што се земаат на строго определена процедура на начин пропишан со СОП (стандардна оперативна процедура) при МВР и понатаму истите претставуваат доказен материјал во текот на кривичната постапка.
- **Оперативно-тактички мерки -** се мерките кои се преземаат како вонпроцесни дејствија или цели зафати во оперативната дејност (во криминалистичката контрола и криминалистичката обработка), со кои заради разјаснување на некој кривичен настан се откриваат и криминалистички се обработуваат носители (извори) на криминалистички (оперативни) информации и нивната содржина (т.е. обликот, квалитетот и другите карактеристики на самите информации), а според содржината и значењето за откривање и спречување на криминалитетот имаат репресивен и превентивен карактер.[14] Тоа се мерки и активности кои ги преземаат безбедносните служби во криминалистичката контрола и обработка на добиените информации, односно постапување на полициските службеници по пријава од граѓанин, информатор, сведок, инспекциски и други служби и слично, а се во

[13] Закон за прекурзори, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија", кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори, објавен во "Службен весник на РМ" бр.149/15

[14] Ангелески, М., *Криминалистичка тактика I,* Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007, стр. 12.

согласност со однапред пропишани и предвидени стандардни процедури во МВР на РСМ.

- **Докажување** – Согласно СОП за недозволена трговија со дрога, предметниот материјал (зеленкаста материја, прашкаста материја, опрема, средства за транспорт и сл.) коишто имаат траги, со наредба од надлеженото Јавно обвинителство ќе бидат вештачени со примена на соодветни методи заради обезбедување докази, во соодветна овластена институција за вештачење. (МВР − Сектор за криминалистичко-лабораториски испитувања, Одделение за токсикологија и дроги)
- **Предистражната постапка** е неформална постапка за прибирање што повеќе докази, во фаза кога кривичното дело или сторителот на истото сè уште не се откриени во целост. Оваа предистражна постапка ја спроведува полицијата по службена должност или по барање на надлежното јавно обвинителство. За таа цел полицијата во текот на предистражната постапка може да бара потребни известувања од граѓани (но не и во својство на обвинет, сведок или вештак), да сопре, да легитимира и да изврши потребен преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж ако постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ, да пренасочи, насочи или ограничи движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време (до 6 часа), да преземе потребни мерки заради утврдување на идентитетот на лицата и предметите, да зема отпечатоци, примерок за ДНК анализа и да фотографира, да спроведе потрага, распише потерница по лицето и објава по имотот и имотната корист или по предметите по кои се трага, да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица, да оствари увид во определена нивна документација и да изврши препознавање.
- **Истражната постапка** се поведува против определено лице за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело, а делото се гони по службена должност. Истражната постапка ја спроведува надлежниот јавен обвинител, а притоа на располагање ја има правосудната полиција. Цел на истражната постапка е да се собираат што повеќе докази и податоци кои би му биле потребни на јавниот обвинител за да може да одлучи дали ќе поднесе обвинение пред надлежниот суд

или ќе се откаже од кривичното гонење. Во текот на истражната постапка, јавниот обвинител може согласно одредбите од ЗКП да презема истражни дејствија како што се: претрес, привремено обезбедување и одземање предмети или имот, испитување на осомничениот, испитување сведоци, определување вештачење, увид и реконструкција и посебни истражни мерки (ПИМ).

- **Посебни истражни мерки (ПИМ)**
  - Следење и снимање телефонски и други електронски комуникации;
  - Следење и снимање дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како правен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникации;
  - Тајно следење лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;
  - Таен увид и пребарување во компјутерски систем;
  - Автоматско или на друг начин пребарување и споредување лични податоци;
  - Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации;
  - Симулиран откуп на предмети;
  - Симулирано давање и примање поткуп;
  - Контролирана испорака и превоз на лица и предмети;
  - Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи;
  - Отворање симулирана банкарска сметка;
  - Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање информации

### 2.3 Операционално определување на предметот

**Услови:** Условите од кои зависи криминалистичкото истражување и докажување КД најпрво зависи од природата на извршувањето, објектот на напад, развиеноста на нивото на безбедност и софистицираноста на мерките и опремата за борба против криминалот. Од сето ова во суштина зависи мотивацијата и потенцијалот на сторителите

да го извршат кривичното дело „Нелегално производство и трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори.“

**Учесници:** Како субјекти кои учествуваат во криминалистичкото истражување и докажување се МВР, СВР – Битола  (Сектор за внатрешни работи – Битола). Тоа значи дека како непосредни учесници се јавуваат полициските службеници.  Субјектите пак, кои ги извршуваат ова КД, се сторители, самостојно или организирани во група, од РС Македонија или надвор од неа и вршат недозволено производство и трговија со дрога, а последици врз здравјето можат да имаат луѓе  во РС Македонија или надвор од неа.

**Мотиви, интереси и цели:** Мотивите, интересите и целите на потенцијалните сторители се да го извршат ова КД на најбрз и најлесен начин, успешно да ја произведат и транспортираат дрогата, успешно да побегнат од местото на злосторството (физички присутни), а без притоа да остават какви било траги,  и да не бидат откриени и докажани сторителите од страна на безбедносните служби. Целта на криминалните дејствија од овој вид е стекнување со противправна имотна корист.

**Активности:** Активностите при криминалистичкото истражување и докажување КД се манифестираат со континуирана прогноза и  проценка на ризикот од нови зависници, комуникација со зависниците и нивните семејства, систематско  обработување на добиените информации со примена на оперативно-технички мерки, собирање оперативни сознанија, координација, ОЈО-примена на ПИМ, регионална и национална соработка, собирање докази и подготовка на целиот кривично-правен настан со соодветните упатства и процедури од СОП за недозволено производство и пуштање во промет  дрога, психотропни супстанции и прекурсори**.**

**Методи и средства:** Методите кои ги применуваат сторителите на  КД – „Недозволено производство и пуштање во промет  наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори“, се јавуваат во најразлични форми: недозволено производство, недозволено преработување, продавање, држење заради продажба, нудење продажба, или купување заради продажба, пренесување или транспортирање, посредување во купопродажба или на друг начин пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори.

**Резултати:** Резултатите кои се постигнуваат со криминалистичкото истражување и докажување се всушност откривање на сторителите на КД, собирање докази кои ќе бидат употребени во кривичната постапка сè со цел Обвинителството да покрене што поквалитетно и издржано обвинение пред судот, за судот потоа да може да донесе пресуда која репресивно ќе делува и со тоа ќе се намали овој вид криминалитет. Од друга страна, целта која сакаат да ја постигнат потенцијалните сторители е на брз, безбеден и лесен начин противправно да се стекнат со имотна корист.

## 2.4 Дисциплинарно одредување на истражувањето

Предметот на ова истражување е составен од неколку гранки: првата припаѓа на општествените науки, од научните области на безбедноста (криминалистика, криминологија, полициски науки), од правните науки (кривично-материјално и кривично-процесно право) и од општествените науки (методологија на истражување на безбедносните појави и методологија на истражување на криминалитетот).

- Преку проучување на криминалистичките карактеристики на недозволеното производство и трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори ќе бидат анализирани криминалистичките истраги и методологијата на докажување (обезбедување предметен материјал). Ова истражување ќе биде во рамките на криминалистиката. Преку преземање оперативно-тактички мерки и активности, криминалистичката истрага директно се поврзува со криминалистичката тактика, како дел од криминалистиката, а додека преку обезбедувањето на предметните материјали како докази и нивни вештачења, се поврзува со криминалистичката техника. Доколку пак се разгледува начинот на откривање и докажување на кривичното дело, се поврзува со криминалистичката методика.
- Ќе се проучуваат криминолошките карактеристики на ова КД, како би се изградила стратегија за негова репресија и превенција.
- Поврзаноста со полициските науки ги опишува всушност надлежностите и овластувањата на полицијата кои таа ги има при криминалистичката обработка, криминалистичката контрола и докажувањето на КД.

- Одредувањето во рамките на кривичното право, поконкретно на посебниот дел од кривичното право, се согледува преку проучувањето на кривично-правните аспекти на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. За поблиско сфаќање на споменатото кривично дело, потребно е објаснување на неговите кривично-правни карактеристики: законското битие, активниот субјект на кривичното дело − извршителот, пасивниот субјект − оштетениот, соучесништвото, соизвршителство и нивната регионална, национална и меѓународна поврзаност.
- Истражувањето се одредува и во рамките на кривично-процесното право. Од тој аспект за откривање и докажување на ваквите криминални активности се преземаат комплексни истражни дејствија како што се: увид, претрес на дом и лице, испитување обвинет, сослушување сведоци, примена на ПИМ и вештачење предметен материјал.
- Врската со методологијата на истражување на безбедносните појави и методологијата на истражување на криминалитетот се гледа преку примената на методи и техники за проучување на недозволеното производсто и трговија со дрога, како штетни и опасни поведенија по здравјето на луѓето.

# 3 ВРЕМЕНСКО И ПРОСТОРНО ОДРЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето ќе се задржи на проучување на карактеристиките, начинот и видот на криминалистички истраги и докажување на КД „***Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори***“ во периодот од 2019 до 2023 година во РС Македонија при што посебно ќе се стави акцент на Секторот за внатрешни работи − Битола[15]. Сектор за внатрешни работи − Битола, со седиште во Битола, за вршење полициски работи на подрачјето на општините Битола, Демир Хисар, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод, Могила, Новаци, Пласница, Прилеп и Ресен и покрива територија од околу 4.717 км$^2$, а опслужува приближно 207.955 жители. Основна надлежност на министерството за внатрешни работи,

[15] Законот за полиција, Сл. весник на РМ бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22.

сектор − Битола е да обезбеди: заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело, одржување на јавниот ред и мир, укажување помош и заштита на граѓаните и други работи утврдени со закон.

Периодот од пет последователни години е доволен за да се проучат, анализираат и презентираат податоците кои се однесуваат на криминалистичките истраги и собирањето на докази од страна на МВР.

Основна цел на истражувањето е да се запознаеме со општествено негативната појава од извршувањето на кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога и нивните штетни последици врз општеството. Исто така да се даде една поголема актуелност на овој проблем со што би се подигнала на едно повисоко ниво и безбедност. За таа цел потребно е домашното, регионалното и европското законодавство да се усогласат (посебно земјите од опкружувањето) во најголем дел заради превенција, откривање и сузбивање на криминалот кога станува збор за злоупотребата на дрога.

## 4 ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Генералната цел** на овој труд ќе биде преку научно-истражувачките методи да се даде научна дескрипција и објаснување за безбедноста преку појмовното дефинирање на недозволеното производство и пуштање во промет на дрогата, психотропните супстанции и прекурсорите, како и да се дојде до современите и најразличните modus operandi на извршување на кривичните дела поврзани со нелегалното производство и пуштање во промет на дрога, психотропни супстанции и прекурсори, како и потребата од усовршување и осовременување на оперативно-тактичките мерки кои се применуваат со цел спречување и откривање на овие кривични дела, докажување и разгледување на

нивната распространетост на територијата на Секторот за внатрешни работи − Битола и со анализирање на ова КД да бидат препознати недостатоците, пропустите и слабостите. Со тоа ќе се создаде квалитетна платформа за подобрување на борбата против недозволеното произодство и трговијата со дрога на подрачјето на СВР–Битола но и генерално во РСМ.

Како резултат на ваквите истражувања, неопходно е да се биде во тек со времето и да се иницира примена на одредени криминалистички мерки (оперативно-тактички и форензичко-технички мерки и активности и истражни дејствија) за поуспешно откривање и докажување на ова КД, со цел обезбедување на што поквалитетни докази кои ќе бидат употребени во кривичната постапка за откривање, сузбивање и расветлување на овој организиран тип на криминал, а со тоа и можност судот да носи издржани пресуди.

Кратко кажано, основна цел на ова истражување се теоретските и емпириските сознанија на влијанието на нелегалното производство на (природни и синтетички дроги) и трговијата со истите на емпириско-пандемискиот развој, како и нивниот одраз на вкупната безбедност, а исто така и утврдување на причините и условите кои доведуваат до јавување и ширење на недозволеното производство и трговијата со дрога, психотропни супстанции и прекурсори.

**Практични цели и задачи** на научно-истражувачката работа се добивање квалитетни и навремени сознанија во врска со недозволеното производство и трговијата со дрога, психотропни супстанции и прекурсори.

- Добивање сознанија за состојбата со овој тип на криминал во период од 2019 г. до 2023 г. на подрачјето на СВР Битола;
- Улогата на полицијата, сознанија за нејзината ефикасност и ефективност во борбата против овој тип криминал на подрачјето на СВР Битола;
- Сознанија за позитивните искуства и нивна афирмација, (врз основа на компаративен метод) за регулираноста на оваа област во однос на соседните земји како и искуствата од останатите СВР при МВР, во однос на современите можности за производство и трговија–шверц со дрога;
- Сознанија за користењето истражни мерки;

- Сознанија за користење на ПИМ;
- Сознанија за поднесени кривични пријави и колку од истите се процесуирани;

## 5 ХИПОТЕТИЧКА РАМКА – ХИПОТЕЗИ

Проучувањето на начините на кои се манифестира недозволеното производство и трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори ќе ни овозможи да се детектираат недостатоците и слабостите на безбедносниот систем, а од тоа се јавува потребата од нудење конкретни решенија за спречување на овие криминални активности, кои претставуваат дел од политиката за превенција и сузбивање на криминалитетот воопшто.

**Генерална хипотеза:**

- **Ризиците/заканите од овој тип организиран криминал се зголемуваат и зависат од оперативното криминалистичко истражување и докажување .**

  Современите и најразлични modus operandi на извршување недозволено производство и недозволена трговија со droги, психотропни супстанции и прекурсори налагаат потреба за усовршување и потрага по современи оперативно-тактички мерки кои се применуваат во методиката, со цел ефикасно спречување и откривање на кривичното дело.

**Посебни хипотези:**

- Проучувањето на недозволеното производство и трговијата со дрога, психотропни супстанции и прекурсори придонесува за детектирање на пропустите и слабостите на безбедносниот систем.
- Професионалноста на субјектите задолжени за безбедноста и спречувањето на недозволено произодство и трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори за успешна реализација и спречување на евентуалните обиди.
- Непримената на професионални стандарди создава поволна клима за недозволено производство и трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори.

- Висината на имотната корист влијае врз одлуката на потенцијалните сторители на недозволеното производство и трговијата со дрога, психотропни супстанции и прекурсори.
- Извршителите најчесто се лица од машка популација во старосна граница до 35 год.
Синтетичките дроги се оние дроги кои се прават од одредени хемикалии, и уште се познати како дизајнерски дроги или како клупски дроги. Таквите дроги се произведуваат во нелегални лаборатории и во суштина, тоа е експеримент на хемичарите направен за да се создаде нов вид на дрога која можат на нелегален начин да ја продаваат и на тој начин противправно да се стекнат со одредена парична корист. За да се произведат синтетичките дроги потребни се различни видови хемикалии, кои се набавуваат најчесто од Кина, но и од други земји низ светот и низ илегални канали се доставуваат до нелегалните лаборатории. Опасноста од синтетичките дроги вушност се поврзува со непознатите состојки и неконтролираната содржина во истите, а тоа на корисниците му прави особени тешкотии да ги сфатат нивните опасни ефекти. Повеќето од овие дроги се консумираат со голтање, но има и такви кои се консумираат со шмркање, инјектирање или со вдишување. Овие дроги на корисникот му даваат привремена еуфорија, релаксација или стимулација, но овие позитивни ефекти на дрогата брзо се намалуваат и настапуваат силни негативни ефекти кои се многубројни, кои резултираат со сериозни здравствени проблеми, вклучувјаќи и смрт.

Најчести синтетички дроги кои се среќаваат на нелегалниот пазар се: амфетамин, метамфетамин, LSD, екстази, кетамин, илетамин, PCP и други. Се претпоставува дека

---

[55] Станојковић, Б. В *Социјални аспекти наркоманије младих као узрок безбедносних проблема*

бројот на новите синтетички дроги се зголемува со голема брзина и на нелегалниот пазар се сретнуваат огромен број синтетички дроги и супстанции. Во основа борбата со нелегалните синтетички дроги на нелегалниот пазар вушност е борба со нелегалните хемикалии кои се набавуваат за производство на овој тип дроги.

## 3 ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ „НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА НА ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ''

Недозволена трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурсори во поширока смисла на зборот го опфаќа целокупниот процес, започнувајќи од нелегалното производство, обработката, дистрибуирањето на истите, како и начините на шверцување и кршење на законите или меѓународните ковенции. Во потесна смисла на зборот недозволена трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурсори всушност подразбира нелегално производство и дистрибуција, со крајна цел таа да стигне до корисниците и уживателите.

Недозволената трговија, претставува еден вид „црн пазар" каде што се одвива нелегална купопродажба од која се остварува и голем профит. Во случајов станува збор за нелегална купопродажба на дрога, психотропни супстанции и прекурсори или кратко речено нарко-трговија. Овој „црн пазар" го опфаќа и нивното производство, прекуграничното дистрибуирање односно шверцување и на крајот продажбата на дрогите коишто се забранети со закон. Под поимот „црн пазар" или црна економија, се подразбираат економските активности кои се преземаат во една држава надвор од рамките на правниот систем кој ги има уредено една држава.[56] Под таквите нелегални активности може да се подразбере давање услуги или продажба на секој вид роба при што се избегнуваат законските процедури за плаќање данок и други придонеси во буџетот на државата. Црниот пазар е местото каде се врши продажба на стока и услуги кои со закон се забранети, а најчесто облици за трговија се трговијата со дрога, оружје, трговијата со луѓе, со мигранти, но и со аналгетици и хемиски супстанции кои потоа се користат за нелегално производство на наркотични средства, и слично.

[56] http://vesti.mk/news/6962858/otkriena-laboratorija-za-droga-vo-novo-lisiche пристапено 24.12.2024год.

Доколку „недозволената трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори“ се разгледува според своето дејствување, можеме да забележиме повеќе различни форми. Почнувајќи од оние поедноставните, до оние сложените каде има меѓусебна поврзаност на криминални организации, кои делуваат од различни држави и се специјализирани за различни работни сегменти. Кога зборуваме за различни сегменти се мисли на производител на суровини, производство на дрога, криумчарење, до непосредните дистрибутери - познати како дилери па сè до крајните уживатели. Под поимот „трговија“ се подразбира, „купување, продажба на производи и вршење на услуги во трговијата од страна на претпријатијата и други правни и физички лица, регистрирани за вршење трговија“. [57] Под поимот „недозволена трговија“ се подразбира „неовластено купување, продавање или разменување предмети или стоки од поголема вредност, чијшто промет е забранет или ограничен.“[58]

При анализата на сите претходно изнесени поими, зборови и термини, може да се дојде до заклучок дека сите означуваат нелегална дејност, нешто што доаѓа во судир со позитивните прописи на нашата земја.

Трговијата со дрога во најголем дел од земјите е забранета и е инкриминирана во Кривичните законици како кривично дело кое е казниво. Во РС Македонија недозволената трговија како кривично дело поврзано со дрога е инкриминирано во XXI глава од Кривичниот законик каде неовластеното производство и пуштање во промет т.е. нелегалната трговијата на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори е предвидено со член 215 од КЗ на РСМ. Во различни земји висината на казната за недозволена тровија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори е различна, а има и земји каде овие казни се доста високи, па дури и во земји како што се Кина, Иран или Сингапур се казнува и со смртна казна.

[57] Закон за трговија, Сл. весник на Република С. Македонија, бр. 23/95.

[58] Камбовски, В. *Кривичен Законик со краток коментар, објаснување и регистар на поими*, Скопје, 1996, стр.224.

## 3.1 Облици и криминални активности во врска со недозволената трговија со дрога

Претходно утврдивме дека трговијата со дрога е недозволена трговија која е уредена со соодветни законски прописи и во зависност за која земја станува збор има различна законска регулативна со која се ограничува или пак целосно се забранува прозиводство, консумирање и тргување со забранети супстанции. Криминалните структури во извршувањето на нивните криминални активности кои се поврзани со недозволената трговија со дрога, психотропни супстанции и прекурсори, користат разни форми на делување со цел остварување на нивната цел, а тоа се следните фази: производство на дрога, обработка на дрога, купување дрога со цел продажба поради остварување профит, продажба на дрога и изнаоѓање дилери за таа цел, посредување при транзит и транспорт на дрога со цел продажба на истата, складирање дрога за подоцна да биде продадена или дадена на користење на друго лице.

Сите овие активности, криминалните групи ги реализираат со една единствена цел, а тоа е остварување противправна имотна корист, односно заради остварување профит. Криминалните групи имаат совршено уредени организациски структури, каде што активностите се извршуваат врз основа на претходно направена распределба на работите од страна на т.н. водичи на овие групи. Најчесто активностите се организирани во три фази и тоа: 1. Увоз или производство на дрога; 2. Продажба на дрога во големи количини; 3.Малопродажба на дрога до крајни корисници.

Меѓутоа, за да може да се остварат овие активности ангажирани се и лица за организирање на транспортот на дрогата - транспортери, потоа по пристигнувањето на стоката на дадена локација ангажирани се лица за складирање, чување и препакување на дрогата и на крај дилери, за дистрибуирање на дрогата до корисниците т.е. зависниците.

Во прирачникот за безбедносен менаџмент од проф. Д-р Малиш-Саздовска разработени се подетално различни видови на организирање на криминалните групи и истите се прикажани со примена на матриците.

- **„Стандардна хиерархија“,** претставува слободна хиерархиска група со силни внатрешни системи на дисциплина. Се карактеризира со еден лидер, јасен

хиерархиски систем и негова строга дисциплина врз истата, а неговиот идентитет најчесто е со одредено име односно прекар.



*Стандардна хиерархија*

- **„Регионална хиерархија“,** се карактеризира со слободна раководна структура и линија на командување од центар со степен на автономија на регионално ниво, географска (регионална) дистрибуција со силен социјален и етнички идентитет каде од суштинско значење на активностите е насилството.



*Регионална хиерархија*

- **„Кластери“** – претставуваат збир т.е. спојување поголем број криминални групи и се карактеризираат со управувачки систем на огранизирање на групите, што значи дека сите подеднакво се вклучени во одлучувањето, со посилен идентитет и автономија во составните групи.



*Кластери*

- **„Основна група или јадрена група“** – релативно тесно поврзани, опкружени со лабави мрежи и се карактеризираат со ограничен број поединци, тесно организирана рамна структура, ретко има социјален или етнички идентитет и мала големина која одржува внатрешна дисциплина. За разлика од хиерархиите, јадрената група има рамна организациска структура во која сите учесници ја делат моќта. Таа се состои од мал број индивидуи и тоа им овозможува многу полесно да го одбегнуваат мешањето од страна на законот и да ја одржуваат внатрешната безбедност. Групниот идентитет се одржува со самите нелегални активности, но со него не се поврзуваат никакви изразени социјални или етнички идентитети. Таквата организација ретко е позната под некое специфично име и за јавноста и за спроведувачите на законот.



*Основна (јадрена) група*

- **„Криминална мрежа“** – лабава мрежа на поединци, која често се потпира на одредени вештини на клучни поединци, а главни карактеристики се:
  - Се препознава по активностите на клучните индивидуалци,
  - Истакнување во мрежата е со одредени контакти/вештини способности,
  - Личната лојалност/поврзаност е поважна од социјаниот/етничкиот идентитет
  - Врските во мрежата опстануваат поради поврзувањето околу сериите на криминални проекти,
  - Не се истакнуваат во јавноста и ретко се познати под некое име,
  - Мрежата се реформира по излегување на клучните индивидуалци.

Членството, обликот и организациската поставеност на мрежата се дефинирани со учеството на тие индивидуи во неа во некој конкретен момент. Индивидуалните специфични вештини, нивните финансиски ресурси, врските во политичкиот живот и така натаму, ја одредуваат важноста на учесниците во мрежата. Во неа нема чувство за етнички или за социјален идентитет, ами само за лична лојалност кон самата акција. Мрежите се создаваат, се преобликуваат и се иницираат околу низа постојани криминални проекти. Одредени индивидуи доаѓаат и си заминуваат од мрежата, па така организацијата постојано се преобликува од еден до друг проект. Криминалните мрежи имаат многу низок профил во јавноста и никогаш не се идентификуваат по име или по некој атрибут освен со самото учество на индивидуите во мрежата.



*Криминална мрежа*

Ова се пет идеални типови. Оваа класификација не значи дека сите криминални организации потполно се вклопуваат и припаѓаат во некој од овие конкретни типови, туку дека преовладувачките карактеристики на повеќето можат да се подведат под некој од овие типови.[59]

Покрај овие сложени активности кои се организирани од страна на криминални организирани групи, постојат и други облици и форми на недозволена трговија со дрога, а тоа се оние поединци – производители, кои имаат свои насади на дрога за лично користење, како и поединци кои вршат домашно производство на синтетички дроги кои исто се наменети за лично користење или продажба во опкружувањето.

[59] Малеш-Саздовска М., *Прирачник за безбедносен менаџмент(второ издание),* Факултет за безбедност, Скопје, 2021г., стр.72,73,74

# ДЕЛ IV

# КРИВИЧНО-ПРАВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО „НЕОВЛАСТЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ“

## 1. ОСНОВИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

Кривичните дела против здравјето на луѓето се дела пропишани во глава XXI во Кривичниот законик на Република Северна Македонија[60] под наслов Кривични дела против здравјето на луѓето.

Објектот на заштита на овие кривични дела, е ист како и кај кривичните дела против животот и телото, меѓутоа во овој дел се работи за заштита на овие добра од малку поинаков аспект, затоа што тука државата настапува преку нејзината социјална функција односно настојува да го заштити здравјето на населението. Заштитата е од ризичните услови кои се јавуваат во современиот начин на живеење. Ова се кривични дела кои се општоопасни дела против здравјето на повеќемина т.е. неопределен круг на лица и не се однесуваат против здравјето на поединецот. Акцентот во овој труд ќе се стави на кривичното дело кое се инкриминира со сферата на наркоманијата односно на чл. 215 од КЗ на РСМ – Неовластено производство и пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори. Тука станува збор за апстрактно загрозување што значи дека со ова кривично дело не секогаш директно се врши конкретна штета врз здравјето на луѓето, туку со самото постоење и сторување, здравјето на луѓето е загрозено т.е. доведено е во опасност. Последиците од сторувањето на спомenатото кривично дело само по себе се однесува на особено штетните и негативни последици по здравјето и животот, а се мисли на оние кои посегнале да консумираат дрога, па токму поради тие причини законодавецот ги инкриминирал во кривичното законодавство. Како резултат на зголемувањето на бројот и видот на изворите на здравствената опасност и загрозување на

---

[60] Кривичен законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*

здравјето на луѓето, се исправаат дилеми пред кривично-правната теорија во однос на проширување на интерпретацијата од оваа област, како што е загрозувањето од социо-патолошките области, „болести“, каде пред сè се мисли на наркоманијата за чие искоренување е тешко да се преземат одредени мерки од сферата на кривичното право. Од тука произлегува и неможноста да биде санкционирано уживањето опојни droги, но можат да бидат законски ограничени определени придружни појави кои се во тесна врска со наркоманијата, од типот на производство и пуштање во промет на наркотична дрога, како и овозможување на истата на други лица или лице. Секогаш специфично и проблематично е инкриминирањето на уживањето на опојните дроги и кои би биле причините што би го оправдале истото. Според нормирањето во Кривичниот законик на РМС се констатира дека кај нас законодавецот се определил уживањето на опојните дроги да не го инкриминира, со оглед на индивидуалната, психолошката и социјалната детерминираност на уживањето дрога како појава.

### 1.1. Кривично-правно определување на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори“

Со кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од член 215,[61] законодавецот го инкриминира неовластеното произведување, преработување, продавање или нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување или посредување во продажба или купување или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Со оглед на тоа што уште на самиот почеток на членот, законодавецот го користи терминот „ТОЈ ШТО“, сторител на овој основен облик, на ова дело, може да биде секое физичко лице. Кривичната санкција која законодавецот ја предвидел за сторителот, доколку е исполнето битието на делото, најпрво е затворска казна од 1 до 10 години, која подоцна поради тежината на ова кривично дело, поточно во 2009 година, се зголеми па сега казната затвор е од 3 до 10

---

[61] Чл. 215 од КЗ на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/95, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18, 88/23.*

години, со што се подига минималната граница во изрекувањето на казната. Карактеристично е што како сторител на ова дело, покрај физичко, може да се појави и правно лице, па така предвидената кривична санкција е парична казна.

Опишаната инкриминација опфаќа, односно се појавува во два облици, неовластено производство и неовластена трговија.

Првиот облик го има неовластеното произведување или преработување на супстанции или други препарати што се прогласени за наркотични droги, психотропни сусптанции или прекурсори. Од суштината на самото пропишано дело, произлегува дека производството и преработувањето треба да се вршат со точно proопишана цел т.е. заради продажба, односно пуштање во промет, а не и заради задоволување на сопствените потреби. Вториот облик на дејствието на извршување е неовластеното пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции или прекурсори. Тоа најчесто се прави по пат на: продавање, нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување, или посредување во продажбата или купувањето, или на друг начин. За да постои делото не е важно времето кое поминало помеѓу производството и пуштањето во промет на наркотичната дрогата. Притоа не се казнува купувањето и држењето на наркотичната дрога ако при тоа се нема намера истата да се стави во продажба, посредување во трговијата, односно пуштање во промет, туку за свои сопствени потреби.

Имајќи предвид дека се работи за различни поими „недозволено производство“ и „недозволено пуштање во промет – (недозволена трговија)“ кои во нашето законодавство се третираат како две различни кривични дела, понатаму во трудот истите ќе ги разгледаме како посебни кривични дела.

Нелегалното производство е поврзано со ширењето на организираниот криминал и корупција, а особено во земји каде правниот поредок и државните институции не функционираат на завидно ниво, а со тоа не функционира ниту правниот систем. Нелегалното производсто како и недозволената трговија се смета како гранка која на криминалните групи им носи големи финансиски профити, а криминалот со наркотици го зазема клучното место.

Феноменолошкиот и криминалниот аспект на илегалното производство и прометот со наркотични средства, според професорот Владо Камбовски, се однесува на

злоупотребата, односно користењето на различни психоактивни супстанции, надвор од нивната ограничена и дозволена употреба за научни и медицински цели.[62]Во ова ситуација предмет на злоупотреба – илегално производство, промет, дистрибуција и користење, се различните опијати.

Со оглед дека се работи дело кое е доста тешко да се дефинира, единствен начин за да биде по сеопфатно разбрано, потребно е цитирање на законскиот текст во членот 215 од кривичниот закон на РС Македонија, ,,Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори'' кој гласи: **„Тој што неовластено организира, произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори''**, во врска со што се одредува и соодветна казна. Од самата дефиниција се гледа сложеноста на ово кривично дело, со оглед на тоа дека се налага потреба од разграничување што всушност во неговото битие претставува основен, квалификуван, а што евентуално посебен облик на делото. Основниот облик на делото е во став 1, додека во ставот 2 се одредуваат квалификациските околности на основниот облик со што на делото му се дава квалификуван вид односно отежнителни околности.

Според првиот облик, ст.1 − основниот облик го има неовластеното произведување или преработување супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Тоа значи дека неконтролираното дистрибуирање и појавата на дрогата во промет, на улица, доаѓа како резултат на нелегалното (неовластено) производство, а со цел продажба или пуштање во промет, а не е заради лични потреби.

Вториот облик, ст.1 − дејствието на извршување е неовластеното пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции или прекурсори, по пат на продавање, нудење на продажба или заради продажба купување, држење или пренесување ,или посредување при продажба. Делото треба да е умислено, сторителот на делото треба да биде свесен дека произведува или преработува, без соодветно овластување супстанции или препарати што се прогласени за наркотични дроги и психотропни супстанции или прекурсори, односно дека на кој и да е начин учествува во трговија со такви предмети.

[62] Камбовски В, ,,*Организиран криминал''*, Скопје 2005, стр.273.

Кривичните дела „нелегално производство“ и „недозволена трговија“ на дрога имаат голема сличност со илегалната трговија со која било друга стока што на нелегален начин се пренесува преку граница. Целта е јасна, избегнување на надлежните полициски и царниски служби. Меѓутоа, кривичното дело криумчарење и недозволена трговија, со кривичното дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, гледано од аспект на кривичната инкриминираност немаат блискост. Кривичното дело нелегално производство, што е опфатено во чл. 215 од КЗ на РСМ, се наоѓа во групата на кривични дела против „здравјето на луѓето“, дела со кои се штити здравјето на човекот што се нарушува со употреба т.е. злоупотреба на опојни дроги. Инкриминацијата на ова дело се состои од неовластено производство, преработување, продавање или нудење на продажба или на друг начин неовластено пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Блискоста на кривичното дело од чл. 215, со кривичното дело криумчарење и недозволена трговија се јавува тогаш кога предмет на криумчарење и недозволена трговија се наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Блискоста е воочлива, ако сторител сторил кривично дело криумчарење или недозволена трговија на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Би било правилно истиот да не се гони за кривично дело криумчарење и нелегална трговија, за кое дело пропишана е казна завор од 5 години, туку да биде гонет за кривично дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, кривично дело по чл. 215 од КЗ на РСМ за кое е пропишана казна затвор до 10 години.

## 2. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА КРИВИЧНО-ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ВО ВРСКА СО НЕДОЗВОЛЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА

До почетокот на 80-тите години, регулирањето на кривично-правната материја било исклучиво во надлежност на Федерацијата, со многу ограничени овластувања на републиките во своите закони да пропишуваат само поедини специфични кривични дела. Автономните покраини немале никакви законодавни надлежности во оваа област, така што уставот на СФРЈ од 1963 година го сврстува кривичното законодавство потполно под

законодавството на Федерацијата. Меѓутоа оваа концепција на единствено кривичено законодавство се напушта, па со уставот од 1974 година се преминува на поделба на законодавните надлежности помеѓу Федерацијата и федералните заедници. Федерацијата била надлежна во областа на општиот дел на кривичното право, уредувајќи ги општите услови и начела во изрекувањето санкции, условите за нивно гасење и рехабилитација, како и општите правила во примената на воспитните мерки и казнувањето малолетници. Посебниот дел на кривичното право бил поделен помеѓу Федерацијата и републиките, односно автономните покраини. Во 1976 која година?година донесен е кривичен закон на СФРЈ,[63] а во текот на 1977 година донесени се кривични закони на социјалистичките автономни покраини, меѓутоа, овие закони се повеќепати менувани и дополнувани, а посебно значење има Законот за измени и дополнувања на Кривичниот закон на СФРЈ од 28-ми Јуни 1990 год.[64]

Кон крајот на 80-тите години, се случиле значајни друштвено-економски промени. Процес на друштвени и правни дезинтеграции, чија основа поставена со уставот од 1974 година, кулминира со тенденција за одвојување на некои републики од составот на Југославија и нивно потполно осамостојување. Најпрво дошло до отцепување на Словенија а подоцна и на Хрватска, Македонија како и на Босна и Херцеговина. Република Србија и Република Црна Гора, со автономните покраини Војводина и Косово и Метохија, се здружуваат во заедничка држава Сојузна Република Југославија, чиј устав е донесен во 1992 година. Подоцна Црна Гора на референдум одржан на 21 Мај 2006 година изгласува независност, а на 3-ти јуни истата година ја прогласува и својата независност.

### 2.1. Кривино законодавство на Република Словенија

Кривичниот законик на Република Словенија, донесен е на седница на државниот сабор одржан на 20 Мај 2008 год. Кривичниот закон во глава 20 во групата „Кривични дела

---

[63] „Службени лист СФРЈ", бр. 44 од 8. X 1976, 36 од 15. VII 1977, 34 од 29. VI 1984, 37 од 13. VII 1984, 74 од 14. XI 1987.57 од 29. IX 1989, 3 од 19. I 1990, 38 од 6. VII 1990, 45 од 3. VIII 1990, 54 од 21. IX 1990.

[64] Н. Срзентић, А.Стајић, Љ. Лазаревић, *Кривично право Југославије, Савремена администрација*, Београд, 1994. стр. 67.

против здравјето на луѓето“ ја инкриминира злоупотребата на опојните droги со пропишување на две кривични дела:

- Неовластено производство и промет со забранети дроги, допинг супстанции и прекурсори за недозволено производство на дрога.
- Овозможување, уживање на забранети дроги или нелегални супстанции во спортот.

Првото кривично дело, неовластено производство и промет на забранети дроги, допинг супстанции и прекурсори за недозволено производство на дроги, регулиран е во КЗ на Република Словенија со **чл. 186 .**[65]

**Став 1** - Кој неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или кој прави, продава, купува, држи или пренесува или посредува при продажба или на некој друг начин става во промет опојна дрога, или супстанции кои се предвидени како забранети дроги, или нелегални дроги во спортот, или прекурсори за производсво на опојни дроги, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Став 2** – Кој продава, нуди на продажба или слободни делови од некои незаконски лекови или негови прекурсори за производсто на опојни дроги на малолетни лица, ментално болни лица, или лица со привремено ментално попречување, тешки ментални ретардации или на лице кое е на лечење од зависност или рехабилитација, или ако дрога користи во наставни или образовни институции или на јавни случувања, или ако делото од првиот став го изврши државен службеник, свештеник, лекар, социјален работник, наставник или воспитувач, искористуваќи ја својата положба или за извршување на делото користи малолетно лице, ќе се казни со затворска казна од три до петнаесет години.

**Став 3** – Ако делото од ставот еден и два од овој член, е извршено од страна на криминална организација или ако сторителот организирал мрежа од трговци и посредници, ќе се казни со затвор од пет до петнаесет години.

---

[65] Kazenski zakonik – uradno prečiščeno besedilo – KZ-UPB1 (Uradni list RS, št. 95/04 z dne 27. 8. 2004).

**Став 4** − Кој што неовластено произведува, набавува, посредува или дава на употреба опрема, материјали или прекурсори, знаејќи дека се наменети за производство на опојни droги или допинг средства, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

**Став 5** – Илегалните дроги или психотропните супстанции во спортот и средствата за нивно производство како и превозни средства кои се користат за транспорт и складирање на дрогата или средствата ќе се одземат.

Доколку се направи компарација со кривичниот законик на РС Македонија ова дело во суштина дословно е предвидено во ст.1 и во кривичниот законик на Република Словенија со таа разлика што таму законодавецот ги предвидел и нелегалните дроги во спортот. Може да се констатира дека затворската казна предвидена за ова кривично дело е различна. Во Словенија затворската казна е од една до десет години, а додека во РС Македонија истата е три до десет години, што во суштина кажува дека овој член од законот во нашето законодавство е поригорозен. Воочливо е дека кога е во прашање организирана група или мрежа и во двете држави затворските казни се над пет години.

Во овој дел со законодавството на Словенија особено се разликуваме во делот каде што законодавството таму предвидело посебен став каде како отежнителна околност се зема доколку нелегално се врши продажба на некои незаконски лекови или негови прекурсори за производство на опојни дроги на малолетни лица, ментално болни лица, или лица со привремено ментално попречување, тешки ментални ретардации или на лице кое е на лечење од зависност или рехабилитација, или ако дрога користи во наставни или образовни институции или на јавни случувања, или ако делото од првиот став го изврши државен службеник, свештеник, лекар, социјален работник, наставник или воспитувач, искористувајќи ја својата положба или за извршување на делото користи малолетно лице и притоа пропишани се затворски казни од три до петнаесет години.

## 2.2.Кривично законодавство на Република Хрватска

Одредбите кои се од значење за инкриминација на злоупотребата на опојните droги во позитивното право на Република Хрватска се содржат во Кривичниот закон којшто Хрватска го усвоила на тамошното собрание на 21 октомври 2011 година, а кој стапил на сила од 1 јануари 2013 година[66].

Новиот Кривичен закон во глава XIX во групата „Кривични дела против здравјето на човекот" ја инкриминира и злоупотребата на опојни дроги, пропишана со две кривични дела:

1) Чл. 190 − Неовластено производство и промет со наркотични дроги, и
2) Чл. 191 – Овозможување уживање на накротични дроги

Понатаму во овој дел ќе биде разгледуван Чл. 190.

Првото кривично дело од значење за инкриминација на злоупотребата на опојни дроги спрема законот од 2011 година пропишан е во **чл. 190** „Неовластеното производство и промет со наркотични дроги". [67]

**Став 1** − Тој што неовластено произведува или преработува супстанции кои со прописи се прогласени за дроги, ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години.

**Став 2** – Лице кое произведува, преработува, пренесува, извезува, увезува или поседува супстанции кои се наменети за неовластена продажба или на друг начин ги става во промет или неовластено ги нуди на продажба, продава или посредува во продажба или купува или на друг начин неовластено става во промет, ќе се казни со затвор од 1 до 12 години

**Став 3** – За лице кое нуди на продажба, продава или посредува во продажба на супстанции кои се прогласени за дроги на лица со тешки душевни пречки или на дете или пак тоа го стори во училиште или на друго место кое служи за образование, одгледување,

[66] К. Турковић, *Коментар казненог закона*, Загреб, 2013. Године.

[67] Kazneni zakon. Pročišćeni tekst zakona NN 125/11, 144/12, 56/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, 114/22, 114/23, 36/24 na snazi od 02.04.2024.

спортски или друштвени активности на деца или во нивна непосредна близина или во казнена установа или кој за вршење на делото искористил дете или ако тоа го сторило службено лице во врска со службата или со јавната функција која ја извршува, пропишана е казна затвор од три до петнаесет години.

**Став 4** – За лице кое организира мрежа на препродавачи или посредници поради сторување на ова кривично дело пропишана е казна затвор од најмалку три години.

**Став 5** – За потешки облици од ова дело пропишана е казна затвор од најмалку пет години за лица кои со сторувањето на основното дело предизвикуваат значајно оштетување на здравјето на поголем број луѓе или смрт на лицето на кое му продало супстанции или посредувало во нивната продажба.

**Став 6** − Пропишаната казна за полесен облик на ова кривично дело е казна затвор од шест месеци до пет години, за лице кое прави, набавува или поседува опрема, материјал или супстанции кои можат да се употребат за изработување на супстанции кои се прогласени за дрога, за кои истиот знае дека се наменети за нивно неовластено производство.

**Став 7** – Под производство на дрога во смисла на овој закон се смета и неовластено одгледување билки или печурки од кои може да се добие дрога.

**Став 8** – Согласно законот од сторителите ќе се одземат супстанциите кои се прогласени за droги, супстанциите кои можат да се употребат за нивна изработка, билки, печурки или делови од билки или печурки од кои може да се добијат овие супстанции, средства за нивно производство или преработување, превозните средства преуредени за сокривање на тие супстанции и средства за нивно користење.

**Став 9** – Законодавецот пропишал и можност за ослободување од казна на сторителот на ова кривично дело во кој било облик, ако истит доброволно и битно придонесол во откривањето на кривичното дело.[68]

---

[68] Х. Маквиќ, “*Декриминализација и легализација илегалних дрога*“,Загреб, 2003. стр. 74.

При компарацијата направена со законодавството на Република Хрватска воочлива е разликата уште во ст.1 каде што за разлика од нашето законодавство, овде законодавецот посебно ги сврстил оние кои нелегално произведуваат или преработуваат супстанции кои според закон се сврстени во групата на droги и предвидел затворска казна од шест месеци до пет години. Во следниот став 2 е вушност предвидено сѐ она што кај нас е предвидено во ст.1, но се разликува затворската казна предвидена за овие дела и во Република Хрватска изнесува од 1 до 12 години, а кај нас законодавецот предвидел затворска казна во траење од 3 до 10 години, од што се гледа дека долната граница кај нас е повисока за две години, но максималната затворска казна е пониска за две години.

Слично како и во словенското законодавство, така и во законодавството на Република Хрватска, законодавецот како отежнителна околност со посебен став (ст. 3) предвидел за лице кое нуди на продажба, продава или посредува во продажба на супстанции, кои се прогласени за droги, на лица со тешки душевни пречки или на дете или пак тоа го сторил во училиште или на друго место кое служи за образование, одгледување, спортски или друштвени активности на деца или во нивна непосредна близина или во казна установа или кој за вршење на делото искористил дете или ако тоа го сторило службено лице во врска со службата или со јавната функција која ја извршува, а за истото пропишана е казна затвор од три до петнаесет години.

Во делот во кој се работи за организирана група на сторители или мрежа, законодавецот во Република Хрватска, предвидел затворска казна од најмалку три години, што значи поблага казна во однос на законодавствата во Република Словенија и кај нас, каде за истото дело се предвидува затворска казна од најмалку пет години.

### 2.3. Кривично законодавство на Босна и Херцеговина

Парламентарното собрание на Босна и Херцеговина, на седница во Народниот дом, одржана на 18 јуни 2003 година, на седница на претставничкиот дом, одржана на 27 јуни 2003 година, усвоен е Кривичниот закон на Босна и Херцеговина. Со овој закон

предвидено е кривично дело „Неовластен промет на опојни дроги“ кој е регулиран со **чл. 195 од КЗ на БиХ**.[69]

**Став 1** – Тој што неовластено врши меѓународна продажба или пренос или нууди на продажба или поради продажба купува, држи, превезува или на друг начин неовластено става во меѓународен промет супстанции или препарати кои со пропис се пропишани како опојни дроги, ќе се казни со затвор од најмалку три години.

**Став 2** – Тој што организира група од луѓе поради сторување на кривично дело од став 1 од овој член, или кој станува член во таква организирана група, ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

**Став 3** – Тој што во меѓународни трансакции неовластено прави, набавува, посредува или дава на употреба опрема, материјали или супстанции притоа знаејќи дека истите ќе бидат употребени за производство на опојни дроги, ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

**Став 4** – Опојните дроги и средствата за нивно производство се одземаат.

На сторителот на кривичното дело од чл. 195 од КЗ на БиХ, може да му се изрече и мерка на безбедност, обавезно лечење од зависности и одземање на предметите, а постапката за изрекување на оваа мерка е согласно кривичниот законик на БиХ од 01.03.2003 год.

**Чл. 390 од ЗКП на БиХ** предвидува постапка во случај задолжително лечење од зависност.

**Став 1** − Околу примената на безбедносната мерка, задолжително лечење од зависност, судот одлучува откако ќе прибави докази и мислења на вештаци. Во своите наоди и мислења вештакот треба да се изјасни и за можноста за лечење на обвинетиот.

**Став 2** – Ако при изрекување на условната пресуда на обвинетиот за одредено лекување на слобода, истиот не подлежел на лечење или самоволно го напуштил

[69] Кpivični zakon, Bosne I Hercegovine ("Sl. glasnik BiH", br. 3/2003, 32/2003 - ispr., 37/2003, 54/2004, 61/2004, 30/2005, 53/2006, 55/2006, 8/2010, 47/2014, 22/2015, 40/2015, 35/2018, 46/2021, 31/2023 i 47/2023)

лекувањето или требало да се лечи, а по сослушување на обвинителот и обвинетиот се одредува отповикување на условната пресуда и се носи одлука за принудно да се изврши мерката за безбедност, задолжително лечење од зависност. Пред донесувањето на одлуката, судот по потреба ќе набави и мислење на лекар.

Во 2006 година донесен е закон за спречување на злоупотребата на опојни дроги во Босна и Херцеговина.[70] Според овој закон, поимот опојни дроги означува супстанции, од природно или вештачко потекло кои се ставени во листата на опојни дроги во склад со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги, психотропни супстанции и билки кои можат да се користат за производство на опојни дроги. Членот 2 од овој закон пропишува:

1. Основање посебен орган за борба против криминалот поврзан со користење дроги и сузбивање на злоупотребите со опојни дроги;
2. Сортирање на билките и супстанцоите како опојни дроги, психотропни супстанции, билки од кои може да се добие опојна дрога и прекурсори, според режимот на забрана или контролите кои се применуваат врз нив како и спрема нивните својства.
3. Цел и услови за дозволено одгледување на билки од кои може да се добие опојна дрога како и условите за произведување, промет и поседување на дрога, психотропни супстанции и билки од кои може да се добијат дроги и прекурсори.
4. Мерки за сузбивање на злоупотребата од опојните дроги.

Во Јули 2011 година Владата на БиХ усвои закон за измени и дополнувања на законот за спречување и сузбивање на злоупотребите од опојни дроги. Во Декември 2012 год. Владата формира работна група за правење нацрт-закон за спречување и сузбивање од злоупотребите на опојни дроги. Некои од промените кои се предвидуваат се следните:

- Отстранување на воочените проблеми во текот на спроведување на законот;
- Јасна поделба на одговорностите помеѓу органите кои учествуваат во надзорот на производството и трговијата на опојни дроги и прекурсори во БиХ;

[70] "*Службени гласник БиХ*" бр. 8, од 7. февруара 2006

- Одредување орган кој ќе претставува контакт за кооперација со меѓународните органи и кој ќе биде одговорен за координација и надгледување на сите активности предвидени од државната стратегија за надзор на опојните droги и нивни акционен план.[71]

Највоочливо во законодавството на Република Босна и Херцеговина е тоа што кога станува збор за злоупотреба на дрогата, законодавецот предвидел дека на сторителот на кривичното дело од чл. 195 од КЗ на БиХ, може да му се изрече и мерка на безбедност, обавезно лечење од зависности и одземање на предметите. Токму чл. 390 од ЗКП на БиХ предвидува постапка во случај задолжително лечење од зависност и во ставовите е точно опишано под кои услови и околности лечењето би се одвивало.

## 2.4.Кривично законодавство на Република Црна Гора

Со донесување на кривичниот законик, Собранието на Црна Гора на 30 јули 2013 година на 10-тата седница од заседанието во 2013 година, го прогласила законот со измени и дополнувања на Кривичниот законик од 2009 година. Со овој Закон во рамките на глава 24 „Кривични дела против здравјето на луѓето“ инкриминирани се две кривични дела кои се однесуваат на опојните droги:

- Неовластено производство, држење и ставање во промет на опојни droги, и
- Овозможување уживање опојни droги

Првото кривично дело е „неовластено производство, држење и ставање во промет опојни droги“ и истото е регулирано **со чл. 300 од КЗ на Република Црна Гора**.[72]

**Став 1** – Тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или кој прави купопродажба, држи или пренесува или кој посредува во

[71] Државни извештај (подаци из 2013.) за ЕМЦДДА за 2014. годину, Министарство сигурности Босне и Херцеговине, Сарајево, 2014

[72] Krivični zakonik Crne Gore ("Sl. list RCG", br. 70/2003, 13/2004 - ispr. i 47/2006 i "Sl. list CG", br. 40/2008, 25/2010, 32/2011, 64/2011 - dr. zakon, 40/2013, 56/2013 - ispr., 14/2015, 42/2015, 58/2015 - dr. zakon, 44/2017, 49/2018 i 3/2020)

продажбата или во купувањето или на друг начин неовластено става во промет супстанции кои се прогласени за опојни droги или билки кои содржат такви супстанции, ќе се казни со затвор од две до десет години.

**Став 2** – Кој со намера вршење на делото од став 1 од овој член, внесе во Црна Гора супстанции кои се прогласени за опојни droги или билки кој содржат такви супстанции, ќе се казни со затвор од две до дванаесет години.

**Став 3** – Ако сторителот на делото од ст.1 и 2 од овој член организирал мрежа од препродавачи или посредници, ќе се казни со затвор од три до петнаесет години.

**Став 4** – Со казната од членот 3 ќе се казни и тој што продава, нуди на продажба или без никаков надомест дава опојна дрога на малолетни лица, душевно болни лица, лица кои се привремено душевно пореметени, лица кои се тешко душевно заостанати или лица кои се лечат од зависности од опојни droги, или кој става во промет опојна дрога помешана со супстанција која може да доведе до тешки нарушувања на здравјето, или кој изврши дело од став 1 од овој член во воспитна установа или во нејзина близина или установа за извршување кривични санкции или во јавни локали или на јавни приредби, или ако делото од став 1 и 2 од овој член го стори службено лице, лекар, социјален работник, свештеник, наставник или воспитувач со искористување на својата позиција, или кој за извршување на тоа дело користи малолетно лице.

**Став 5** – Сторителот на делото од став 1 до став 4 од овој член кој ќе открие од кого ја набавил дрогата може да се ослободи од казна.

**Став 6** – Кој неовластено прави, набавува, поседува, превезува или дава на употреба опрема, материјали или супстанции за кои знае дека се наменети за производство на опојни droги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

**Став 7** – Опојните droги и средствата за нивно правење ќе се одземат и ќе се уништат.

. **Членот 71 од КЗ на ЦГ** предвидува изрекување мерка за безбедност, задолжително лечење на наркоманот, а судот одлучува откако ќе прибави наоди и мислења од вештак. Вештакот треба да се изјасни и за можностите за лечење на обвинетиот.

(1) Судот ќе му изрече задолжително лекување на сторител кој сторил кривично дело поради зависност од наркотични дроги и за кого постои сериозен ризик да продолжи да врши кривични дела поради оваа зависност.

(2) Мерката од ставот (1) на овој член се извршува во затвор или во соодветна здравствена или друга специјализирана установа и ќе трае сѐ додека има потреба од лекување, но не подолго од три години.

(3) Кога мерката од ставот (1) на овој член е изречена покрај затворската казна, таа може да трае подолго од рокот на изречената казна, но нејзиното вкупно траење не може да биде подолго од три години.

(4) Времето поминато во установа за лекување се смета за затворска казна.

(5) Кога мерката од ставот (1) на овој член е изречена со парична казна, условна осуда, судска опомена или ослободување од казна, таа се издржува на слобода и не може да трае подолго од три години.

6) Ако сторителот без оправдани причини не се лекува на слобода или самоволно се откаже од лекувањето, судот ќе нареди мерката присилно да се спроведе во соодветна здравствена или друга специјализирана установа.

Доколку се направи компарација на македонското и црногорското законодавство во поглед на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, ќе се забележат многу сличности. Но, доколку се погледне во делот на тоа дали делото е сторено под дејство на наркотични дроги или постои ризик делата да бидат повторени, во Република Црна Гора законодавецот со посебен член предвидел задолжително лечење на наркоманот под точно определени услови.

### 2.5. Кривично законодавство на Република Србија

Во кривичниот законик во Република Србија инкриминирани се дела поврзани со дрога како три кривични дела во оквирот XXIII од законикот – кривични дела против здравјето на луѓето:

1. Неовластено производство и ставање во промет на опојни droги чл. 246 од КЗ на РС
2. Неовластено држење опојни дроги чл. 246а КЗ на РС
3. Овозможување уживање опојни дроги чл. 247 КЗ на РС

**Чл. 246 КЗ РС − Неовластено производство и ставање во промет на опојни дроги**

Ова кривично дело до донесувањето на Законот за измени и дополнување на кривичниот законик  на Република Србија носел наслов „Неовластено производство, држење и ставање во промет наркотични дроги“. Тоа значи дека покрај денешниот опис содржело уште дејствие т.е. неовластено држење опојни дроги за сопствени потреби, а сега истото е инкриминирано како самостојно кривично дело и на тој начин се издвојува од чл. 246 во чл. 246а. Кривичното дело „Неовластено производство и ставање во промет опојни дроги“ **од чл. 246 од КЗ на РС према законскиот опис гласи:**[73]

**Став 1** – Кој неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или кој прави, продава, купува, држи или пренесува или кој посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено става во промет супстанции или препарати кои се прогласени за опојни дроги ќе се казни со затвор од три до дванаесет години.

**Став 2** – Кој неовластено одгледува афион или психоактивен коноп или други билки од кои се добиваат опојна дрога или самите содржат опојни дроги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

**Став 3** – Ако делото од ст.1 од овој член е извршено од страна на група или сторителот на ова дело организирал мрежа од препродавачи или посредници, сторителот ќе се казни со затвор од пет до петнаесет години.

**Став 4** – Ако делото од став 1 од овој член е извршено од страна на организирана група, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години.

[73] Krivični zakonik, Sl. glasnik RS", br. 85/2005, 88/2005 - ispr., 107/2005 - ispr., 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013, 108/2014, 94/2016, 35/2019 i 94/2024

**Став 5** – Сторителот на делото од став 1 до став 4 на овој член кој открива од кого набавувал опојни дроги, може да се ослободи од казна.

**Став 6** – Тој што неовластено прави, набавува, поседува или дава на употреба опрема, материјали или супстанции за кои знае дека се наменети за производство на опојни дроги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

**Став 7** – Опојните дроги и средствата за нејзино производство и преработка ќе се одземат.

Кривичното дело се состои од неовластено производство, преработка, продажба или нудење на продажба или купување, од држење или пренесување поради продажба или посредување поради продажба или од купување или на друг начин неовластено ставање во промет на супстанции и препарати кои се прогласени за дрога.[74] Сторител на ова кривично дело може да биде секое лице кое презема најмалку едно или повеќе алтернативно одредени дејствија за извршувањее на ова дело, односно презема дејствија од типот на: производство, преработка, продажба, нудење на продажба, купување, држење или пренесување поради продажба или посредување во продажба или во купување или на кој било друг начин неовластено става во промет супстанции и препарати кои се прогласени за опојни дроги. Објект на заштита е здравјето на луѓето, а додека објект на напад се супстанциите и препаратите кои се со закон и други прописи прогласени за опојни дроги како и останати психоактивни контролирани супстанции.

**Неовластено држење опојни дроги чл. 246а од КЗ на РС**

Со законот од 31 август 2009 год. пропишано е кривично дело под наслов „Неовластено држење опојни дроги“ чл. 246а. На тој начин за првпат во законодавството на Република Србија пропишано е како самостојно кривично дело. Ова кривично дело „Неовластено држење наркотична дрога“ според законскиот опис гласи:

**Став 1** – Кој неовластено држи во мали количини за сопствена употреба супстанции или препарати кои се прогласени за опојни дроги, ќе се казни со парична казна или затвор до три години, а може и да се ослободи од казна.

[74] Љ. Јовановић, В. Ђурђић, Д. Јовашевић, Кривично право, Посебни део, Бона Фидес, Ниш, 2000. стр. 335 – 336.

**Став 2** – Сторителот на делото од став 1 од овој член кој ќе открие од каде ја набавил дрогата може да се ослободи од казна.

**Став 3** – Опојната дрога се одзема.

Со ова, со инкриминација е опфатено секое поседување, непосредно или посредно, без разлика на сортата и количината на дрогата. Сторител на ова кривично дело може да биде секое лице, но потребно е да се напомене дека најчести извршители се точно зависниците од опојни дроги т.е. консументите.

Доколку детално се разгледа инкриминацијата за дрогата во српското законодавство може да се заклучи дека во неговите членови и ставовите на истите опфатени се сите дејствија поврзани со злоупотребата на дрогата, а притоа не оставајќи простор за дискусија на темата дали поседувањето е за лична употреба, дали дрогата е наменета за продажба или лична употреба и сл.

Токму она што недостасува во нашето законодавство во овој дел е инкриминацијата на поседувањето наркотична дрога за лична употреба по примерот на Република Србија.

### 2.6 Заклучок од компаративна анализа на правната регулатива на поранешните југословенски земји во однос на РС Македонија во врска со злоупотребите на дрога

Доколку се направи кратка компарација на правната регулатива на поранешните југословенски републики во однос на македонската правна регулатива ќе се забележат несомнени сличности, како во описот на делото така и во предвидените казни, кога станува збор за кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Скоро сите поранешни југословенски републики се водат од стариот закон на Југославија и истиот служи како основа во дефинирањето на делото. Со текот на времето и појавата на нови форми на криминалитет кога станува збор за престапите со злоупотреба на дрога, дел од државите се прилагодуваат и вршат измени и дополнувања на постојните закони, па така во дел од оние што претходно ги разгледавме може да се забележат додадени ставови па и членови кои подетално опишуваат некое од дејствијата кои со општиот опис не се опфатени.

Ако нашето зоконодавство се води од новите текови и појавни облици, неопходно е заострување на казнените одредби со воведување на дополнителни ставови кои би дале отежнителни околности, односно би се зел предвид оппштествениот статус на извршителот, односно да бидат опфатени сторители на определени професии како што се вработените во образовниот систем, во безбедносните служби, професионални војници, полицајци, судски и затворски полицајци, вработени во центри за лекување на зависници. Исто така да се предвидат повисоки казни за сторители кои на нелегален начин се обиделе да внесат дрога во центрите за лечење од дрога, во училиштата, затворите и душевните болници ,односно им овозможуваат дрога на користење на нивните штитеници.

# ДЕЛ V

# КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ

## 1. СУБЈЕКТИ НАДЛЕЖНИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

### 1.1. Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија

Главен орган на државната управа во рамките на безбедносниот систем, задолжен за спречување и откривање на криминалитетот е МВР – Министерството за внатрешни работи односно полицијата. [75] Нејзиние задачи, улогата и функциите како и надлежносите, обврските, правата, должностите и овласувањата на полициските службеници се пропишани и уредени со Закон за внатрешни рабои,[76] Закон за полиција[77] и Закон за кривична постапка.[78]

Министерството за внатрешни работи надлежно е за преземање мерки и активности потребни за откривање на сторителите, соизвршителите и помагачите на кривичното дело, како и за спречување на извршителите да избегаат и да се сокријат од лицето на правдата, но и превентивно делување. Исто така, полициските службеници имаат задача да ги откријат и обезбедат трагите и предметите кои во понатамошната постапка би служеле како докази, но и да обезбедат квалитетни информации за водењето на кривичната постапка. МВР ја сочинуваат организациски единици за потребите на министерството кои се поделени на организациски единици кои вршат стручни работи и единици кои вршат граѓански работи, сите тие сврстени под Бирото за јавна безбедност,

[75] https://mvr.gov.mk (пристапено 02.11.2024)

[76] Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22)

[77] Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22)

[78] Закон за кривична постапка(Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12)

БЈБ, кои согласно со структурата на МВР, според територијата се поделени на три нивоа: централно, регионално − по сектори за внатрешни работи − СВР и локално − со Оддели за внатрешни работи – ОВР.

Главна институција за борба против криминалот, а со тоа и за кривичните дела поврзани со дрога е токму МВР. Според органограмот на МВР во рамките на БЈБ постои оддел за криминалистичка полиција во кој постои Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, во чиј состав влегува и Единицата за недозволена трговија со дрога, чија цел е главно борба против сите дела поврзани со злоупотребата на дрога, нејзиното производство и пуштање во промет, вклучувајќи го и шверцот со дрога.

## 1.2. Царинска управа на Република Северна Македонија

Друга институција која има одредени овластувања во борбата против кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога е царинската управа и работи во своите надлежности според законот за царинска управа,[79] царински закон, закон за царинска тарифа, закон за царински мерки за заштита на правата на интелектуална сопственост и други закони со кои се уредува извозот, увозот и транзитот на стока. Основни надлежности на царинската управа се: царинската контрола, царинење стока, царински надзор, истражни и разузнавачки мерки за спречување откривање и истражување царински прекршоци и кривични дела утврдени со закон, спроведување царинска контрола, наплата на мандатни казни и други надлежности пропишани со законите од нивна област. Царинската управа во Република Северна Македонија, покрај другите видови криминал кои ги открива, како на пример, илегалната трговија со дрога, оружје мигранти и сл. презема мерки и активности и во делот на заштита на животната средина. Овие мерки на конкретни дејства како што се прегледот на стока, проверката на постоење, царината ги презема преку царинската контрола, што претставува извршување веродостојност и точност на документите; преглед на деловни книги и други евиденции; преглед и претрес на транспортни средства; преглед и претрес на личен багаж и друга

[79] Закон за царинската управа, Службен весник на РСМ, бр. 122 од 3.6.2021 година

стока што ја носат лицата со себе; спроведување службени постапки и други слични дејства во поглед на загрозување на царинските прописи, а кога е потребно и на други прописи кои важат за стока која е предмет на царински надзор. Исто така, царината може да ја применува и мерката царински надзор поради обезбедување примена на царинските прописи, а кога е потребно и на други прописи кои важат за стока која е предмет на царински надзор.[80] Царинската управа има седиште во Скопје, а своите надлежности ги спроведува на целата територија на РСМ, а работата ја извршува преку царинската управа и цариниците. Карактеристично е тоа што царинската управа соработува со царинските управи на други земји на полето на царинското работење и спречување царински прекршоци и кривични дела од областа на царинското работење, во обуката на царинските службеници, унапредување на техничкиот развој, а се во согласност со ратификуваните меѓународни договори. Во управата за царинско работење постои посебен сектор за контрола и истрага и во своите рамки има пет одделенија. Секорот за контрола и истраги ги анализира веќе сторените царински прекршоци и кривичните дела и ги прави анализите на ризик, прибира и проценува релевантни разузнавачки податоци, со цел откривање на крумчарена стока, исто така врши и проценка и обработка на податоци и информации кои се слеваат во царинската управа и прават проследување до соодветното одделение за нивна понатамошна обработка. Во оваа борба против овој тип криминал особено значење има одделението за разузнавање, чија задача е прибавување информации за постоење кривични дела од таков тип. На царинската управа со законот за кривична постапка и се дава надлежност за реализирање на (посебни истражни мерки) ПИМ, кои се многу битен инструмент во откривањето на кривичните дела поврзани со злоупотребите на дрога, бидејќи најчесто во прашање се оранизирани групи и злосторнички здружувања. Во царинската управа за спроведување на посебните истражни мерки задолжено е одделението за истраги во кое работат две служби, една е службата за борба против економскиот криминал, а друга е службата за борба против криумчарење.

Проценката и анализите на релевантноста на прибраните разузнавачки податоци, заради помош при откривање крумчарена стока и други стоки чиј увоз/извоз е забранет,

---

[80] Малиш-Саздовска, М., *Меѓународка заштита на животната средина,* Факултет за безбедност, Скопје, 2014г, стр.87

каде што спаѓаат и наркотиците, психотропните супстанции и прекурсорите како и стоки за кои има посебни ограничувања, е задача на одделението за разузнавање. Вака собраните информации и податоци за заплените кои ги направила царинската управа во комплет со деталните информации од типот на фотографии и методи кои се користени при заплената, се внесуваат во базата на Светската царинска организација која понатаму истите ги искористува за едукативни цели. Преку оваа база на информации најчесто може да се следат трендовите на новите методи кои се користат при криумчарењето.

Доколку постои основано сомнение дека е сторено кривично дело, одделението за истраги презема соодветни мерки за сторителот на кривичното дело да биде откриен, а потоа според законот за кривична постапка и кривичниот законик во зависност од делото поведува барање за прекршочна постапка или поднесува кривична пријава. Исто така подготвува дописи до одделението за ревизија и контрола и одговара на нивните барања, подготвува дописи до царинските служби во странство со барање за доставување нивни информации по различни основи. Исто така ова одделение соработува и со Министерството за внатрешни работи и учествува во заеднички координирани акции за спречување кривични дела и царински прекршоци. Изготвените кривични пријави од ова одделение, ги доставува до надлежното јавно обвинителство следејќи го текот и епилогот на истите. Управата редовно се едуцира за имплементација на нови методи, не пропуштајќи притоа да биде во тек со актуелните, нови облици на вршење кривични дела, начините на транспортирање на стоките, а посебен акцент се става на едукацијата во поглед на препознавањето на современи облици и начини на пренесување.

### 1.3. Јавно обвинителство на Република Северна Македонија

Положбата на Јавното обвинителство во Република Македонија, како и неговата положба во рамките на системот на организацијата на државната власт, утврдена е со Уставот на Република Македонија и амандманот XXX на Уставот од 7 декември 2005 год. Улогата, надлежностите и функцијата на јавните обвинители гледано од аспект на борбата против кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, пропишана е во одредбите на

законот за јавно обвинителство[81] како и законот за кривична постапка. Според законот за јавно обвинителство, истото функционира и е поделено на Јавно обвинителство на Република Македонија, Вишо обвинителство, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и основно јавно обвинителство.

Улогата на Јавното обвинителство во однос на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, се согледува во тоа што обинителството е овластен тужител за конкретен предмет, а во случај да се работи за предмет во кој е опфатен организиран криминал, задолжено како тужител ќе се јави Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Карактеристично во вакви случаи е тоа што кога станува збор за огранизирани групи а тоа го води ОЈО за ГОК, може да се иницира примена на посебни истражни мерки кои се значителна алатка во откривањето и докажувањето на ваквиот криминалитет. Ваквите посебни истражни мерки со посебно образложение, јавниот обвинител ги бара од судија на претходна постапка.

### 1.4. Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

Основното јавно обвинителсво за гонење на огранизиран криминал и корупција е со седиште во Скопје, а дејствува на целата териорија на РС Македонија и претставува важна алка во откривањето, расветлувањето и докажувањето кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, а од областа на организираниот криминал. Ова обвинителство е со проширени надлежности и во него се формирани специјализирани одделенија за следење и откривање на криминалитетот со посебни стручни служби.[82] Јавното обвинителство на Репубилка Северна Македонија настапува пред Врховниот суд, а додека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција настапува пред специјално судско одделение кое е надлежно за судење на дела од областа

[81] Закон за јавно обвинителство, Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.2.2020 година

[82] Член 14, ст. 2, Закон за јавното обвинителство, Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.2.2020 година

на организираниот криминал. Ова обвинителство за гонење на криминал и корупција надлежно е да постапува:

- за кривични дела кои се извршени од група која се состои од три или повеќе лица која одреден период дејствува со цел да бидат извршени поголем број кривични дела и е во форма на сруктуирана група или злосторничко здружување кое дејствува во рамките на РСМ .
- за кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување чл. 353 став кој став?, примање поткуп од значителна вредност и противзаконско постапување од чл. 39 од КЗ на РСМ.
- За кривини дела, злоупотреба на службена положба и овласување од чл.353, ств5 примање покуп за зналителна вредност чл.357 и противзаконско посредување по чл.359 сите според Кривичниот законик;
- За кривични дела неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции како и прекурсори од чл. 215 став 2, перење пари, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, незаконско влијаење на сведоци, злосторничко здружување, давање поткуп од значителна вредност, тероризам, терористичка организација, кривично дело трговија со луѓе, криумчарење мигранти, трговија со малолетници, дела против човечноста и или други кривични дела од меѓународното право независно од бројот на сторители.

## 1.5. Истражни центри на јавното обвинителство

Според новиот концепт на Законот за кривична постапка,[83] поради остварување на функцијата откривање и гонење, се предвидува за подрачјето на едно или на повеќе јавни обвинителства да бидат формирани истражни центри на јавното обвинителство. Истражните центри на јавното обвинителство[84] се предвидени со новиот концепт на

[83] Член 48, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

[84] Поопширно кај: Калајџиев, Г., Илиќ, Д., Формирање*, организација и функционирање на правосудната полиција и на истражните центри на Јавното обвинителство*, Истражување во рамки на проектот

кривично-процесното законодавство во Република Македонија. Слични такви форми на организација кои подразбираат тесна оперативна соработка под раководство на јавното обвинителство има во повеќето држави. Инаку, слична идеја на оваа, е застапена во Законот за јавното обвинителство кој предвидува во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во Јавното обвинителство основано за подрачје на суд со проширена надлежност, да се формираат специјализирани одделенија за следење и за откривање на криминалитетот со посебна стручна служба.[85] Мора да се напомене дека ова формирање на одделенија никогаш не заживеа.

За гонење на современите типови криминал како што се компјутерскиот, финансискиот, банкарскиот и слично, во истражните центри на јавното обвинителство се предвидени, освен полициски инспектори, да работат и други експерти од спомenатите области, од кои задолжително правници. Со тоа, спроведувањето на оперативните методи и техники за откривање активности поврзани со криминалот би биле на повисоко ниво, а со подобрувањето на нивната работа би се зголемила и примената и реализацијата на посебните истражни мерки. Истражните центри на Јавното обвинителство се формираат со одлука на јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Работите во истражните центари ги вршат инспектори кои се припадници на правосудната полиција, а истите се избираат за вршење на работите на определено време по пат на објавен внатрешен оглас. Ова треба да гарантира одредена стабилност и со специјализација на припадниците на правосудната полиција кои со тоа стануваат дел од тимот на јавното обвинителство би се зголемила и реализацијата. Таа стабилност заедно со неможноста припадниците на правосудната полиција во истражните центри да се

---

„*Реформа на казненото право и почитување на човековите права - подготовки за доследна примена на новиот ЗКП* - Скопје, јули 2009

[85] Во законот е предвидено за вршење на стручни работи поврзани со следење и откривање на криминалитетот во јавните обвинителства да се вработуваат определен број стручни лица од други профили (финансии, градежништво, информатика, електротехника, машинство и слично). Во јавните обвинителства во кои се формирани специјализираниодделенија за следење и за откривање на криминалитетот и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е предвидено да се вработуваат и определен број стручни лица како јавнообвинителски истражители. Чл. 76, Закон за јавното обвинителство, Сл. Весник на РМ бр. 150/07, 111/08

прераспределуваат на други задачи во МВР влијание врз кариерата на инспекторите на правосудната полиција, па затоа треба да обезбеди определен степен на самостојност во однос на претпоставените во МВР и некаква поголема лојалност кон обвинителството.[86]

## 1.6.Правосудна полиција

„Правосудна полиција“ всушност е криминалистичка полиција која тесно соработува со јавното обвинителство, а еден нејзин мал дел е непосредно во тимот на јавното обвинителство, во истражните центри на јавното обвинителство. Законот за кривична постапка [87] ја определува раководната улога на јавниот обвинител во предистражната постапка. Тука се прецизира функцијата на кривичното гонење, односно му се дава на јавниот обвинител да раководи со предистражната постапка и тој е оној кој располага и раководи со правосудната полиција. Така, за првпат во македонскиот кривично-правен систем се воведе таканаречена Криминалистичката полиција, сега како правосудна полиција која всушност е главен соработник на јавното обвинителство.

Посебно важно во постапката е да има меѓусебна соработка уште во најраната фаза, се цел подоцна да не се појават некакви конфликти. А кога истрагата ќе биде на крај, јавниот обвинител оценува дали собраните докази се доволни, дали истите се законито изведени и доколку не се ќе биде приморан да го отфрли случајот, свесен дека на суд не би можел да го добие истиот. Ова значи дека целиот товар на докажување и расчистување на случајот е во надлежното обвинителство. Законот за кривична постапка определува кој е овластен орган за да бидат спроведени посебни истражни мерки и укажува дека истите ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција а сепак под контрола на јавиот обвинител.

Во глава II во која се наведени значењата на законските изрази како и другите одредби, се дефинира дека правосудна полиција се полициските службеници од

[86] Бужаровска, Г., Ре, Д., Карнасас, М., *Истражни дејствија: прирачник за практичари*, ОБСЕ, Скопје, 2010, стр. 16

[87] Чл. 41, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

Министерството завнатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривањето на кривичните дела. Тука може да влезат и припадниците на правосудната полиција во истражните центри на јавното обвинителство и службениците доделени на јавниот обвинител. Соодветно на видот на посебната истражна мерка, јавниот обвинител ќе ги ангажира овластените службени лица од соодветната институција која треба да ја реализира таа мерка. Најчесто, доколку станува збор за контролираната испорака и превоз на лица и предмети, која претставува една од мерките директно поврзана со шверцот на дроги, ќе бидат вклучени овластените службени лица од царинската управа, но и од министерството за внатрешни работи на РМ. Во Законот за кривична постапка [88] предвидени се должностите на правосудната полиција. Правосудната полиција по наредба на јавниот обвинител или по службена должност превзема мерки и активности кои имаат за цел откривање и криминалистичко истражување на кривичните дела. Исто така работата на правосудната полиција има за цел фаќање и пријавување на сторители, спречување на понатамошни последици и обезбедување на докази и мерки кои ќе бидат искористени во водењето на кривичната постапка. Истражните дејствија кои ги спроведуваат службениците и старешините на правосудната полиција се доверени или наложени од јавниот обвинител или судот, а истите ги извршуваат.

На крај мора да се спомене дека воведувањето на правосудна полиција во нашите јавни обвинителства се движи многу тешко и реално може да се каже дека правосудната полиција и не постои. Улогата да врши проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети да собира информации, повикува и приведува лица, да задржува, да спроведува потрага по лица и предмети; да врши преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и вид во определена нивна документација; да врши сопирање, преглед или претрес на лица, багаж и превозни средства, да обезбедува и да врши преглед на местото на настанот и слично, по наредба на јавниот обвинител а според своите полициски овластувања ја има полицијата.

[88] Чл. 46, Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 150/10, 100/12

## 1.7. Судови

Согласно со Уставот на Република Македонија судската власт ја вршат судовите како самостојни и независни државни органи и судат врз основа на Уставот РСМ, законите и меѓународните договори ратификувани со Уставот.

Основни цели и функции на судската власт се:

- непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките;
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи;
- обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по било којоснов и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.
- Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите како и постапката пред нив се уредуваат со законот за судовите[89] .

Во судскиот систем, судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- Основните судови се основаат за една или повеќе општини и судат во прв степен како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност.
- Апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен (основни судови). На територијата на Република Северна Македонија има четири апелациони судови со седиште во Скопје, Битола, Гостивар и Штип.
- Управниот, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија ја вршат судската власт на целата територија на Републиката и имаат седиште во Скопје.

---

[89] *Закон за судовите* (Службен весник на РМ бр. 58/06, 35/08)

Територијалната надлежност е согласно Законот за територијалната организација на локалната самоуправа[90] во Република Северна Македонија каде постојат судови со основна и судови со проширена надлежност.

Во рамките на основните судови со проширена надлежност се основани специјализирани судски оддели што постапуваат за одделни видови на спорови, (кривична и граѓанска материја). Клучна новина во судскиот систем е формирањето специјализирани судски одделенија во Основниот суд − Скопје 1, Основниот суд − Штип и Основниот суд − Битола кои постапуваат по предмети поврзани со организиран криминал. Постои решение според кое двата основни суда во Скопје имаат поделена надлежност во кривичната и граѓанската материја.

Расправите пред спомнатите судовите и изрекување на пресудите се јавни, освен во специфични случаи определени со закон.

Судските одлуки се изрекуваат во името на граѓаните на РСМ. Правосилните судски одлуки имаат неприкосновено правно дејство, се задолжителни за сите правни и физички лица, имаат поголема сила во однос на сите други одлуки на другите државни органи и притоа секој е должен да ги почитува и да го обезбеди нивно извршување.

## 2. КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ - ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА

## КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Со криминалистичкото истражување на организиран начин се собираат информации и податоци за лица или криминални групи кои вршат кривични дела, објекти и места каде се извршуваат кривични дела и безбедносните појави заради обработка и анализа на истите, донесување на соодветни одлуки за постапување од страна на

[90] *Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република С. Македонија* (Службен весник на РМ бр. 55/04)

полицијата и обезбедување на докази за кривичните дела кои се гонат по службена должност како и за нивните сторители.

Со криминалистичкото истражување се собираат податоци и информации со разузнавачки потенцијал како и факти и докази при што се врши нивно собирање, обработка и анализа заради постигнување на целите на криминалистичкото истражување. Криминалистичкото истражување овозможува да се следат криминалните активности и анлизираат добиените податоци за различни криминални феномени од различни области на криминал со цел да се идентификуваат лица и криминални групи, начинот на извршување на истите преку криминалистичка контрола над лица, криминални групи или објекти, криминалистичка обработка за собирање на докази како стадиум од криминалистичкото истражување и оперативна акција, како методи за највисоко оперативно постапување на полицијата.[91]

Криминалистичкото истражување започнува со полициски извиди по приемот на кривичната пријава или добиеното сознание за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, на пример, се случило некое кривично дело или некој настан или да се спречи вршење на кривични дела, организационата единица за постапување отвара предмет. На секој отворен предмет му се определува идентификационен број согласно евиденцијата каде е заведен настанот, кривичното дело или информацијата врз основа на што започнало криминалистичкото истражување. Согласно Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата, идентификациониот број на предметот понатаму се впишува како основна врска на сите писмени документи кои се изготвуваат за преземените мерки и активности, добиените информации и обезбедените докази во врска со предметот на криминалистичкото истражување. Бројот на предметот во аналитичките единици може да се поврзе со друг претходно отворен предмет.

Понатаму, предметот може да прерасне во:

- криминалистичка контрола, обработка или акција;

[91] Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите,(„Службен весник на Република Македонија" бр. 160/13)

- може да се затвори со поднесување кривична пријава ако се открие сторителот на кривичното дело и се обезбедат докази; или
- да се достави известување до надлежниот јавен обвинител дека не се обезбедени докази за постоење кривично дело, односно одреден настан нема елементи на кривично дело.

При затворањето на предметот кај криминалистичкото истражување се води сметка за роковите на застареност за кривично гонење.[92]

За детектирање и следење безбедносни појави, различни форми на криминал, а со цел идентификување на начинот (модусот) на извршување на истите, идентификување на причините за криминалната појава, индикаторите кои се важни за негово детектирање, последиците кои ги предизвикуваат, се спроведува криминалистичко-разузнавачко истражување. Одлука за спроведување на криминалистичко-разузнавачко истражување се носи на состанокот на Групата за давање на задачи и координација. Оваа група одлуката за спроведување на криминалистичко-разузнавачкото истражување ја донесува по разгледување на претходно изготвен профил на проблем, друг аналитички или разузнавачки продукт, која се нотира во Записникот за тактички одлуки. Врз основа на Записникот за тактички одлуки, се изготвува одлука во која се наведува зошто е потребено да се спроведе криминалистичко-разузнавачко истражување и се дефинира каков вид податоци можат да се собираат, за кои категории на лица, како и за условите и временската рамка за нивно чување. Одлуката содржи криминалистичко-разузнавачко истражување, назив на предметот кој е цел на криминалистичко-разузнавачкото истражување, општ историјат за предметот на истражување, извори на податоци кои ќе бидат вклучени, групи лица за кои се собираат податоци, природата на зачуваните податоци, околностите под кои може да се проследуваат личните податоци од едно досие, до кого и според која процедура, временски рокови за спроведување на истражувањето и период на чување на податоците. Одлуката се заведува во евиденцијата за криминалистички истражувања согласно Правилникот за содржината и начинот на водење

[92] Кривичниот законик на Република Македонија Член 4

на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата во надлежната криминалистичко-разузнавачка единица.

Проектениот план на криминалистичко-разузнавачкото истражување е работен документ во кој се дефинира како ќе се постапува во криминалистичко-разузнавачкото истражување и која е целта што сака да се постигне. Проектниот план по потреба се менува со анекс план додека е активно криминалистичко-разузнавачкото истражување.
Во проектниот план се поставуваат целите на проектот, производите и услугите кои ќе бидат изработени, задолжениот тим од аналитичари, нивните поединечни задачи и обврските кои треба да се спроведат. При изработката на Проектниот план потребно е да се корисат насоките дадени во прилог бр. 3 Член 6 – План за собирање податоци. Планот за собирање податоци е документ со кој се дефинираат податоците кои се потребни да се соберат за остварување на целите на предметот на криминалистичко-разузнавачкото истражување. Ограничувањата за сите податоци кои се внесуваат во сетот на податоци за конкретното криминалистичко-разузнавачко истражување претходно се одредуваат со одлуката за спроведување криминалистичко-разузнавачкото истражување. Со планот за собирање податоци се утврдува опсегот, обемот и видот на информации и извори кои се корисни во конкретното криминалистичко-разузнавачко истражување (изјави на сведоци, следење комуникации, претреси, оперативни извештаи, итн), изворите и агенциите од кои можат да се обезбедат податоци, и друго. Во предметот на криминалистичко-разузнавачкото истражување се обединуваат, средуваат, обработуваат и анализираат податоците кои се собирани или се собираат во криминалистичко-разузнавачкото истражување, регистрираниот криминал и од воспоставените криминалистички контролни обработки и оперативни акции од иста или слична област на криминал.

## 2.1 МЕТОДИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Методи за спроведување на криминалистичкото истражување се:

- Криминалистичка контрола
- Криминалистичка обработка

- Оперативна акција

Предлогот за воспоставување на криминалистички контроли, криминалистички обработки и оперативни акции се евидентира со доставување до надлежната организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа. Сите надлежни организациони единици во БЈБ се должни да го доставуваат предлогот за воспоставување криминалистичка контрола, обработка и оперативна акција до централната единица за криминалистичко разузнавање и анализа заради водење централна евиденција. Надлежната организациона единица во БЈБ, донесената одлука за воспоставување криминалистичка контрола и криминалистичка обработка, кога постојат основи на сомнение дека се подготвува, извршува или е извршено кривично дело кое се гони по службена должност, треба да го известува надлежниот јавен обвинител за информациите со кои располага и доказите кои се обезбедени согласно Законот за кривичната постапка.

### 2.1.1 КРИМИНАЛИСТИЧКА КОНТРОЛА

Криминалистичката контрола претставува организиран начин на оперативно дејствување на полицијата која има превентивно-репресивен карактер и се состои во идентификување, следење и анализа на лица, криминални групи или места/ објекти за кои врз основа на добиени сознанија или постои сомневање дека се подготвуваат и извршуваат кривични дела кои се гонат по службена должност.[93] Криминалистичка контрола се воспоставува кога постојат општи индиции и сознанија – основи на сомнение дека лица или криминални групи подготвуваат или вршат кривични дела кои се гонат по службена должност, а тука спаѓа и делото по чл. 215 од КЗ на РСМ недозволено производство и неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

Со криминалистичка контрола, на организиран начин се преземаат мерки и активности за насочено собирање информации и примена на оперативно-тактички мерки и активности, со цел потврдување на општите сознанија, прибирање нови информации со цел идентификување лица и криминални групи и видовите на кривични дела кои се

[93] Џуклески Г., *Прирачник за соработничка мрежа*, Скопје, 2005, стр. 13

извршуваат, без притоа да се дојде до кршење на човековите права, а со тоа се дава негативно мислење за полицијата и за тоа кого таа треба да штити, интересите на државата на прв план, или пак на граѓаните.[94]

Во рамките на криминалистичката контрола спаѓаат: патролирање, набљудување, рација, заседа, надзор на места кои претставуваат криминогени жаришта и слични методи, а средства со кои се врши криминалистичката контрола се:

- Следење и проучување одредени кривични дела и нивните појавни облици на определена територија;
- Изработка и процена на загрозеноста од вршење кривични дела;
- Утврдување евентуална причина за појава на криминал на одредено пордачје;
- Соработка со граѓаните;
- Прибирање информации од определени легални извори;
- Примена на метод на аналогија и индицијални методи;
- Непосредно забележување од страна на инспекторите;
- Примена на средства на определена техника;
- Користење информаторска соработничка мрежа и сл.[95]

За правилно и ефикасно постапување на оперативна контрола значајни се три елементи:

1. Избор на лица, објекти или на пунктови за контрола
2. Утврдување на најадекватни начини за вршење на контролата
3. Обработка на случаи со процена на криминалистичка активност[96]

Идентификувањето и следењето на лице, криминални групи и места (објекти) претставува процес на континуирано собирање разузнавачки ииформации од страна на полициските службеници во организационите единици за кои постојат основи на сомнение за подготвување и извршување кривични дела.

Воспоставување криминалистичка контрола предлага надлежен полициски службеник во организациската единица, а го одобрува началникот на организационата единица. За воспоставената криминалистичка контрола се формира тим од најмалку двајца полициски

[94] Котески, М., *Криминалистичка тактика 2*, Скопје, 2009, стр. 12

[95] Малеш-Саздовска. М., *Криминалистичка тактика 2,* Факултет за безбедност, Скопје, 2018, стр.14

[96] Цуклески Г., *Вовед во криминалистика*, График Мак Принт, Скопје, 2006

службеници од организационата единица, кои понатаму ќе бидат надлежни за планирање, организирање и преземање мерки по истата и се назначува еден надлежен аналитичар.

- **Предлогот за воспоставување криминалистичка контрола над лице, криминални групи и објект/локација содржи:**

  - Псевдоним на криминалистичка контрола и општи податоци за организациската единица која ја воспоставува задолжениот работен тим, единствен референтен број на криминалистичката контрола и дата на воспоставување.
  - Главна област на криминал во која е инолвирано лицето, криминалната група или објект/локација;
  - Намера; оперативни цели и причина за означување како цел; Опис на причините за запирање на криминалистичка контрола;
  - Генералии за лицето врз кое се воспоставува криминалистичката контрола, живеалиште, престојувалиште (за кое лице се пополнува додатокот за индивидуални податоци за лицето);
  - Податоци за криминална група (се пополнува и додаток за индивидуални податоци за лице–член на криминалната група);
  - Податоци за криминалистичка контрола над објект/локација за кој се пополнува додаток за податоци за објект.

При воспоставување на криминалистичка контрола за криминална група во прилог на предлогот за воспоставување на истата се поднесува и анкетен лист за проценка на криминалната гупа. [97]

Составен дел на предлогот за воспоставување на криминалистичката контрола е планот за мерки и активности. Планот ги содржи следните елементи:

- Дали се однесува на криминалистичка контрола, криминалистичка обработка и оперативна акција;

[97] Во врска со Чл. 14 од *Закон за полиција*, Службен весник на РСМ бр.114/2006, 6/2009, 145/12 и 41/14

- Дали се однесува на меѓусекторска, меѓуинституционална или меѓународна соработка;
- Податоци за криминалистичкото истражување;
- Податоци за одговорниот полициски службеник;
- Краток опис на причините;
- Организациони единици кои ќе учествуваат во спроведувањето;
- Оперативен тим надлежен за спроведување;
- Предлог мерки и активности кои треба да се спроведат: (Форензичка стратегија; Стратегија за претрес; Стратегија за лишување од слобода; Медиумска стратегија; Финансиска стратегија);
- Команда и контрола;
- Проценка на ризик;
- Начин на меѓусебна комуникација;
- Размена на информации и материјални докази;
- Надлежно јавно обвинителство и надлежен суд за водење на кривичната постапка;
- Забелешка;
- Генералии и потпис на лицето кој го предлага пПланот;
- Генералии и потпис на лицето кој е согласен со планот;
- Генералии и потпис на лицето кој го одобрува планот;
- Додаток за индивидуални податоци − Додаток план за собирање информации.

Во текот на водењето на криминалистичката контрола над лице, криминална група или објект/локација врз основа на новодобиените податоци и информации, од страна на надлежениот аналитичар се изготвува профил на субјект, профил на објект и анализа на криминална мрежа во единиците за криминалистичко-разузнавање и истите претставуваат документи кои постојано се надополнуваат сè до затворањето на криминалистичката контрола.

#### 2.1.1.1 КРИМИНАЛИСТИЧКА КОНТРОЛА НАД КРИМИНАЛНИ ГРУПИ

**Криминална група** - Цел на воспоставување криминалистичка контрола над криминална група е евидентирање, класификација и следење на активностите на криминални групи како дел од криминалистичко-разузнавачки процес. Со следењето на активностите на криминалните групи се овозможува рано откривање на сериозниот и организираниот криминал, евидентирање и проценка на реалната закана од делувањето на криминалната група на територијата на СВР Битола. Во исклучителни ситуации и заради итност на постапување, криминалната група може да се евидентира и во текот на преземањето мерки и активности при постапување по конкретен предмет на работа, со пополнување на соодветните обрасци кои се предвидени во соодветни упатства за воспоставување криминалистичка контрола со кои МВР располага.

**Под организирана криминална група** се подразбира група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист. За организирана криминална група се подразбира група која ги исполнува следните 5 задолжителни и 4 изборни критериуми.

Задолжителни критериуми:

- соработка на најмалку три или повеќе лица;
- групата да постои одредено време;
- делува договорно со цел вршење едно или повеќе кривични дела;
- извршуваат кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години или потешка казна;
- делува со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист.

Изборни критериуми

- секој член на групата има однапред одредена задача или улога;
- да користи перење пари или незаконски стекната добивка;
- во вршењето на криминалните активности применува насилство или заплашување или да постои спремност за нивна примена;

- криминалните активности организираната криминална група ги планира и врши во меѓународни размери;
- да постои влијание на организираната криминална група или нејзин дел на политиката, медиумите, институциите и стопанството;
- постоење на хиреархиска структура или организираната криминална група делува преку повеќе посебни или поврзани ќелии;
- дејноста на ОКГ да се базира врз основа на примена на одредени правила, внатрешна контрола или дисциплина на членовите на групата;

#### 2.1.1.2 СЛЕДЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА КРИМИНАЛНИТЕ ГРУПИ

Утврдување на постоење на криминална група или организирана криминална група според сложеноста и територијалната распространетост. КГ делува на локално ниво кога криминалните активности ги врши на подрачјето на едно СВР - нивните полициски станици, односно кога криминалните активности на криминалната група претставуваат закани за локалната заедница, а во преземање мерки и активности за нивно сузбивање надлежни се СВР и РЦ за ГР своите полициски станици и регионалните отсеци на надлежната организациската единица за прикриени човечки извори на информации за локален и регионален криминал.[98]

Криминална група делува на регионално ниво кога криминалните активности ги врши на подрачјето на две или повеќе СВР, односно сложеноста на криминалните активности на криминалната група претставуваат закана за одредено подрачје или регион во РС Македонија. Криминалната група делува на регионално ниво кога криминалните активности се вршат на територија на РС Македонија и на територија во пограничен регион на соседна држава. За утврдување на постоењето на криминалните групи и преземањето мерки и активности за нивно сузбивање на регионално ниво, надлежни се СВР и РСМ на чие подрачје делува криминалната група и регионалните отсеци на надлежната организациската единица.

[98] https://sherloc.unodc.org/cld/uploads/pdf/Strategies/Toolkit_-_Macedonian.pdf, (пристапено 09.02.2025)

Криминалната група делува на национално ниво кога криминалните активности ги врши на национално и меѓународено ниво, односно сложеноста на криминалните активности на криминалната група претставуваат највисок облик на закана за безбедноста на Република Северна Македонија и нејзините витални интереси. Ова се најсложените облици на кривични дела од областа на организираниот и сериозниот криминал, тероризам и корупција. За идентификување криминални групи кои вршат кривични дела на национално ниво, надлежни се организационите единици во БЈБ, а за преземање мерки и активности за нивно сузбивање на национално ниво, надлежен е одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК). Врз основа на доставените предлози за воспоставени криминалистички контроли, единицата за криминалистичко-разузнавачка анализа изготвува и по потреба ажурира матрица за проценка на заканите.

**Означување на криминалните групи**

Со цел прецизно следење на криминалните активности на криминалната група и се доделува идентификациона ознака со цел нејзино евидентирање и обработка и претставува кованица од букви и броеви кои се точно определени според правилник воспоставен во МВР. Идентификационата ознака на криминалната група ги содржи следните елементи: нивото на делување на криминалната група кое може да биде (локално, регионално или национално ниво); организационата единица во Бирото за јавна безбедност (БЈБ) која ја дефинирала криминалната група. Потоа територија од евиденцијата/регистарот за воспоставени криминалистички контроли во организационата единица која ја дефинирала; податок за годината во којашто криминалната група е евидентирана и знак за нивото на организираност на криминалната група: (високо ниво на организираност, средно ниво на организираност, ниско ниво на организираност или пак нема елемент на организираност).

Организационата единица надлежна за следење на активностите на одредена криминална група должна е ажурно да ги доставува сите информации до надлежната организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа во која е евидентирана КГ. Надлежната организациона едииница должна е најмалку еднаш во 6 месеци да изготви ревизија на параметрите во анкетниот лист за проценка на криминалната група. Сите надлежни полициски службеници се должни да собираат податоци за евидентираните

криминални групи и нивните членови, независно од нивото на делување на конкретната криминална група.

**Дефинирање на нивото на организираност** на организирана криминална група (ОКГ). Нивото на организираност на КГ/ОКГ се утврдува врз основа на збир од параметри со кои се врши рангирање на криминалните групи на објективен и прецизен начин. Параметрите ги имаат следните вредности: висока, средна, ниска, никаква и неутврдена (доколку во моментот на проценката не постојат доволно информации дека проценката може да се изготви за одреден параметар). За секој параметар посебно се проценува, врз основа на која проценка се одредуваат бодови.[99]

**Параметри и нивно значење**:

- Корумптивно влијание
- Финансиска моќ
- Насилство
- Користење на легален бизнис
- Софистициран начин на вршење на делата
- Медиумско влијание
- Стратегија
- Криминални врски со други криминални групи и организирани криминални групи
- Врски со криминални групи
- Контра мерки
- Заштита на водачот
- Дисциплина на криминалната или организираната криминална група
- Поврзаност во групата – структура на поврзаност
- Стабилност на групата во делувањето
- Монопол
- Број на членови

[99] https://zbornik.pf.uns.ac.rs/wp-content/uploads/2019/01/doi_10.5937_zrpfns42-0017.pdf пристапено 10.02.2025

При проценката на нивото на организираност на КГ/ОКГ потребно е да се води сметка за фактот дека кога ќе се утврди постоење на КГ/ОКГ на локално ниво, сите параметри да се проценат врз основа на фактот, реалната закана за локалното ниво на кое делува КГ/ОКГ, но кај КГ/ОКГ на национално ниво сите параметри се проценуваат врз основа на тоа во колкава мерка истите се присутни на национално ниво (високо ниво). Врз основа на истата се одредуваат приоритетните криминални групи кои ќе бидат предмет на работа на надлежните организациони единици. Во Централната единица за криминалистичко разузнавање и анализа се изготвува збирна приоритетна листа на проценетите КГ/ОКГ за сите изготвени евидентирани криминални групи

### 2.1.2 КРИМИНАЛИСТИЧКА ОБРАБОТКА

Криминалистиката обработка претставува највисок стадиум на криминалистичкото истражување, систем на планска, организирана примена на оперативно-тактички и технички методи и средства, истражни мерки и дејствија насочени кон тоа да се спречи и открие одредено кривично дело, да се открие и утврди одреден сторител на кривично дело и за истиот да се обезбедат докази за кривично-правен прогон познат и непознат. Криминалистичка обработка се воспоставува за извршител на кривични дела кои се гонат по службена должност.

Во организационите единици на БЈБ се спроведуваат следните видови на криминалистички обработки:

- проактивни криминалистички обработки и
- реактивни криминалистички обработки

**Проактивните криминалистички обработки** се воспоставуваат врз основа на разузнавачки или друг вид информации за лица или криминални групи кога постои основа на сомнение дека подготвуваат или извршуваат кривични дела кои се гонат по службена должност, заради преземање на полициски мерки и истражни дејствија, обезбедување информации и докази со цел спречување и откривање на кривични дела и нивните сторители.

**Реактивните криминалистички обработки** се воспоставуваат кога постојат сознанија за извршено кривично дело од страна на познат или непознат сторител кој се гони по службена должност заради преземање на полициски мерки и истражни дејствија, а со цел обезбедување информации и докази за извршеното кривично дело и неговите сторители.

### 2.1.2.1 МЕТОДОЛОГИЈА НА ВОСПОСТАВУВАЊЕ КРИМИНАЛИСТИЧКА ОБРАБОТКА

Полицискиот службеник изготвува предлог за воспоставување криминалистичка обработка (КО) и го доставува до непосредниот раководител за одобрување и понатамошно постапување. Предлогот за воспоставување криминалистичка обработка потребно е да ги содржи следните податоци: дали се однесува на лице, криминална група или тешки кривични дела со НН сторител; дали криминалистичката обработка е меѓусекторска, или меѓуресорска, меѓународна; податоци за криминалистичката обработка (регистарски број на КО, псевдоним, датум на воспоставување/проширување), податоци за раководителот на оперативен тим; податоци за одговорниот аналитичар; дали за криминалната група има криминалистичка контрола; идентификациона ознака на криминалната група; главна област на криминал во која е инолвирано лицето, криминалната група; намера; оперативни цели и причина за означување како цел; краток опис на сознанијата; организациони единици кои ќе учествуваат во спроведувањето; правен основ; надлежно јавно обвинителство и надлежен суд за водење на кривичната постапка; забелешка; дали се прифаќа предлогот; ако не се прифаќа кратко образложение генералии и потпис на лицето кое предлага воспоставување на КО; генералии и потпис на лицето кое е согласно со воспоставување на КО; генералии и потпис на лицето кое го одобрува воспоставување на КО; додаток за индивидуални податоци и анкетен лист за проценка на КГ/ОКГ.

### 2.1.2.2 ВОДЕЊЕ ЗАЕДНИЧКИ КРИМИНАЛИСТИЧКИ ОБРАБОТКИ

Под криминалистичка обработка се подразбира и планиран систем на сите оперативно-тактички мерки и истражни дејствија со цел да се спречи криминалитетот, кој

е насочен кон откривање и утврдување на конкретно кривично дело, на неговиот сторител и на неговата одговорност, сето тоа врз основа на претходно осознаени индиции.[100] За разлика од криминалистичката контрола каде се преземаат само оперативно-тактички мерки, кај криминалистичката обработка се преземаат и истражни мерки, а сомневањето е на повисок степен, односно имаме основано сомнение.[101]

За реализација на мерките на криминалистичката обработка, исто така, се изготвуваат соодветни планови кои содржат податоци за лица, за предложената мерка, лицето кое ја спроведува мерката, криминогените објекти и жаришта кои ќе бидат опфатени и др.[102]

Криминалистичките обработки можат да се воспостават и како:

1. Меѓусекторска криминалистичка обработка
2. Меѓуинституционална криминалистичка обработка
3. Меѓународна крминалистичка обработка

Доколку криминалистичката обработка, која е воспоставена во една организациона единица во БЈБ, прерасне во меѓусекторска, меѓуинституционална или меѓународна, се врши спојување на предметот на обработка и се евидентира во евиденциите/регистрите кои се водат согласно Правилникот за начинот на водење евиденции во полицијата и формата и содржината на евиденциите во полицијата.

*2.1.2.2.1 Меѓусекторска криминалистичка обработка* се воспоставува помеѓу подрачните СВР, РЦ за ГР, ОСОСК и Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика (СККДФ), за кривични дела кои се подготвуваат или се извршени од лица или криминални групи на подрачјето на две или повеќе СВР или РЦ за ГР. Меѓусекторска заедничка криминалистичка обработка се воспоставува кога организационите единици, согласно надлежноста не можат самостојно и ефикасно да се справат со спречувањето или откривањето на одредено/ни извршени кривични дела, има потреба од поголем број

[100] Џуклески Г., *Вовед во криминалистика*, Графи Мак Принт, Скопје, 2006

[101] Ангелески М., Мургоски Б., *Вовед во криминалистика*, Скопје, 2017, стр.125

[102] Малиш-Саздовска М., *Криминалистичка тактика 2,* Факултет за безбедност, Скопје, стр.15

човечки ресурси, потребен е висок степен на специјализација за спречување или откривање на истите, има потреба од спроведување специфични и сложени задачи.

Меѓусекторска криминалистичка обработка се воспоставува заради:

1. спречување или откривање сериозни кривични дела во кои инволвираните сторители кои делувале, требало да делуваат или делуваат на подрачјето на две или повеќе СВРи РЦ за ГР или се поврзани со странство;
2. кога се работи за помалку сериозни кривични дела кои предизвикуваат вознемиреност на јавноста и создаваат чувство на несигурност на подрачјето на две или повеќе СВР и РЦ за ГР или се поврзани со странство;
3. над лица и криминални групи кои се идентификувани како закана низ процесот на криминалистичка контрола ;

За спроведување на меѓусекторската криминалистичка обработка се формира заеднички оперативен тим од надлежените организациони единици со кои раководи полициски службеник од организационата единица која го дала предлогот. Предлог за воспоставување меѓусекторска криминалистичка обработка, поднесува началникот на ОСОСК, СВР или РЦ за ГР, согласност дава началникот на ЦПС и истиот се одобрува од директорот на БЈБ. Составен дел на предлогот за воспоставување на меѓусекторска криминалистичка обработка е планот за мерки и активности на меѓусекторската криминалистичка обработка.

За меѓусекторската организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа се води основно досие во кое се одложуваат собраните податоци, инофмации и изготвените службени документи, а во надлежната организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа на вклучените организациони единици се води помошно досие. Доколку при водење на криминалистичка обработка и меѓусекторска криминалистичка обработка од страна на СВР и РЦ за ГР, се констатира постоење елементи на организиран криминал, за идентификуваното кривично дело, лице или криминална група, со краток опис на дотогаш прибраните податоци, информации и материјални докази, веднаш по писмен пат го известуваат ОСОСК за запознавање и понатамошно постапување.

*2.1.2.2.2 Меѓуинституционална криминалистичка обработка* се воспоставува со цел спречување и откривање кривични дела и гонење сторители на кривични дела со елементи на организиран и сериозен криминал за кои е потребно заедничко и координирано преземање на оперативно-тактички мерки и активности со други институции кои согласно ЗКП се надлежни за водење криминалистички истражувања. За одредени видови кривични дела се спроведува меѓуинституционална криминалистичка обработка со Управата за финансиска полиција или Царинската управа на РСМ. Меѓуинституционална криминалистичка обработка се воспоставува по доставен предлог од страна на Управата за финансиска полиција или Царинската управа на РСМ − надлежни за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот, сериозниот криминал и корупцијата до Бирото за јавна безбедност на МВР.

По доставен предлог до Бирото за јавна безбедност на МВР за започнување на меѓуинституционална криминалистичка обработка од страна на Управата за финансиска полиција или Царинската управа на РСМ, одлуката ја донесува директорот на БЈБ, по претходно добиено мислење од надлежната организациона единица.

*2.1.2.2.3. Меѓународна криминалистичка обработка* се воспоставува заради спречување и откривање кривични дела и сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал со елементи на транснационалност како и за предмети на меѓународни истраги, обвиненија или правни постапки во една или повеќе држави, ОСОСК по насоки и координација со јавниот Обвинител и секторот за меѓународна полициска соработка, организира и спроведува меѓународна криминалистичка обработка. Меѓународната криминалистичка обработка се остварува во согласност со националното законодавство, билатералните договори за полициска соработка меморандуми и протоколи за полициска соработка, ратификувани меѓународни договори, конвенции, членство во меѓународни полициски организации (Интерпол, Европол, СЕЛЕК, ФРОНТЕХ), како и во согласност со соодветни договори што се склучуваат во случај на потреба од итни меѓународни истраги или по барање за меѓународна правна помош. Спроведување на меѓународна криминалистичка обработка на барање за меѓународна правна помош иницира надлежен, јавен обвинител. Предлогот за меѓународна

криминалистичка обработка го изготвува и спроведува надлежната организациона единица при ОСОСК, одредена од страна на началникот на ОСОСК за што формира и оперативен тим за спроведување на истата. Предлог за воспоставување меѓународна криминалистичка обработка, врз основа на иницијатива на организациона единица во ОСОСК и донесена одлука на групата за давање задачи и координација, поднесува началникот на ОСОСК. Предлогот се доставува на согласност до началникот на ЦПС, а го одобрува директорот на Бирото за јавна безбедност во координација со надлежен јавен обвинител. Составен дел на предлогот за воспоставување на меѓународна криминалистичката обработка е планот за мерки и активности.

По добиена согласност од државите учеснички во меѓународната криминалистичка обработка се организира заеднички состанок на државите учеснички, на кој состанок присуствуваат и надлежните јавни обвинители. На состанокот заземаат заеднички ставови за: Целта на меѓународната заедничка криминалистичка обработка; Одредување национална контакт-точка за комуникација; Формирање заеднички тимови; Меѓународна полициска организација која ќе биде вклучена во организирањето и водењето на меѓународната заедничка криминалистичка обработка; Начини на комуникација и размена на информации и докази и временска рамка.

#### 2.1.2.3 РЕАЛИЗАЦИЈА НА КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ОБРАБОТКИ

При реализација на криминалистичка обработка, меѓусекторска, меѓуинституционална и меѓународна криминалистичка обработка, предлог за реализација на криминалистичка обработка дава раководителот на оперативниот тим кој ја води криминалистичката обработка. Предлогот се дава кога се обезбедени докази или е потребно да се обезбедат докази за осомничените сторители и кривичните дела извршени од нивна страна, кога постои опасност од компромитација на оперативно-тактичките или посебните истражни мерки што се применуваат во криминалистичката обработка, кога постои опасност доказите и предметите кои произлегуваат од кривичното дело да бидат уништени од страна на сторителите; кога постои опасност по животот и телото на луѓето и имотот во поголем обем, кога постои опасност од бегство на сторителот и кога се исполнети целите за кои е отворена криминалистичката обработка

Пред да се пристапи кон реализација на криминалистичка обработка, со предлогот се запознава надлежниот јавен обвинител. За предлогот за реализација на криминалистичка обработка се изработува оперативен план за реализација кои ги содржи следните елементи:

Податоци за криминалистичкото истражување; Податоци за одговорниот полициски службеник; Ситуација; Мисија; Организациони единици кои ќе учествуваат во спроведувањето; Команда и контрола; Концепт на извршување; Форензичка стратегија; Стратегија за претрес; Стратегија за лишување од слобода; Стратегија за водење разговори со приведени лица; Медиумска стратегија; Финансиска стратегија; Проценка на ризик; Начин на меѓусебна комуникација,; Надлежен јавен обвинител и суд; Мерки за безбедност; Материјално-технички средства; Мапи, карти, чартови; Забелешка; Генералии и потпис на лицето кое го предлага планот за реализација; Генералии и потпис на лицето кое е согласно со планот за реализација; Генералии и потпис на лицето кое го одобрува планот за реализација. Оперативниот план за реализација го одобрува раководителот на организационата единица. Со реализација на криминалистичката обработка, надлежната криминалистичка организациона единица поднесува кривична пријава до надлежното јавно обвинителство. Кривичната пријава се поднесува во согласност со одредбите на Законот за кривичната постапка и Правилникот за начинот на вршење на полициските работи.

### 2.1.3 ОПЕРАТИВНА АКЦИЈА (ОА)

Оперативна акција (О.А) претставува организирано, синхронизирано, координирано и временски ограничено преземање конкретни мерки и активности на полицијата заради идентификување, следење и анализа на одредена криминална/безбедносна појава од одредена област на криминалитет со цел идентификување на лица, криминални групи и казниви дела заради спречување нивно извршување или утврдување казниви дела и нивните сторители. Оперативна акција се воспоставува кога постојат основи на сомнение дека одредена безбедносна појава започнува да претставува потенцијална закана и има индиции за нејзино понатамошно ширење и ескалирање поради што е потребна брза полициска реакција и ангажирање поголем број полициски службеници со цел навремено спречување на истата. Оперативна акција се воспоставува за значајни безбедносни појави

или настани од висок безбедносен ризик за граѓаните и државата како избори, самити, значајни собири и манифестации, појави во областа на криминалитетот, јавниот ред и мир, безбедноста на сообраќајот, државната граница и др. Оперативната акција се води под псевдоним, со утврден временски рок кој по потреба може да се продолжува и истата во согласност со утвредната потреба може да е на национално, регионално и локално ниво.

Предлогог за воспоставување оперативна акција на национално и регионално ниво го дава надлежна организациона единица во БЈБ, а го одобрува директорот на БЈБ. Предлогог за воспоставување оперативна акција на локално ниво го дава надлежената организациона единица во секторот а го одобрува началникот на СВР или РЦ за ГР.

ОА се воспоставува со предлог за воспоставување на ОА кој ги содржи следните елементи: назив на организациона единица, евидентен број на предлогот за воспотавување на ОА, датум на предлогот, причините за воспоставување ОА, псевдоним на воспоставената ОА, задолжени организациони единици кои треба да постапуваат по ОА, Членови на Оперативниот штаб на ОА, генералии и потпис на лицето кое го предлага предлогот; генералии и потпис на лицето кое е согласно со предлогот, генералии и потпис на лицето кое го одобрува предлогот

Со ОА раководи оперативен штаб утврден со предлогот за воспоставување оперативна акција. Организационата единица која ја воспоставува ОА на национално ниво води предмет за оперативната акција вво Централната единица за криминалистико разузнавање и анализа, а во СВР, во надлежната организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа во кои се доставуваат и одлагаат сите службени метријали. Организационата единица која ја воспоставува ОА на регионално и локално ниво води досие за оперативната акција во надлежната организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа и доставува извештаи за состојбата со ОА до Централната единица за криминалистичко разузнавање и анализа. Примерок од предлогот за воспоставување на ОА се доставува до Централната единица за криминалистичко разузнавање и анализа на БЈБ за водење на централна евиденција.

Согласно предлогот за воспоствување на ОА оперативниот штаб изготвува план за мерки и активности со утврдени конкретни мерки и активности, рокови и надлежни

организациони единици во БЈБ и државни институции во РС Македонија, вклучени за постапување по истите. Конкретни мерки и активности од страна на штабот се делегираат на раководителите на организационите единици за постапување. Централната единица за криминалистичко разузнавање и анализа и надлежната организациона единица за криминалистичко-разузнавачка анализа врши ажурирање и обработка на добиените информации и изготвува разузнавачки и аналитички продукти и истите ги доставува до надлежната организациона единица која ја воспоставила ОА, со цел преземање понатамошни мерки и активности. Кога оперативниот штаб ќе процени дека се создадени услови за реализација, тој изготвува оперативен план за реализација, по што се пристапува кон реализација на ОА.

Станува збор за неформална постапка чија основна цел е прибирање докази во услови кога постои основно сомнение или сознание за сторено кривично дело. Оваа постапка се спроведува кога кривичното дело сè уште не е откриено. Предистражната постапка најчесто ја спроведува полицијата по службена должност или по барање на јавниот обвинител. Истата не е регулирана со закон и се изведува врз основа на полициските правила, методи и техники.

Целта на предистражната постапка е да се обезбеди доказен материјал за јавниот обвинител да може да оцени дали да се донесе наредба за спроведување на истражна постапка.

Во предистражната постапка полицијата не мора да чека посебни наредби од јавниот обвинител, истата треба да ги преземе сите неопходни дејствија за откривање на кривичното дело, сторителот на делото и прибирање неопходни доказни материјали со кои ќе се потврди кривичното дело и сторителот на делото.[103]

Активностите кои ги преземаат службените лица се насочени кон:

- Откривање на сторителот на делото;
- Спречување на сокривање или бегство на сторителот и/или учесникот во делото;

[103] https://www.ihr.org.mk (пристапено на 28.11.2024)

- Обезбедување и откривање траги и предмети од кривичното дело за утврдување факти;
- Собирање на сите известувања кои би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка;

За таа цел полицијата во текот на предистражната постапка може:

- Да бара потребни известувања од граѓани;
- Да легитимира и да изврши преглед на лица, багаж, превозни средства ако има сознанија дека кај истите може да се пронајдат траги или предмети кои може да послужат како доказен материјал за сторено кривично дело.
- Да пренасочи, насочи или ограничи движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време (до 6 часа);
- Да преземе потребни мерки заради утврдување на идентитетот на лицата и на предметите;
- Да зема отпечатоци, примерок за ДНК анализа и да фотографира;
- Да спроведе потрага, распише потерница по лицето и објава по имотот и имотната корист или по предметите по кои се трага;
- Да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во определена, нивна документација;
- Да изврши препознавање;
- Да преземе други потребни мерки и дејствија;

## 3 ИСТРАЖНА ПОСТАПКА

Истражната постапка е втората фаза во кривичната постапка и истата е надоврзување и продолжување на предистражната постапка. Со истражната постапка раководи јавниот обвинител. Кон истражна постапка се пристапува кога почетните сомненија и укажувања по собраните докази преминат во основно сомнение за сторено кривично дело од страна на конкретно лице – сторител на делото.

Јавниот обвинител води комплексна истрага, истиот има обврска истрагата да ја спроведе целосно и непристрасно. Неговите надлежности, обврски и одговорности се големи. Јавниот обвинител ги прибира сите докази земајќи ги предвид и тие што се во прилог на утврдување на стореното кривично дело, но и тие што се во корист на обвинетото лице.

За да започне истражната постапка, потребно е јавниот обвинител да донесе наредба за спроведување истражна постапка, кога ќе оцени дека постои основно сомневање за сторено кривично дело, а за кое осомничениот се гони по службена дејност. Во наредбата се наведени личните податоци на осомничениот, опис и правна квалификација на делото за кое се однесува наредбата, и во истата се определува кои активности и истражни дејствија треба да се преземат, кои лица треба да се испитаат за определени прашања, како и кои околности треба да се извидат.

Јавниот обвинител може да го испита осомниченото лице пред да ја донесе наредбата за спроведување на истражна постапка. Осомниченото лице и неговиот бранител имаат право да извршат увид и препис на сите истражни дејствија, имаат право да даваат предлози за преземање определени дејствија.

При извршување на истражната постапка, јавниот обвинител на располагање ја има правосудната полиција.

Основната цел на истражната постапка е да се приберат потребните доказни материјали врз основа на кои јавниот обинител ќе одлучи дали да се поднесе обвинение или ќе се откаже од кривичното гонење.

За спроведување на истражната постапка, согласно одредбите на законот, јавниот обвинител може да ги преземе следните истражни дејствија:[104]

- Претрес;
- Привремено обезбедување и одземање предмети или имот;
- Испитување на осомничениот;

[104] Закон за јавно обвинителство, Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.02.2020 година

- Испитување сведоци;
- Вештачење;
- Увид;
- Посебни истражни мерки;

Некои од овие мерки можат да се преземат и пред да се спроведе истражната постапка, доколку се утврди дека постои опасност од одлагање.

## 3.1 Претрес

Она на што мислиме кога велиме „претрес“ всушност подразбира две различни полициски процедури - **преглед и претрес**. За службеното лице да има овластување да ве прегледа, доволно е да се посомнева дека носите нешто опасно – дрога, оружје, експлозив или нешто друго − или предмет што би му помогнал да најде нешто или некој што го бара.[105] За преглед не е потребна судска наредба. Во случај на претрес потребно е да е сторено кривично дело и да постои основано сомнение дека имате нешто важно за неговата истрага. Претресот се врши врз основа на судска наредба, освен кога полицискиот службеник се посомнева дека носите опасен предмет, или дека ќе фрлите или скриете нешто што треба да послужи како доказ.

**Преглед на лице -** Секој полицаец има овластување да ве запре и да ве прегледа вас, предметите што ги имате со вас и вашето возило доколку се сомнева дека имате нешто недозволено или опасно. Под недозволено се мисли на различни видови дрога, додека под опасен материјал − оружје, експлозив или друг предмет. Полицискиот службеник го презема прегледот по сопствена слободна проценка − не му е потребна судска наредба или наредба од претпоставен.

Доколку таа проценка се покаже како точна, а кај лицето се најде опојна дрога, прегледот може да се претвори во претрес без налог. Доколку не се исполнети условите за

[105] Латежиќ-Бужаровска Г. ,Калајџиев Г., Мисоски Б., Илиќ-Димоски Д., - Казнено Процесно право Скопје 2015 год, стр. 182.

таков претрес, полицаецот може да побара налог и да го приведе лицето додека не добие налог, што може да трае и до 6 часа.

При извршувањето на прегледот, полицаецот мора да ја покаже неговата легитимацијата, доколку тоа го побарате од него, а доколку е цивил мора да се претстави и да ви ја покаже својата значка. Прегледот за разлика од претресот е помалку инвазивен, тоа значи дека службеното лице може да види што имате во вашиот џеб, но не и да ја стави раката во него, може да користи службено куче за да душка, за да пронајде дрога. За време на прегледот има обврска да го почитува вашето достоинство и да се однесува со почит кон вас. Освен ако не е неопходно итно да се одземат опасните предмети, полицискиот службеник треба да биде од ист пол како и лицето што го прегледува.

**Преглед на предмети и транспортни средства** − Полицијата може да ги прегледа и предметите што се во ваша непосредна близина и „превезени по ваша нарачка или придружувани од вас“ − ова се однесува, на пример, на багажот што го предавате на аеродромот. Тие имаат право да го прегледаат и вашето возило, доколку сте во негова близина или го надгледувате. Во текот на оваа постапка се проверуваат „сите отворени и затворени површини“ на таквите предмети, вашето возило и сѐ што е внатре во него. Тоа значи дека ќе побараат од вас да им го отворите багажникот или куферот, а вие имате обврска да ги послушате. Ако одбиете, полицаецот може сам да го направи тоа и со сила, но мора да внимава да направи што помала штета. Во случај да предизвика штета, тој мора да фотографира или да сними на некој друг начин дека тоа го направил. И овде при увидот може да се користат кучиња и „технички средства“.

Предметите поврзани со целта на испитувањето може привремено да бидат одземени. Секоја ставка што ја чуваат мора да биде опишана во записникот, како и во потврдата што ја издаваат. Доколку најдат нешто друго, што може да биде доказ во кривична или прекршочна постапка, прегледот може да премине во претрес без судска наредба, доколку има услови за тоа. Во спротивно, тие можат да го задржат лицето додека не добијат наредба за претрес од судот, но не подолго од 6 часа.

**<u>Претрес</u>**

Претресот е поинвазивна постапка, која се спроведува врз основа на судска одлука (освен во исклучителни случаи), заради откривање докази за кривично дело или фаќање на сторителот на тоа дело. Затоа, неопходно е да е извршено кривично дело и да постои основано сомневање дека имате нешто со вас или во вашиот стан, што е важно за истрагата или дека лицето што го извршило кривичното дело се крие во вашиот стан. Можат да ве претресат лично, со тоа што можат да ве соблечат и да ви ги прегледаат телесните шуплини, а можат да го претресат и вашиот стан и други простории. За претресот се составува записник за кој присуствуваат двајца полнолетни сведоци, а вие исто така имате право да побарате вашиот адвокат да присуствува на претресот. Предметите што ќе ги најдат, а се поврзани со причината за пребарување, ќе ви бидат земени. Доколку најдат докази кои упатуваат на друго кривично дело за кое се гони по службена должност, можат и да ги одземат, а доколку нема основи за поведување постапка, ќе ви ги вратат.

**Постапка за време на претресот** − Пред почетокот на претресот, полицаецот што го врши треба да го предаде судскиот налог, доколку го има, и да ви предложи доброволно да ги предадете предметите што ги бараат или осомничениот што го криете.

Потоа, тој мора да ви објасни дека имате право да побарате вашиот адвокат да присуствува на претресот. Доколку одлучите да го искористите ова право, претресот може да се одложи додека не пристигне вашиот адвокат, најмногу за три часа. Сите присутни полициски службеници се обврзани да покажат лична карта на ваше барање, а доколку се во цивилна облека, тоа мора да го сторат дури и ако вие конкретно не го побарате тоа. Имајте на ум дека полицијата може да ги прескокне сите овие процедурални чекори доколку се сомнева дека ќе пружите насилен отпор или ќе уништите докази. Кога ќе најдат затворен предмет или просторија, прво ќе ве замолат да го отворите. Ако одбиете, тие имаат право насилно да го отворат, со што помала штета. Во случај да предизвикаат штета, тие мора да ја фотографираат или да снимат на некој друг начин дека тоа го направиле. На претресот присуствуваат двајца полнолетни сведоци и за тоа мора да се

состави записник кој мора да го потпишат сведоците и лицето кое се претресува, односно чиј стан се претресува. Текот на пребарувањето може да се снима и со камера.

**Претрес на лица** – Ако полицаецот се посомнева дека имате нешто со вас што може да помогне во решавањето на кривичното дело, може да ве претресе со судски налог. Пребарувањето е многу поинвазивно од прегледот. Тоа значи дека според законот тој има право да ве соблече гол и да ги прегледа вашите телесни шуплини. Но, и според законот, полицаецот што го спроведува има обврска да го почитува вашето „право на приватност" и „лично достоинство" во текот на целиот претрес. Поради оваа причина, полицајците што го вршат претресот и сите други присутни мора да бидат од ист пол како вас. Доколку проценат дека постои опасност да реагирате насилно или да уништите докази, можат да извршат претрес без налог.[106]

**Претрес на дом и други простории** – Доколку се посомневаат дека просторијата содржи докази за кривично дело или негов сторител, полициските службеници можат да влезат во неа, доколку е потребно и насилно, и да ја претресат. На претрес е поканет сопственикот на станот, раководителот на фирмата или некој друг, во зависност од собата за која станува збор. Ако тоа лице не е таму, поканет е некој од возрасните во домаќинството или некој сосед. Покрај тоа, на претресот присуствуваат и двајца сведоци. Претресот се врши преку ден и се врши врз основа на судска наредба, освен во одредени случаи: кога самиот сопственик бара претресот да биде ноќе, или е „најдобриот момент" да се фати сторителот или сигурни докази; ако некој од станот повика на помош или е неопходно да се отстрани некоја опасност; кога така е определено со судски налог, кога е започнато во текот на денот и не е завршено. При претресот мора да се состави записник, освен кога претресот се врши без налог, при што се издава потврда за влез во станот во која треба да се наведат причините за влезот, а записникот потоа е доставен до јавниот обвинител, односно истражниот судија. Имате право да приговарате на претрес без налог, што е вклучено во потврдата.[107]

---

[106] Закон за кривична постапка, чл. 185, Службен весник на Р.М бр. 150/2010, 100/2012.

[107] Зафировски В., Калајџиев Г, Јанкулоски З.; Стојановски Т., - Полиција и човекови права

Предметите поврзани со целта на претресот полицијата може привремено да ги одземе. Секој од овие предмети треба да биде опишан во записникот, како и во потврдата што му се издава на сопственикот веднаш по одземањето. Доколку најдат спорни предмети кои немаат врска со целта на претресот, а се поврзани со кривичното дело за кое се гонат по службена должност, можат и да ги одземат. Во случај да нема основа за поведување постапка во врска со нив, и нема друга законска причина за нивно одземање, тие мора да ви ги вратат.

**Пребарување на дигитални уреди** − полицијата може да го пребарува и вашиот компјутер, мобилен телефон или кој било друг уред што чува електронски податоци. Тоа може да го направи само врз основа на судска одлука. Ако тие имаат таков налог, имате обврска да им дадете пристап до уредот - отклучете го телефонот или лаптопот.

## 3.2 Привремено обезбедување и одземање предмети

По извршувањето на претресот, доколку службеното лице утврди дека постојат предмети коишто според Кривичниот закон треба да се одземат, за истите треба да обезбеди наредба за привремено одземање предмети. Оваа наредба ја издава судот, и истата е правен основ за привремено одземање предмети. Наредбата треба да содржи детални податоци за предметите коишто треба да се одземат, како и од кого ќе се одземаат, до кога ќе бидат одземени, како и поука за правен лек. За одземените предмети се издава потврда. Нашето законодавство прецизира дека секој што држи предмети е должен да ги предаде, или ќе биде казнет со парична казна од 200 до 1200 ЕУР.

Одземањето на предметите може да се изврши и без наредба од судот, доколку службеното лице утврди дека има потреба од тоа. Доколку лицето кое се претресува одбива да му се одземат предметите, во рок од 72 часа треба да се добие дополнително одобрување од судот за одземање на овие предмети, а доколку судот го одбие одобрувањето за одземањето на предметите, предметите треба веднаш да се вратат на сопственикот.

Понатаму во текстот ќе бидат опишани стандардните процедури кои се применуваат при наоѓање на наркотична дрога, односно нејзиното подигнување, начинот на транспорт и складирање.

По пронајдениот предметен материјал (наркотична дрога) се известува Секторот за известување и координација на состојби и увидната екипа е должна да формира тим за истрага и да ја определи потребната опрема за криминалистичко-техничка обработка. По успешната криминалистичко-техничката обработка и увид на лице место, полициските службеници задолжени за преземањето и транспортот на пронајдените и одземени предмети, по консултација со раководителот на организационата единица за НТ со дрога, должни се да обезбедат услови за безбедно, непречено и брзо транспортирање и предавање на истите до Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења, откако претходно ќе биде извршена проценка за потребниот број на ПС кои ќе го извршат транспортот на предметите.

По извршениот транспорт на предметите до ОКТИВ, ПС задолжен за транспортот и предавањето на предметите истите ги предава на задолжениот работник од ОКТИВ и притоа задолжително се потполнува формуларот од безбедносната амбалажа и се потпишува од страна на ПС кој ги предава предметите и задолжениот работник од ОКТИВ што ги прима истите. За пронајдените предмети, претходно од страна на организационата единица за НТ со дрога, до надлежниот суд се доставува барање за добивање наредба за вештачење за пронајдените и привремено одземени предмети, а добиената судска наредба се доставува до ОКТИВ заедно со предметите за криминалистичко-техничка обработка.

По извршеното вештачење, дрогата се транспортира во депо за привремено складирање и чување во следните случаи:

- Кога сторителот или сторителите не се познати, дрогата се чува во депото до предавање на ЈО или Суд за прекршоци со соодветен поднесок;

- По наредба на ЈО или судија во претходна постапка, дрогите привремено се складираат и чуваат во депото до нивно предавање;

- Во случаи кога се работи за дроги за кои се изготвени вештачења, а се работи за помала количина, се чуваат до нивно предавање на надлежен ЈО или Суд за прекршоци со соодветен поднесок.

Доколку според изготвеното вештачење се работи за дрога, истите со поднесување на кривичната пријава се транспортираат и предаваат на надлежниот ЈО, со исполнување на горенаведените безбедносни услови.

Предавањето на дрогата до надлежното ЈО се врши со записник за примопредавање на предмети на кој записник се потпишуваат ПС кој ја предава наркотичната дрога и надлежниот ЈО задолжен за случајот кој ја примил дрога.

Во записникот за примопредавање на дрогата се внесува датум и точно време на примопредавањето на дрогата, видот и количината по вештачењето, описот на пакувањата и оригиналната амбалажа.

По наредба на надлежниот орган, судија во претходна постапка и ЈО, во одредени случаи запленетата дрога од страна на ПС се транспортира, предава и складира во депото на Агенцијата за управување со привремено одземен имот, запазувајќи ги горенаведените безбедносни услови за транспорт на дрогата.

### 3.3 Испитување на осомничен

При првичното испитување на осомничениот задолжително е да се информира дека има право на преглед од лекар при потреба од медицински третман. Оваа препорака се воведува по барање на Комитетот за превенција од тортура на Советот на Европа, поради зачестени појави на тортура од страна на полицијата. Осомничениот самиот избира дали ќе го користи ова право, доколку се откаже од истото се забележува во писмена изјава којашто треба да ја потпише.

Осомничениот исто така има право на бранител, но од ова право не може да се откаже доколку одбраната е задолжителна. Доколку во текот на испитувањето осомничениот даде исказ дека сепак сака да го оствари правото на бранител, испитувањето ќе се прекине сè додека не се обезбеди бранител.[108] Доколку не се појави бранител, испитувањето може да се продолжи по два часа од кога е известен бранителот.

[108] Ангелески, М., *Оперативна криминалистика*, Скопје, Март 2005, стр.248

Обвинетитот може да биде испитан во отсуство на бранител само доколку тој се откажал од тоа.

Испитувањето на обвинетитот е усно, по поуката за неговите права се прашува обвиентитот што има да наведе во негова одбрана, притоа не смее да се врши никаков притисок, закани, сила или други противправни дејствија за да се дојде до признание или изјава. При испитувањето се користи апарат за аудио-визулено снимање на разговорот, при што се поучува обвинетиот дека истото може да се користи на судење.

## 3.4 Испитување сведоци

Судските одлуки се заснoваат само врз основа на докази и испитувања во текот на главниот претрес. Сведоците коишто ќе се испитуваат во текот на претходната постапка и исказите коишто ќе се добијат, служат само за потркепа на судската одлука доколку овие лица не дадат исказ или го променат. Предвиден е исклучок за доказите обезбедени на доказно рочиште, каде изјава даваат оние лице кои нема да можат да бидат сослушани во текот на главниот претрес. Вредноста на прибавените искази во текот на главниот претрес или доказно рочиште е многу поголема од вредноста на исказите прибавени во текот на претходната постапка .[109]

***Заштита на сведоци во истрага***– Доколку со давањето изјава или одговарање на некое прашање, сведокот или жртвата се изложуваат себеси или свои блиски лица на опасност по живот, здравје или физички интегритет, сведокот може да ја прекине изјавата додека не се обезбедат соодветни услови за негова заштита. Јавниот обвинител со донесено решение утврдува како ќе се заштити сведокот, кој псевдоним ќе го користи, како ќе се извршува испитувањето. При прибавувањето изјава од заштитениот сведок не смее да присуствува ниту обвинетиот, ниту неговата одбрана, па ниту оштетениот и неговиот застапник.

[109] Marcus Stone, Cross-examination in Criminal Trials, Tottel Publishing, 2009, Marcus Stone, Cross-examination in Criminal Trials, Tottel Publishing, 2009, стр.1.

## 3.5 Вештачење

Вештачењето го врши вештак кој е експерт во одредена област, односно лице кое поседува знаења и вештини кои можат да помогнат во утврдувањето на конечната вистина во судската постапка. Стручно мислење може да врши физичко лице кое е запишано во Регистарот на вештаци или државен орган (на пр. вештачењето на сомнителни прашкасти материи го изведуваат стручни лица во лаборатории на МВР).

Вештачење може да се направи по барање на судот. Вештакот се придржува до роковите определени со судската одлука и вештачењето го врши совесно и непристрасно. Вештакот ги чува доверливо сите информации добиени при судско-медицинскиот преглед. Вештачење е потребно во сите оние случаи во кои има објективна потреба од расветлување важни факти кои не им се познати на судиите, односно не се во доменот на општите познавања на адвокатите и судот ќе бара соодветно вештачење.

## 3.6 Увид

Увидот служи за откривање и собирање докази значајни за откривање на постоење кривично дело и докази значајни за откривање на неговиот сторител, но е важен и за проверка и оцена на други собрани докази. Увидот е процес од повеќе постапки со кој се набљудуваат сите важни околности на настанот (директно или индиректно), на местото на настанот, а се пронајдени и вештачки обработени траги и предмети со реконструкција на кривичното дело. Целта на увидот е да се соберат и регистрираат сите криминално релевантни информации заради расветлување на кривичното дело и прибирање докази. Увидот се презема кога е потребно директно набљудување за да се утврди или разјасни важен факт во кривичната постапка.[110]

Јавниот обвинител проценува дали во конкретна ситуација треба да се спроведе увид бидејќи на овој начин може да се добијат значајни информации, прибирање материјални докази и информации кои можат да бидат од значење за расветлување на кривичното дело.

---

[110] Водинелиќ, В., *Криминалистика*, Белград, 1987, стр. 375

# 4. ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ( ПИМ )

## 4.1.Поим и видови мерки

Со изменувањата од 2004 година на законот за кривична постапка и со негови подоцнежни измени, во нашето законодавство се воведуваат дополнителни мерки кои би ја зголемиле успешноста на истрагата, односно се воведуваат посебни истражни мерки. Овие мерки се предвидуваат за тешки кривични дела и кривични дела од оганизираниот криминал, а во суштина истите по својата природа претставуваат смислено нарушување на дел од човековите слободи и права кои се загарантирани со меѓународни документи и со Уставот. Ваквото смислено нарушување на основните човекови права се прави заради остварување на одредени цели како што е заштита на општеството и граѓаните од тешки форми на криминал и успешно и ефективно справување со истите. Со примената на посебните истражни мерки на органите на кривичниот прогон, во значителна мера се надминуваат многу тешкотии во откривањето и гонењето на тешките форми на криминал. Посебните истражни мерки се дел од одреден спектар на тајни средства и методи, и за разлика од претходно, не се веќе тесно поврзани само со делувањето на тајните служби, односно овие мерки се инструменти со кои се служат сите служби кои се борат со оганизирани криминални групи, корупција и останатите софистицирани облици на криминалитет кои не можат да бидат откриени само со примена на класичните методи и средства кои се познати за криминалистиката.[111] Овие мерки се предвидени само во строго определени случаи, кога на друг начин не можат да се соберат докази и податоци, а е веројатно дека само на тој начин истите ќе бидат обезбедени, а се знае дека се неопходни за успешно водење на кривичната постапка. Причините и примената на посебните истражни мерки прецизно се регулирани во законот за кривична постапка, и во други закони, како законот за следење на комуникации. Со дефиницијата која ја дава професорот В. Камбовски тој смета дека кога се говори за посебни т.е. специјални истражни мерки, во прашање се полициски постапки на иследување, истражување на

[111] Малиш Саздовска М., *Криминалистичка тактика 2*, Факултет за безбедност, Скопје 20218, стр.83

правно релевантни фактори кои се од значење за покренување формална казнена постапка или за спречување на извршување на казненото дело.[112]

Во секое законодавство посебните истражни мерки треба да бидат имплементирани согласно принципите на: законитост и легитимитет, сразмерност, супсидијарност и соодветна контрола и надзор.[113]

Посебните истражни мерки, нивниот вид и број е утврден со чл. 252 од ЗКП, а тоа се:

#### 4.1.1. Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т.1 од ЗКП )

Оваа мерка се однесува на телефонските комуникации, но и на сите други видови на електронски комуникации помеѓу луѓето кои всушност преставуваат неделив дел од приваниот живот, кои се одредени според правното сфаќање на Европскиот суд за човекови права. Со оваа мерка не се опфатени, непосредни – усни комуникации или пак амбиентално прислушкување, писма и поштенски пратки како посебен облик на комуникација. Конкретната мерка ја определува надлежен судија со писмена наредба, по предог на надлежниот јавен обвинител со подетално образложение во кое треба да бидат наведени причините за неопходноста од примената на оваа мерка. Оваа мерка се состои од две различни активности, следење и снимање, па затоа при нејзиното појмовно определување треба да се разгледуваат одделно.[114] За оваа мерка да биде применета, законодавецот бара да бидат исполнети два неопходни услови и тоа, веројатноста дека со примената на оваа мерка ќе бидат обезбедени податоци и докази кои би послужиле за успешно водење на кривичната постапка и другиот услов е дека доказите и податоците кои би се добиле со оваа мерка не може да се прибават на друг начин.

#### 4.1.2. Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникации

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т. 2)

---

[112] Камбовски В., *Организиран криминал*, 2-ри Август – Штип, 2005, стр.365

[113] Антониќ В., Митровиќ Д., *Посебне истражне радње, модул пројект,Сарајево, Фебруар,2012, стр.21-23*

[114] Малиш Саздовска М., *Криминалистичка тактика 2*, Факултет за безбедност, Скопје 20218, стр.136

Со оваа мерка се опфаќаат само непосредните коминикации – амбиенталното прислушување како што е озвучување на просторијата во која се знае дека би се одвивала комуникацијата со поединецот, а за истиот простор се знае дека е приватен. Од криминалистички аспект, оваа оперативна мерка значи мерка при која со користење на фото и видео-технички средства се снима одредено лице, контакт, објект, документ, предмет или други интересни факти за криминалистичко-оперативната дејност. [115]За оваа мерка постои законско ограничување (чл. 268 од ЗКП) дека истата може да биде насочена само кон простории и возило кои припаѓаат на лице кое е осомничено за определено кривично дело. Во исклучителни случаи мерката може да биде и за дом на друго лице, но само доколку постои основано сомнение дека осомниченото лице престојува во тој дом. Доколку не се докаже дека осомничениот престојува во тој дом, судијата нема основ да дозволи оваа мерка да се примени во тој дом на друго лице за кое не постои сомнение за вмешаност во инкриминирани акивности. Во смисла на значењето на изразите од чл. 21 од ЗКП под снимање се подразбира визуелно-тонско или само визуелно или пак само тонско, во зависност од потребата и оценката на можностите за секој конкретен случај. Исто така треба да се напомене и тоа дека најчесо осомничениот не живее сам и во домот престојуваат и други членови од неговото семејсво, па доколку се пресретнат искази или дејствија од сферата на приватниот и интимниот семеен живот и не се во врска или со каква било поврзаност со целта поради која мерката е определена, снимањето задолжително мора да се прекине.

### 4.1.3. Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т.3)

Со оваа мерка освен содржината на комуникацијата на засегнатиот, целта е и регистирање на надворешните случувања на објектот на опсервација како и добивање сознанија за движењето на осомничениот, присуството на одредени места, поврзаноста со определени предмети, контакти со определени лица и слично. Таа се однесува на непосредната електронска комуникација, која е всушност опфатена во точката 1. Оваа мерка може да биде и со физичко следење, но секогаш се користи истовремено со

[115] Кривокапиќ В., Крстиќ О., *Криминалистичка техника 2*, Белград, 1999 атр.366

технички средства за снимање со кои се регистрираат сите сомнителни активности, дејствија, контакти и случувања, а истите би можеле да бидат во корист за утврдување и докажување правни фактти – соизвршители, прикривачи, помагачи или пак предмети со кои кривичното дело е сторено и сл. Затоа многу често оваа мерка се користи во комбинација со првата посебна истражна мерка, а тоа е следењето комуникации. Оваа мерка најчесто се користи кога осомничениот може да биде затекнат in flagranti, односно во извршување на кривичното дело.

Снимањето може да биде визуелно или визуелно-тонско. Во спроведувањето на оваа посебна истражна мерка, како главен проблем се поставува прашањето дали снимањето мора да биде и визуелно и тонско или пак може да биде само визуелно и само тонско, со оглед на тоа дека не е потенцирано поконкретно, настанува конфузија во тактиката на примената на мерката.[116]

### 4.1.4. Таен увид и пребарување во компјутерски систем

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т.4 од ЗКП)

Оваа мерка во суштина претставува електронско следење со помош на современи информатички алатки, и многу често и лесно прераснува во комплетен надзор над содржината на комуникациитте. Оваа мерка е пандан на претрес на дом, само што истата се изведува без да знае засегнатиот и зафаќањето на приватниот живот на поединецот е поголемо. Новите современи програми и информаички средства се извонредна алатка за таен упад во приватниот компјутерски живот на секој поединец. Целта е тајно прибирање на електронски податоци од содржината на засегнатиот, а се спроведува со помош на посебни информатички средства. Со оваа мерка всушност се настојува да се дојде до информации и сознанија за планирање, подготовка, постоење или веќе извршено кривично дело, во кое компјутерот, компјутерскиот систем и неговата база на податоци или пак дел од истите биле искористени како средства во криминална активност од страна на криминалците.[117] Истата се спроведува од посебни екипирани оддели во овластени

[116] Малиш Саздовска М., *Криминалистичка тактика 2*, Факултет за безбедност, Скопје 20218, стр.153

[117] Малиш Саздовска М., *Криминалистичка тактика 2*, Факултет за безбедност, Скопје 20218, стр.155

органи. Мерката уште се нарекува и онлајн пребарување, и карактеристично е што сознанијата и доказите се прибираат од далечина т.е. преку интернет. Тоа најчесто се прави преку користење посебни форензички компјутерски програми кои се инсталираат на компутерот што во конкретниот случај е предмет на обработка, па на таков начин се обезбедува увид и пребарување во компјутерот на корисникот, без истиот да забележи. Во зависност од целите поради кои оваа мерка е определена, истата може да се користи еднократно или подолготрајно. Оваа посебна истражна мерка ја одредува судијата на претходна постапка по предлог на јавниот обвиниел и истата треба да биде добро образложена бидејќи од тоа зависи и степено на навлегувањето во приватноста на лицето чии компјутер е предмет на мерката.

### 4.1.5. Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т. 5 од ЗКП)

Оваа посебна истражна мерка преставува таканаречена Растер потрага. Во содржината мерката е компјутерско споредување на персонални податоци од граѓани кои со своите податоци се наоѓаат во базите на персонални податоци на државни или приватни институции, а таму овие персонални податоци евидентираат по различни основи. Мерката не се однесува на персонални податоци кои веќе евидентираат и со кои располагаат безбедносните служби.

### 4.1.6. Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т. 6 од ЗКП)

Оваа мерка е пандан на истражната мерка претрес на дом, само што се изведува без знаење на засегнатото лице и се врши post festum, односно не е онлајн т.е. во реално време и во суштина претставува следење. Оваа мерка се применува кај телефонските и другите електронски комуникации.[118] Според Законот за електронски комуникации, можноста да се зачува електронскиот комуникациски сообраќај во вид на логови – електронски траги, на сите активности на учесниците е 12 месеци, а оваа посебна истражна мерка ги искористува придобивките токму од тука. Според начинот на кој се спроведува т.е. преку интернет, многу е блиска со ПИМ таен увид и пребарување во компјутерски систем, но

[118] Antonić V, Mitrović D, *Posebne istražnje* radnje, modul, projekat, Sarajevo, Februar, 2012 str.25-42

тука во многу помал обем ги опфаќа личните податоци и истата  не се спроведува во реално време. Преку овој начин може да се врши увид во сите облици на електронски комуникации како што се е-пошта, Фејсбук, и слично како и увид во сите телефонски разговори водени преку интернет. На барање на правосудната полиција, оваа мерка ја определува јавниот обвинител со писмена наредба. Доколку јавниот обвинител донесе одлука дека е потребно да се добијат податоци само за конкретни остварени контакти во комуникацискиот систем, без притоа да навлегува во целата содржина, наместо спроведување на оваа мерка, може да достави барање до операторите на јавни комуникации  кои пак се должни да постапат по истото.

### 4.1.7. Симулиран откуп на предмети

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1т.7 од ЗКП)

Во суштина оваа мерка претставува појавен облик на прикриен истражител. Кривично-правно гледано, мерката претставува фиктивно учество во криминална реализација – во купување (не и во продавање) на прикриениот истражител, како соизвршител на самото кривично дело. Симулирано откупување предмети, откривање и докажување кривични дела е основната цел на оваа посебна истражна мерка, а особено се користи во областа на недозволената трговија и истата овозможува да се добијат сознанија и докази за лица кои се вклучени во недозволеното производство, промет и трговија со предмети. Со мерката се добиваат и податоци за лица помагачи/прикривачи како и за начините на кој се вршат кривичните дела. Оваа мерка со писмена наредба ја определува јавниот обвинител.

### 4.1.8. Симулирано давање и примање поткуп

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1т.8 од ЗКП)

Исто како и претходната, оваа мерка претставува облик на примена на прикриен истражител. Кривично-правно таа претставува фиктивно учество во стадиум на криминална реализација на прикриен истражител во својство на соизвршител на кривично дело, со цел да помогне во откривање и докажување кривични дела. Констатирањето на оформената криминална намера на засегнатиот пред активирање на мерката е посебно сензитивен кривично-правен елемент кај оваа мерка. И оваа мерка како и претходната со писмена наредба ја определува јавниот обвинител.

### 4.1.9. Контролирана испорака и превоз на лица и предмети

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т. 9од ЗКП)

Оваа мерка во суштина претставува тајна опсервација, односно во дадени случаи кога во транспорот учествува уфрлен човек, истата претставува конгломерат од мерките прикриен истражител и тајна опсервација. Кривично-правно гледано, истата претставува фиктивно учество во стадиум на криминална реализација на прикриен истражител, во својство на помагач, односно соизвршител на кривичното дело. И оваа мерка со писмена наредба ја определува јавниот обвинител. Оваа мерка во криминалистичката теорија уште се нарекува и „пропуштање“, а првенствено намената и е за истражување и докажување нарко-криминал. Истата најчесто се состои од надзор над превозот, односно транспортот на дрогата како еден од елементите при извршување на кривичните дела со злоупотребата на дрога. Карактеристичното е тоа дека полицијата не реагира веднаш, односно не се преземаат мерки спрема лицата кои моментално го вршат превозот на дрогата. Целта е да се дојде до конкретни податоци и докази за илегалниот извор на снабдување на дрогата, складиштата на истата куририте, превозниците, транспортерите, последиците и евентуално самиот организатор на конкретните илегални трансакции на дрога, а со тоа би се создале услови за реализација, односно апсење на извршителите кои учествуваат при извршувањето на делата.[119]

### 4.1.10. Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т. 10)

Оваа истражна мерка претставува еден од облиците на мерки на користење прикриен истражител. Во оваа мерка се опфатени сите облици на фиктивно учество на прикриениот исражител во сите стадиуми на кривичното дело, со ограничување на учество во помагањето на криминалните акивности, а со цел собирање информации и податоци. И оваа мерка со писмена наредба ја определува јавниот обвинител. Треба да се напомене дека прикриениот истражител не смее да учествува во процесот на создавање на криминалната намера на сторителот, најмногу може да ја насочи веќе формираната криминална намера, ако се премине оваа граница прикриениот истражител со таквите

[119] Petrović B., *Narkokriminal*, Sarajevo, 2002, str.308

негови дејствувања дејствува од позиција на забранет агент − провокатор. Во кривичната постапка, овие лица имаат посебен режим на учество со тоа што се испитуваат како зашитени сведоци, како лица со прикриен иденттитет – чл. 270 од ЗКП, т.е. идентитетот на тие лица е службена тајна – ст. 4 од чл. 259 од ЗКП. Мерката со писмена наредба ја одобрува јавен обвинител.

### 4.1.11. Отворање симулирана банкарска сметка

(постапка утврдена со посебен член 252 ст.1т. 11 од ЗКП)

Исто како и преходната, и оваа мерка преставува еден од појавните облици на примена на мерката користење прикриен истражител. Кривично-правно оваа мерка може да опфати облици од типот на фиктивно учество на прикриениот истражител во сите стадиуми, подговителен стадиум, криминална реализација и посткриминален стадиум, од кривичното дело. Целта на оваа мерка е да помогне во откривање и докажување кривични дела кои се поврзани со коруптивни активности и дејствија со противзаконски парични трансакции, а со цел пуштање во промет пари, недвижни или подвижни предмети кои претходно се стекнати преку кривично дело т.е. исите потекнуваат од криминални дејствија. Оваа мерка со писмена наредба ја определува јавниот обвинител.

### 4.1.12. Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци

(постапка утврдена со посебен член 252 ст. 1 т .12 од ЗКП)

И оваа мерка претставува еден појавен облик на примена на користење на мерката прикриен истражител. Кривично-правно оваа мерка ги опфаќа сите облици на фиктивно учество на прикриен истражител со сите стадиуми на конкретното кривично дело, со ограничување во смисла пасивно/посматрачко учество во криминалните активности со дозволено помагање во истото заради собирање на податоци и докази. По својата содржина ова е мерка со која се нудат симулирани деловни услоги или дејствија што се преземаат од страна на прикриените истражители или пак други лица кои се од доверба Мерката со писмена наредба ја определува јавен обвинител.

### 4.2. Кривични дела за кои можат да се определат посебни истражни мерки

Со оглед на тоа дека на посебните истражни мерки се гледа како на мерки што се оправдани само за справување со најтешките облици на кривични дела, како на еден вид „нужно зло“, разбирлив е рестриктивниот пристап на законодавецот кој прецизно уредува за кои кривични дела може да се користат истите и под кои услови.

Согласно со чл. 253 од ЗКП, тие се определуваат кога постојат основи на сомневање:

- За кривични дела за кои е пропишана казна затвор најмалку четири години, истите се подготвуваат, се во тек на извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение;
- За кривичните дела: убиство од чл. 123, грабнување од чл. 141, посредување во проституција од чл. 191 ст. 1,3 и 4, прикажување порнографски материјали на малолетник од чл. 193, производство и дистрибуција на детска порнографија од чл. 193-а, намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години од чл. 193-б, неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл. 215 ст.1 и 3, оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем од чл. 251 ст. 4 и 6, изнуда од чл. 258, уцена од чл. 259 ст. 2, присвојување добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост од чл. 265, изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост од чл. 266 ст. 1, оттуѓување културно наследство од особено значење во државна сопственост од чл. 266-а, перење пари и други приноси од казниво дело од чл. 273 ст.1, 2 и 3 и од ст. 5, 6, 8 и 12, криумчарење од чл. 278 ст. 3 и 5, царинска измама, злоупотреба на службена положба и овластување од чл. 353, проневера во службата од чл. 354, измама во службата од чл. 355, послужување во службата од чл. 356, примање поткуп од чл. 357 ст. 1, 4, 5 и 6, давање поткуп од чл. 358 ст. 1 и 4, противзаконито посредување од чл. 359 ст.6, незаконито влијание врз сведоци од чл. 368-а ст. 3, злосторничко здружување од чл. 394 ст. 3, терористичка организација од чл. 394-а ст.1, 2 и 3, тероризам од чл. 394-а и финансирање тероризам од чл. 394-в, сите од Кривичниот законик;

- За кривични дела против државата и кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик.

Посебните истражни мерки можат да бидат определени спрема лице кое сторило некое кривично дело кое е наброено погоре, спрема лице кое презема дејствие на извршување некое од кривичните дела наведени погоре, како и спрема лице кое подготвува извршување некое од овие кривични дела, кога и подготвителните дејствија согласно со одредбите на КЗ се определени како казниви.

Овие мерки можат да бидат применети и спрема лице кое прима или проследува пратки од осомничен или осомничениот користи негово комуникациско средство.[120]

### 4.3. Времетраење на посебние истражни мерки и нивно продолжување

Според чл. 260 од ЗКП и чл. 11 од ЗСК (закон за следење на комуникациите), посебните истражни мерки може да траат најдолго 4 месеци. Со образложено писмено барање на јавниот обвинител, мерката може да биде продолжена за уште неколку месеци од страна на судија на претходна постапка. Доколку се работи за кривичното дело за кое е пропишана заворска казна од најмалку 4 години, а за кое постои онoвано сомнение дека делото е извршено од страна на банда, организирана група или пак злосторничко здружение, мерката од оние првични месеци може да се продолжи за уште дополнителни месеци и може да трае најдолго до 14 месеци. Според начелото на законитост кај примената на ПИМ, значи дека однапред е точно определено колку долго може да траат мерките т.е. има временско ограничување. Времетраењето на мерките е постапно, продолжувањето може да биде во интервали и од по еден месец, а најдолгото траење е точно временски ограничено. Примената на посебните истражни мерки престануваат со истекот на рокот на кој се одредени или пак, со престанок на причините поради кои се определени. Како што е наведено погоре, доколку посебните истражни мерки од чл. 252 ст. 1, точки 1, 2, 3 и 4 наведени погоре, се определени:

- За кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години за кои постои основано сомневање дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, судијата на претходна постапка може да

[120] Припачник за спроведување на мерките за следење на комуникациите

ја продолжи за уште најдолго шест месеци. За продолжување на рокот во овој случај, покрај постоење писмено барање на јавниот обвинител, судијата на претходна постапка одлучува и врз основа на проценка на корисноста од дотогаш собраните податоци со примена на мерката и постоење разумно очекување дека со мерката и натаму може да се добијат податоци од интерес за постапката.

- За посебните истражни мерки од чл. 252 ст. 1 од точка 5 до точка 12од ЗКП кои се определуваат со писмена наредба од страна на јавниот обвинител, времетраењето на нивната примена, може да се продолжи до остварување на целта за која е определена мерката, а најдоцна до завршување на истрагата. Ако судијата на претходна постапка не го прифати писмениот предлог на јавниот обвинител и донесе решение со кое не го одобрува продолжувањето на времетраењето на посебните истражни мерки, јавниот обвинител може да поднесе жалба против ваквото решение до Советот на судот кој одлучува по поднесената жалба во рок од 24 часа.

### 4.4. Чување и ништење податоци собрани со посебни истражни мерки

Во секое демократско општество едно од главните прашања е како податоците добиени со посебните истражни мерки ќе бидат чувани, односно како ќе бидат уништувани. Податоците собрани и обработени по извршување на наредбата за спроведување на мерките за следење на комуникациите, додека траат мерките, се чуваат од страна на надлежен јавен обвинител. Потоа по донесување одлука на јавниот обвинител, податоците се доставуваат до судот. Доколку јавниот обвинител донесе одлука со која истрагата се затвора без можност за нејзино повторно отворање, податоците прибрани со ПИМ се предаваат на судија на претходна постапка. Кога јавниот обвинител ќе поднесе обвинение, а судот донесе ослободителна или одбивателна одлука, во таков случај, податоците собрани со посебните истражни мерки се чуваат во судот сѐ додека да истечат роковите за застареност на кривичното гонење. Во случај, кога е донесена осудителна пресуда, овие податоци се чуваат до истекот на рокот за застареност на извршување кривична санкција. По истекувањето на предвидените роковите, податоците се ништат за што се изготвува извештај. Решение за ништење на податоците донесува

судијата на претходната постапка врз основа на посебно барање или по службена должност. Барањето го доставува надлежниот јавен обвинител или заинтересираното лице.

Ништењето на податоците го врши судија определен од претседателот на судот, каде што е водена кривичната постапка во која се користените податоци. За извршеното ништење, судијата изготвува извештај. Досега не е формирана комисија за ништење на овој материјал. Податоците собрани од мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите и безбедноста и одбраната на државата, кога ќе се процени дека се од значење за спроведената мерка, се чуваат кај овластени органи за спроведување на мерките, во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицираните информации, за период од 3 години, сметано од истекот на времетраењето на наредбата. Овој рок од 3 години може одново да почне да тече во случај на добивање нова информација која. е директно поврзана со специфичните податоци за кои сеуште не е истечен периодот на чување. Во случај, кога периодот од 3 години е продолжен, потребно е да се спроведе и да се документира периодична процена на потребата за чување на специфичните податоци на годишно ниво. Овие податоци се предмет на процена со цел да се утврди дали се од значење во однос на целите за кои е спроведена мерката за следење на комуникациите. Податоците и информациите добиени преку примена на ПИМ ќе бидат уништени под надзор на судијата за претходните постапки, кој ќе изготви посебен извештај за ова во два случаи: ако обвинителот се повлече од гонење и ако добиените информации и податоци не се неопходни за кривичните постапки. Во овој случај за преземање постапка за уништување и бришење, лицето се известува во писмена форма. Чувањето на податоците и информациите добиени со преземање посебни истражни дејствија се чуваат додека се води судската постапка.

### 4.5 Статистички преглед на изречените ПИМ во РСМакедонија за периодот од 2019-2023

Во табела 1 прикажан е хронолошки преглед за тоа колкав е бројот на ПИМ кои се применуваат кога станува збор за кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и перкурсори“. Извор: Годишни извештаи за работата на Јавните обвинителства на РС Македонија.

За појасно да ја погледнеме примената на посебните истражни мерки од чл. 252 од ЗКП во Република Северна Македонија во текот на годините 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023, можеме да ги погледнеме годишните извештаи на јавното обвинителтсво на РСМ.[121]

| | **Чл.215** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПИМ** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **вкупно** |
| **Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен член 252 ст.1 т.1** | 26 | 25 | 36 | 27 | 36 | 150 |
| **Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникации од член 252 ст.1.2** | 1 | 1 | / | 1 | 1 | 4 |
| **Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од чл 252 ст.1т.3** | 24 | 31 | 31 | 33 | 4 | 123 |
| **Таен увид и пребарување во комп. систем од член 252 ст.1 т.4** | / | / | / | / | / | / |
| **Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци чл. 252 ст.1 т. 5** | / | / | / | / | / | / |
| **Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од член 252 ст.1 т.6** | 15 | 8 | 2 | / | / | 25 |
| **Симулиран откуп на предмети од член 252 ст.1 т.7** | 5 | 1 | 4 | 1 | 7 | 18 |
| **Симулирано давање и примање поткуп од член 252 ст.1 т.8** | / | / | / | / | / | / |
| **Контролирана испорака и превоз на лица и предмети од член 252 ст.1 т.9** | 2 | 1 | / | 1 | / | 4 |
| **Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи од чл. 252 ст.1 т.10** | 9 | 2 | 4 | 6 | 7 | 28 |
| **Отворање симулирана банкарска сметка од член 252 ст.1 т.11** | / | / | / | / | / | / |
| **Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци од член 252 ст.1 т.12** | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | 82 | 77 | 77 | 69 | 55 | 360 |

**Табела 1**. Приказ на користените ПИМ за чл. 215 од КЗ на РСМ во периодот од 2019 -2023

*Извор:(годишни извештаи на јавното обвинителство на РСМ)*

[121] Извештај за примена на посебни истражни мерки од ОЈО на РСМ во 2019 година

**Имено во текот на 2019** година основните јавни обвинителства во РСМ по чл. 252 од ЗКП применети се посебни истражни мерки во вкупно 103 случаи против 338 лица со утврден идентитет, 17 лица со неутврден идентитет и 313 предмети на кривично дело. Од вкупниот број на мерки најголем број случаи или вкупно 82 се по чл. 215 од КЗ на РСМ и тоа:

Следење и снимање телефонски и другите електронски комуникации (мерка по чл. 252 ст.1 т.1) оваа мерка е применета во вкупно 39 случаи, против 148 лица со утврден идентитет, и во 13 предмети во кои се применува мерката – телефонска линија која ја користи непознато лице во моментот на спроведување на мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 26 случаи.

Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење комуникации (мерка по чл. 252 ст.1 т.2), оваа мерка е применета во вкупно 5 случаи, против 4 лица со утврден идентитет и опфатени се 1 предмет − објекти врз кои е применета мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 1 случај;

Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен (мерка по чл. 252 с. 1 т. 3), оваа мерка е применета во вкупно 39 случаи против 156 лица со утврден идентитет и против 89 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 24 случаи;

Таен увид и пребарување во компјутерски систем (мерка по чл. 252 с. 1 т .4), истата во текот на 2019 година по чл. 215 од КЗ на РСМ, не е применета;

Автоматско или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 5), исто така и оваа мерка во тековната 2019 год. не е применета;

Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации (мерка по чл. 252 с. 1 т. 6), оваа мерка е применета во 38 случаи против 2 лица со утврден и 1 лице со

неутврден идентитет како и против 221 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 15 случаи;

Симулиран откуп на предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 7), оваа мерка применета е во 10 случај против 12 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ применета е во 5 случаи;

Симулирано давање и примање поткуп (мерка по чл. 252 с. 1 т. 8), оваа мерка е применета во вкупно 5 случаи против 4 лица со утврден идентитет и 2 лица со неутврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка не е применета;

Контролирана испорака и превоз на лица и предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 9), оваа мерка е применета во вкупно 3 случаи против 3 лица со утврден идентитет и против 3 предмети на кривично дело. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 2 случаи;

Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи (мерка по чл. 252 с. 1 т. 10), оваа мерка е применета во вкупно 11 случаи против 33 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 9 случаи;

Отворање симулирана банкарска сметка (мерка по чл. 252 с. 1 т. 11), не е применета;

Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 12) не е применета;

**Во текот на 2020** година од основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија применети се посебни истражни мерки од чл. 252 од ЗКП во вкупно 67 случаи против 404 лица со утврден идентитет, 22 лица со неутврден идентитет и 124 предмети на КД.[122]

Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 1), оваа мерка е применета во вкупно 2 случаи, против 1 лице со утврден

[122] Извештај за примена на посебни истражни мерки од ОЈО на РСМ за 2020 година

идентитет и опфатени се 1 предмет − објекти врз кои е применета мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 25 случаи;

Следење и снимање во дом, затворен или ограден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 2). Оваа мерка е применета во вкупно 5 случаи, против 4 лица со утврден идентитет и опфатен е 1 предмет - објект врз кој е применета мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 1 случај;

Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен (мерка по чл.252 с.1 т.3). Оваа мерка е применета во вкупно 55 случаи против 17 лица со утврден идентитет и против 55 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 од  КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 31 случај;

Таен увид и пребарување во компјутерски систем (мерка по чл. 252 с. 1 т. 4), оваа мерка во 2020 година по однос на чл.  215 од КЗ на РСМ, не е применета;

Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 5), исто така и оваа мерка во однос на  чл. 215 од КЗ не е применета;

Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации (мерка по чл. 252 с. 1 т. 6), оваа мерка е применета во 16 случаи против 1 лице со утврден идентитет, како и против 63 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 8 случаи;

Симулиран откуп на предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 7), оваа мерка применета е во 1 случај против 5 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ применета е во 1 случај;

Симулирано давање и примање поткуп (мерка по чл. 252 с. 1 т. 8), оваа мерка е применета во 1 случај против 1 лице со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка не е  применета;

Контролирана испорака и превоз на лица и предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 9). Оваа мерка е применета против 1 предмет на кривично дело. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 1 случај;

Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи (мерка по чл. 252 с. 1 т. 10). Оваа мерка е применета во 3 случаи против 28 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 2 случаи;

Отворање симулирана банкарска сметка (мерка по чл. 252 с.1 т. 11), истата не е применета;

Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 12). Оваа мерка не е применета.

**Во текот на 2021 година** во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија применети се посебни истражни мерки од чл. 252 од ЗКП во вкупно 59 случаи против 204 лица со утврден идентитет, 11 лица со неутврден идентитет и 126 предмети на кривично дело.[123]

Следење и снимање телефонски и другите електронски комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 1). Оваа мерка е применета во вкупно 44 случаи, против 161 лица од кои 149 со утврден идентитет и 11 лица со неутврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 36 случаи;

Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 2) истата не е применета;

Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен (мерка по чл. 252 с. 1 т. 3). Оваа мерка е применета во вкупно 40 случаи против 183 лица со утврден идентитет и против 126

---

[123] Извештај за примена на посебни истражни мерки од ОЈО на РСМ за 2021 година

предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 31 случај;

Таен увид и пребарување во компјутерски систем (мерка по чл. 252 с. 1 т. 4). Мерката не е применета;

Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 5) не е применето;

Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации (мерка по чл. 252 с. 1 т. 6). Оваа мерка е применета во 4 случаи против 14 лица со утврден идентитет , како и против 8 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 2 случаи;

Симулиран откуп на предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 7). Оваа мерка е применета во 5 случаи против 15 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ применета е во 4 случаи;

Симулирано давање и примање поткуп (мерка по чл. 252 с. 1 т. 8), оваа мерка е применета во 2 случаи против 3 лица со утврден идентитет и 9 предмети. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка не е применета;

Контролирана испорака и превоз на лица и предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 9). Оваа мерка е применета против 1 предмет на кривично дело. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 1 случај;

Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи (мерка по чл. 252 с. 1 т. 10) Оваа мерка е применета во 6 случаи против 17 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 4 случаи;

Отворање симулирана банкарска сметка (мерка по чл. 252 с. 1 т. 11), не е применета;

Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци од (мерка по чл. 252 с. 1 т. 12), мерката не е применета.

**Во текот на 2022 година** во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија, со посебни истражни мерки од чл. 252 од ЗКП беа опфатени вкупно 413 лица со утврден идентитет, 2 лица со неутврден идентитет и 136 предмети на кривично дело. Или доколку се анализира бројот на случаи, со примената на посебните истражни мерки се обезбедија докази во вкупно 53 случаи по кои постапуваа јавните обвинителства.[124]

Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 1), оваа мерка е применета во вкупно 37 случаи, против 175 лица од кои 173 со утврден идентитет и 2 лица со неутврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 27 случаи за 112 лица;

Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 2). Оваа мерка е применета во вкупно 2 случаи и со неа биле опфатени вкупно 3 лица и 2 предмети. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 1 случај за 2 предмети;

Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен (мерка по чл. 252 с. 1 т. 3). Оваа мерка е применета во вкупно 42 случаи против 182 лица со утврден идентитет и против 71 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 33 случаи за 112 лица;

Таен увид и пребарување во компјутерски систем (мерка по чл. 252 с. 1 т. 4). Мерката по однос на чл. 215 од КЗ на РСМ, не е применета;

Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци (мерката по чл. 252 с. 1 т. 5) не е применета;

Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации (мерка по чл. 252 с. 1 т. 6). Оваа мерка е применета во 2 случаи против 2 лица со утврден идентитет, како и против 18 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа ПИМ не е применета;

[124] Извештај за примена на посебни истражни мерки на ОЈО на РСМ за 2022 година

Симулиран откуп на предмети (мерка по чл.252 с.1 т.7), оваа меркае применета во 5 случаи против 22 лица со утврден идентитет. За К.Д по чл.215 од КЗ на РСМ применета во 1 случај за 1 лице;

Симулирано давање и примање поткуп (мерка по чл. 252 с. 1 т.8). Оваа мерка е применета во 4 случаи против 5 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка не е применета;

Контролирана испорака и превоз на лица и предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 9). Оваа мерка е применета во 1 случај против 2 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 1 случај против 2 лица;

Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи (мерка по чл. 252 с. 1 т. 10). Оваа мерка е применета во 7 случаи против 49 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 6 случаи за 27 лица;

Отворање симулирана банкарска сметка (мерка по чл. 252 с. 1 т. 11). Оваа мерка не е применета;

Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 12) − не е применета.

**Во текот на 2023 година** во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија применети се посебни истражни мерки од чл. 252 од ЗКП во вкупно 87 случаи со кои се опфатени 416 лица со утврден идентитет и 93 предмети на КД.[125]

Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 1). Оваа мерка е применета во вкупно 31 случаи, против 133 лица од кои сите се со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 36 случаи;

Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради

[125] Извештај за примена на посебни истражни мерки на ОЈО на РСМ за 2023 година

создавање услови за следење комуникации (мерка по чл. 252 ст. 1 т. 2). Оваа мерка е применета во вкупно 2 случаи против 2 објекти. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 1 случај;

Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен (мерка по чл. 252 с. 1 т. 3). Оваа мерка е применета во вкупно 34 случаи против 156 лица со утврден идентитет и против 87 предмети врз кои се применувала мерката. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа ПИМ е применета во 4 случаи;

Таен увид и пребарување во компјутерски систем (мерка по чл. 252 с. 1 т. 4) − не е применета;

Автоматско или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т. 5) не е применета;

Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации (мерка по чл. 252 с. 1 т. 6) не е применета;

Симулиран откуп на предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 7). Оваа мерка е применета во вкупно 8 случаи против 42 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ применета во 7 случаи;

Симулирано давање и примање поткуп (мерка по чл. 252 с. 1 т. 8). Оваа мерка е применета во вкупно 2 случаи против 2 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка не е применета;

Контролирана испорака и превоз на лица и предмети (мерка по чл. 252 с. 1 т. 9), не е применета;

Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи (мерка по чл. 252 с. 1 т. 10). Оваа мерка е применета во 10 случаи против 82 лица со утврден идентитет. За КД по чл. 215 од КЗ на РСМ оваа мерка е применета во 7 случаи;

Отворање симулирана банкарска сметка (мерка по чл. 252 с. 1 т. 11). Оваа мерка не е применета;

Симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци (мерка по чл. 252 с. 1 т .12). Оваа мерка не е применета;

Со ваквиот преглед на извештаите забележано е дека има зголемување на примената на ПИМ во однос на претходните години и дека бројот на случаи се зголемува, а додека бројот на лица кои се опфатени не бележи значителни промени. Тука може да се истакне дека посебните истражни мерки во најголем број на случаи се применуваат за кривичното дело по чл. 215 од КЗ на РСМ односно „Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и перкурсори", а во сите други кривични дела мерките се определуваат помалку. Според извештаите на Јавното обвинителство на РСМ, посебните истражни мерки во најголем дел се случаи по иницијатива на Министерството за внатрешни работи, а значително помалку по сопствена иницијатива на основното јавно обвинителство за организиран криминал. Исто така значајно е да се истакне дека ефикасноста е зголемена, времетраењето на примената на ПИМ е намалено а бројот на случаи кои завршиле со понатамошна постапка (отворање на истрага) и подигнати обвиненија од година во година се зголемува. Мерките како што е пропишано се применувани само во ситуации во кои не може со други средства и методи да се прибават доказите. Детерминираноста на примената на ПИМ во борбата против организираниот криминал и корупцијата, произлегуваат од потребата за сузбивање на дејствијата во една претходна постапка и обезбедување квалитетни докази за кривичен прогон. Во спротивно борбата против овој тежок криминал не би била ефикасна. Потребата од овој вид мерки за обезбедување докази, се потврдува и со фактот што значителен број истраги во кои биле користени ПИМ, завршиле со покренување обвинение и осудителни пресуди.

# ДЕЛ VI

# ПРЕВЕНТИВЕН МОДЕЛ ЗА БОРБА ПРОТИВ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

## 1. ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА

Превентивните активности се клучен елемент во борбата против зависноста од дрога. Превенцијата од зависност вклучува збир на мерки и процедури насочени кон рано откривање знаци кои укажуваат на елементи на зависно однесување, креирање мерки, уклучување на нивните семејства и експерти и власти во донесувањето позитивни одлуки и намалување на штетата предизвикана од негативните одлуки. Концептот на зависност поаѓа од фактот дека поединците не почнуваат да злоупотребуваат штетни материи и/или супстанции кои предизвикуваат зависност исклучиво поради нивните индивидуални карактеристики, туку и поради општествениот контекст во кој живеат, општествените односи и општествените притисоци кои ја катализираат тенденцијата за земање, прекумерно земање или злоупотреба на штетни материи.

Превенцијата како концепт за спречување на земање забранети супстанции и стварање зависностот од истите може да се подели на три нивоа и тоа:

- **Примарно ниво** - вклучува, од една страна информативна, едукативна и советодавна работа за можните штетни последици од користењето на дрога и зависничкото однесување и, од друга страна, сложени мерки и процедури насочени кон зајакнување и помагање на поединците и групите во развојот на позитивни животни стилови и учење за донесување позитивни одлуки во животот;

- **Секундарно ниво -** од една страна веќе вклучува директна работа со луѓе кои се однесуваат ризично и/или веќе експериментираат со супстанции кои предизвикуваат зависност, додека од друга страна вклучува селективно насочени активности кон оние групи кои можеме да ги наречеме ризични;

**- Терцијарно ниво -** вклучува сложени психосоцијални и медицински третмани на лица кои се во контакт со супстанции кои предизвикуваат зависност, во насока на спречување понатамошно зависно однесување или намалување на штетите од таквото однесување.

Во нашата држава, Министерството за внатрешни работи има утврдено Националната стратегија за дроги, која го опфаќа стратешкиот период 2021-2025[126] година и се заснова на утврдените приоритети и цели во Европската стратегија за дроги, како и на анализата и дадените препораки од страна на Европски центар за следење на дроги и зависности од дрога и националните институции надлежни на подрачјето на дрогите. Врз основа на трендовите во користењето дроги помеѓу популацијата и особено помеѓу младите лица, беше утврдена потреба за системски пристап во превенцијата преку процесот на образование на сите нивоа. Анализата покажа дека е потребно понатамошно кадровско зајакнување во сите институции што работат на намалување на побарувачката и понудата на дроги, како и техничко опремување и акредитација на лаборатории во согласност со современите трендови во областа. Од особена важност е кадровското и техничкото екипирање на Центарот за дроги и засилената координација со цел единствен пристап во управување со политиките на дроги. Во таа насока, во следниот стратешки период се дефинирани следниве клучни очекувани промени и цели што треба да се постигнат:

- Стратешка цел 1 – намалување на побарувачката на дрога, а тука се вбројуваат целите како што се воспоставување ефикасен систем на превенција од дроги во рамките на образованието и здравството согласно добрите практики, квалитетни програми за третман од дроги што ги опфаќаат сите лица според род, возраст и вид дрога што ја употребуваат. Програмите за намалување на штетите од употреба на дроги се подобрени, одржливи и приспособени кон потребите на корисниците и подобрен е пристапот на корисниците до социјалн и услуги на локално ниво

Очекувана промена при спроведување на овие стратешки цели е намалување на бројот на млади лица кои употребуваат дроги, поголем опфат на луѓе кои употребуваат дроги преку

[126] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Strategija-za-drogi-mkd-final-version-1.pdf пристапено 05.01.2025

програмите за третман и грижа, ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција, а со тоа и намалување на побарувачката на droги.

- Стратешка цел 2 – намалување на понудата на дрога каде се вбројуваат: примена на законската регулатива од кривичната област што се однесува на санкционирање на сторителите на кривични дела поврзани со недозволена трговија и неовластено производство на дроги, подобрена функционалност на институциите што се задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога и одобрени практики на комуникација и размена на информации меѓу институциите.

Очекувана промена при спроведување на овие стратешки цели е ефикасно и ефективно постапување на судовите, јавните обвинителства и институциите задолжени за намалување на недозволената трговија со дроги што води кон намалување на понудата на дроги.

- Стратешка цел 3 – понатамошен развој на капацитетите и унапредувањето на координацијата и комуникацијата помеѓу надлежните институции согласно добрите практики и стандарди. Тука се вклучени мерките од типот на зајакната функционалност на системот за управување со политиките за дроги, подобрен квалитет на системот за известување до релевантните национални и меѓународни институции и јавноста, зголемени финансиски ресурси за спроведување на политиките и програмите за дроги.

Очекувана промена при спроведување на овие стратешки цели е ефикасен одговор на институциите во справување со проблемот со дрогите во РСМ и усогласеност со добрите практики и стандардите во оваа област.

Превенцијата од употреба на недозволени супстанции во рамките на системот на здравствена заштита главно се одвива преку професионални лекари од здравствена установа што повремено вршат предавање и едукација за последиците од користење дрога и зависноста од дрога во основните и средните училишта. Ваквата систематска едукација

на наставниот кадар како и на младите е присутна од поодамна, сепак ваквите предавања не се  во континуитет и не го опфаќаат целосно образовниот систем. Од таа причина националната стратегија укажува на засилена политика на едукација, со цел младите да се едуцираат да не употребуваат droги и да изберат здрав животен стил. Предавањата за штетното влијание на дрогата најчесто се спроведуваат несистематски на класен час или во рамките на определени предмети. Во таа насока треба да се развијат соодветни програми преку МОН и да се соработува и со младински здруженија, советот на родители и други организации на национално и на локално ниво.

Сервисите за третман на зависност од дроги главно се дизајнирани за лекување на опијатна зависност во вонболнички услови, а почетокот на лекувањето со метадон датира од 1979/80 година, во рамките на Психијатриската болница – Скопје. Третманот на лицата зависни од дроги е расположлив во рамките на националната мрежа во здравствените установи. Третманот се спроведува во психијатриските болници во Скопје, Демир Хисар и Негорци, Универзитетска клиника за токсикологија и ургентна медицина во Скопје и службите за превенција и третман на зависност од дроги што функционираат во рамките на болниците во Тетово, Куманово, Струмица, Штип, Гевгелија, Охрид, Битола, Велес, Кавадарци, ГОБ „Осми септември“ – Скопје, КПУ Идризово – Скопје и КПУ Затвор – Битола. Системот на лекување вклучува амбулантско, дневноболничко и болничко лекување, а се применува детоксикација или многу повеќе опиоид агонистички третман (ОАТ). Најголемиот дел од луѓето кои употребуваат дрога се лекуваат на дневноболнички третман, каде што се нуди третман со ОАТ, психосоцијални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална терапија и психотерапија. Отворени се и приватни психијатриски ординации што лекуваат зависност од дрога со детоксикација или одржување со ОАТ, како и со антагонисти. Клиниката за токсикологија и ургентна медицина почна со лекување, главно одржување со бупренорфин, од 2009 година. Лекувањето со метадон е достапно во двата затвори во Скопје и во Битола, а во другите затвори преку сервисите во градот каде што се наоѓа затворот. Исклучок од ова е затворот во Куманово и затворот во Прилеп. Долготраен третман за одржување апстиненција од дрога, рехабилитација и социјална реинтеграција, се спроведува во тераписката комуна „Покров“ во Струмица. Лицата со двојна дијагноза, за кои е потребно болничко лекување,

се хоспитализираат на машкото и на женското одделение за виолентни (насилни) болни во Психијатриската болница – Скопје или на психијатриските одделенија во специјалните, општите и клиничките болници во другите градови во земјата. Покриеноста на проблематични корисници на дрога во програмите за третман изнесува околу 18,5 %, доколку се земе предвид дека во земјата се лекуваат околу 1600 пациенти со метадон во јавни, приватни и затворски установи и околу 260 пациенти со бупренорфин. Лекот бупренорфин е воведен од 2009 година, додека од 2015 година, лекот е достапен и во Националниот центар за превенција и третман на зависност од дроги (НЦПТЗД), во кој се лекуваат најголем број пациенти со дијагноза Синдром на зависност од опијати. Од 2020 година лекот е достапен во сите градови во земјата. Во затворите бупренорфинот е потешко достапен и пристапен. Исто така, нема вработен медицински кадар во затворите, туку доаѓаат лекари од здравствените домови, што како решение понатаму треба да се менува. Од неодамна, на УК Токсикологија се издава бупренорфин само на мал број штитеници од КПУ „Идризово“ и Затвор „Скопје“, кои пред влегување во затвор биле на третман на клиниката или исклучително на екстремно мал број лица од затворот (само со лични заложби од страна на вработени или семејства). Лекувањето на хепатит Ц не е достапно за лицата лишени од слобода. Благодарение на програмите за третман на почетокот само со примена на метадон, а подоцна и на програмите за НШ и примената на бупренорфинот, земјата немаше ниту едно заболено лице кое користи дрога многу години и сè уште има ниска преваленца на ХИВ/СИДА благодарение на сите овие програми, како и на пристапност до АРТ. Во последниве десет години, во Македонија се евидентирани само два нови случаи на ХИВ, заразени преку инјектирање дроги. Одржувањето со метадон ја намалува употребата на илегални опијати, ризичното однесување од ХИВ и криминалот. Исто така, програмите со ОАТ го намалуваат ризикот од предозирање и ја редуцираат смртноста од предозирање, смртноста од СИДА и го подобруваат квалитетот на живот. Лицата кои употребуваат дрога (со инјектирање, но и оние што не инјектираат) се под поголем ризик за инфекција со ХИВ заради ризично однесување од небезбеден секс, па затоа лекувањето на нарушувањата предизвикани од употреба на дрога превенираат ризик од ХИВ/СИДА и кај лицата кои не инјектираат. Програмите со ОАТ (метадон и бупренорфин) штедат пари во правосудниот систем, намалувајќи го секундарниот криминал предизвикан од употребата на илегални дроги, ја намалуваат

затворската популација, го подобруваат индивидуалното и јавното здравје со што штедат пари во здравствениот систем, а обезбедуваат и помирна и побезбедна заедница, односно подобар квалитет на живот на индивидуално и на општествено ниво. Клучниот проблем констатиран во однос на програмите за третман на зависности од droги е нивната неприспособеност кон променливите потреби на луѓето корисници на дрога. На пазарот се појавуваат различни видови дроги, различни групи од населението кои се со специфични потреби, а локалните програми за третман не ги рефлектираат ваквите специфики. Исто така, севкупниот квалитет на програмите треба да се подобри имајќи ги предвид меѓународните стандарди за квалитет на програмите што ги регулираат протоколите за лекување, видовите лекови што се користат, прием на терапијата, рехабилитација и сл. Во рамките на сегашните програми не постои сензитивност во моделите на третман во однос на родовата припадност на луѓето корисници на дрога, ниту, пак, во однос на возраста. Податоците покажуваат дека се намалува долната граница на возраст кај луѓето корисници на дрога, а од друга страна не постојат пристапи што би ги зеле предвид карактеристиките на децата кои употребуваат дроги или имаат нарушувања од употреба на дроги. Третманот на деца сѐ уште е сериозен предизвик за земјата, нема специфични програми за млади во здравствените институции. Исто така, сѐ повеќе се сретнуваат стари лица кои употребуваат дроги. Групата старее, но се јавуваат и по првпат нови лица кои употребуваат опијати.

# ДЕЛ VII

# ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ЕМПИРИСКО-СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО И ПОВРЗАНОСТА СО ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА

За проверка на поставените хипотези во овој труд, а во насока на исполнување на целите на истражувањето, неизбежно е да се разгледаат, разработат, анализираат и интерпретираат статистичките податоци за пријавени, обвинети и осудени полнолетни и малолетни сторители на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“. Со оглед на тоа што ова е кривично дело кое учествува со доста голем процент во рамките на главата Кривични дела против здравјето на луѓето, во овој труд ќе бидат разгледани податоците за пријавените, обвинетите и осудените лица за ова кривично дело согласно официјално објавените годишни статистики од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија за временскиот период кој е истражуван, односно за периодот 2019-2023 година, со цел преку овие податоци да се извлечат соодветни заклучоци за овие кривични дела и нивните сторители, кои ќе послужат за ефикасност во процесот на откривање, разјаснување и докажување на конкретното кривично дело. Тука постапно ќе бидат разгледани вкупниот број пријавени, обвинети и осудени лица, бројот на пријавени, обвинети и осудени лица за кривични дела од главата Кривични дела против здравјето на луѓето, како и пријавени, обвинети и осудени лица по чл. 215 од КЗ на РСМ односно, во колкав процент учестуваат во вкупниот број дела против здравјето на луѓето. Во емирискиот преглед со бројки ќе бидат прикажани податоците за поднесоци по чл. 215 од КЗ на РСМ од страна на МВР по сектори и ќе бидат прикажани видовите и количините кои се запленети.

## 1.1. Преглед на вкупниот број сторители на кривични дела, сторители на кривични дела против здравјето на луѓето и споредба со бројот на сторители на КД по чл. 215 од КЗ на РСМ

| | | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | просек | СЕ' | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени** | **Вкупно** | **20106** | **21104** | **1938** | **1902** | **17083** | **12426,6** | **62133** | |
| | **КДПЗЛ** | **730** | **4221** | **2411** | **33** | **802** | **1640** | **8197** | **13,2** |
| **Обвинети** | **Вкупно** | **5370** | **6965** | **8580** | **8550** | **7199** | **7332,8** | **36664** | |
| | **КДПЗЛ** | **305** | **2095** | **2313** | **1631** | **706** | **1551,2** | **7050** | **19,23** |
| **Осудени** | **Вкупно** | **4712** | **6351** | **7634** | **7769** | **6528** | **6598,8** | **32994** | |
| | **КДПЗЛ** | **280** | **2034** | **2197** | **1574** | **671** | **1485,4** | **6756** | **20,5** |

**(Извор: Државен завод за статистика)**

**Табела 1.** *Преглед на пријавени (ПР), обвинети (ОБ) и осудени (ОС) полнолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2019-2023 година*

Во Табела 1. прикажан е компаративниот преглед на пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица за вкупниот криминалитет наспроти Кривичните дела против здравјето на луѓето во Република Северна Македонија во периодот 2019-2023 година. Тука, може да се забележи дека во петгодишниот истражуван временски период просечно биле пријавени 12 426 лица, од нив биле обвинети 7 332, а осудени 6 598 лица за вкупниот криминалитет. Додека, за Кривичните дела против здравјето на луѓето, просечно во петгодишниот временски период кој е истражуван биле пријавени 1640 лица, од нив обвинети 1551, а осудени 1485 лица. Тоа процентуално прикажано би значело дека 13,2 % од бројот на пријавени лица за вкупниот криминалитет отпаѓа на пријавените лица за Кривичните дела против здравјето на луѓето, 19,23 % отпаѓа на обвинетите, а 20,5 % на осудените лица за овие кривични дела. Соодносот од пријавените лица со обвинети лица за делата против здравјето на луѓето  е 94,5 %, а дури 95,7 % од обвинетите лица биле и осудени, што пак, во однос на пријавени лица би претставувло 89  %.

| | | КД против здравјето на луѓето | Несовластено лекување на болни | Неовластено производство и пуштање во промет дрога | Непостапување по здрав. прописи во време на епидемија. | Овозможување употреба на наркотична дрога | Останати дела против здравјето на луѓето |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | Вкупно обвинети | 305 | 5 | 253 | / | 41 | 6 |
| | Осудителна пресуда | 139 | 1 | 112 | / | 18 | 3 |
| | Запрена постапка | 2 | / | 2 | / | / | / |
| | Ослободителна пресуда | 11 | 1 | 8 | / | 1 | 1 |
| | Одбивателна пресуда | 12 | 1 | 8 | / | 1 | 2 |
| | Мерки на безбедност- Вкупно | 13 | / | 9 | / | 4 | / |
| 2020 | Вкупно обвинети | 609 | / | 137 | 453 | 16 | 3 |
| | Осудителна пресуда | 27 | / | 3 | 24 | / | / |
| | Запрена постапка | 10 | / | 6 | 4 | / | / |
| | Ослободителна пресуда | 24 | / | 3 | 18 | 3 | / |
| | Одбивателна пресуда | 30 | / | 7 | 23 | / | / |
| | Вкупно мерки | 2313 | 1 | 372 | 1861 | 62 | 17 |
| 2021 | Вкупно обвинети | 2313 | 1 | 372 | 1861 | 62 | 17 |
| | Осудителна пресуда | / | / | / | / | / | / |
| | Запрена постапка | 38 | / | 5 | 33 | / | / |
| | Ослободителна пресуда | 34 | 1 | 10 | 22 | 1 | / |
| | Одбивателна пресуда | 44 | / | 5 | 36 | 2 | 1 |
| | Мерки на безбедност- Вкупно | 10 | / | 5 | 5 | / | / |

| | | КД против здравјето на луѓето | Несовесно лекување на болни | Неовластено производство и пуштање во промет дрога | Непостапување по здрав.прописи во време на епидемија. | Овозможување употреба на наркотична дрога | Останати дела против здравјето на луѓето |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2022** | **Вкупно обвинети** | **1631** | **/** | **347** | **1221** | **40** | **23** |
| | **Осудителна пресуда** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| | **Запрена постапка** | **15** | **/** | **/** | **14** | **1** | **/** |
| | **Ослободителна пресуда** | **17** | **/** | **5** | **11** | **1** | **/** |
| | **Одбивателна пресуда** | **25** | **/** | **6** | **17** | **1** | **1** |
| | **Мерки на безбедност- Вкупно** | **6** | **/** | **2** | **4** | **/** | **/** |
| **2023** | **Вкупно обвинети** | **706** | **3** | **371** | **287** | **34** | **11** |
| | **Осудителна пресуда** | **67** | **2** | **362** | **263** | **34** | **10** |
| | **Запрена постапка** | **9** | **/** | **2** | **7** | **/** | **/** |
| | **Ослободителна пресуда** | **15** | **1** | **3** | **10** | **/** | **/** |
| | **Одбивателна пресуда** | **11** | **/** | **4** | **7** | **/** | **1** |
| | **Мерки на безбедност- Вкупно** | **1** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** |

**(Извор: Државен завод за статистика)**

**Табела 2.** *Обвинети полнолетни лица во периодот од 2019 до 2023 година за дела против здравјето на луѓето*

Гледајќи ги резултатите прикажани во Табела 2 можеме да воочиме дека најголемиот дел од обвинетите по сите кривични дела, кои спаѓаат во дела против здравјето на луѓето, неовластеното производство и пуштање во промет на наркотични дроги, заземаат најголем процент. Овде во овој период од 2019 до 2023 година доста специфично е делото „Непостапување по здравствени прописи во време на епидемија“, и е дело кое е окарактеризирано како посебно кривично дело кое се јавува само во време кога е прогласена епидемија. Токму тоа дело се појавува во истражуваниот период кога е прогласена епидемија на целата територија на државата, односно станува збор за Кронавирусот. Ако постапно се разгледуваат годините почнувајќи од 2019 − година пред

пандемијата, па се до 2023 година, во време на пандемијата, воочлива е разликата во обвинети лица. Во 2019 година кога нема пандемија, од вкупно обвинети лица за кривични дела против здравјето на луѓето вкупно 305, само за кривичното дело „Неовластено проиводство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ (чл. 215 од КЗ на РСМ), обвинети се 253 лица, што процентуално гледано е приближно 83 %. Потоа, како што се прогласува епидемијата, бројките се сосема различни и со најмногу обвинети лица е кривичното дело „Непостапување според здравствените прописи за време на пандемија“ (чл. 206 од КЗ на РСМ), но без разлика на тоа, бројот на дела по чл. 215 во периодот од 2019 до 2023 година се движи во просек од 316.

| | **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
| **Вкупно обвинети лица** | 253 | 237 | 372 | 347 | 371 |
| **Осудителна пресуда** | 117 | 137 | - | - | 362 |
| Пресуда врз основа на предлог-спогодба | 26 | 22 | 45 | 31 | 8 |
| Пресуда за издавање казнен налог | 4 | 7 | 167 | 135 | 171 |
| Пресуда врз основа на признание на вина | 88 | 59 | 139 | 169 | 183 |
| Изречена мерка на безбедност без изречување казна | - | - | 1 | 1 | - |
| **Запрена постапка** | 2 | 3 | 5 | - | 2 |
| **Ослободителна пресуда** | 8 | 6 | 10 | 5 | 3 |
| **Одбивателна пресуда** | 8 | 3 | 5 | 6 | 4 |
| **Мерки на безбедност - Вкупно** | 9 | 7 | 5 | 2 | 1 |

**(Извор: Државен завод за статистика)**

**Табела 3**. ***Обвинети полнолетни лица според чл.215 од КЗ и видот на одлуката во периодот од 2019-2023***

| | **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
| **Вкупно обвинети лица** | 253 | 237 | 372 | 347 | 371 |
| **Обвинети лица - Жени** | 5 | 9 | 13 | 15 | 14 |
| **Обвинети лица - Мажи** | 248 | 228 | 359 | 332 | 357 |

**(Извор: Државен завод за статистика)**

**Табела 4**. ***Обвинети полнолетни лица според чл. 215 од КЗ и полот во периодот 2019-2023***

Во Табелата 4 претставени се лицата обвинети по чл. 215 од КЗ на РСМ според полот од каде доста јасно се гледа дека машката популација е позастапена, односно најчести извршители на ова кривично дело се мажите. Ако по години процентуално се анализира оваа состојба, тоа би изгледало вака: во 2019 година од вкупниот број обвиненија 253, во 248 обвиненија се јавуваат мажите или во проценти 98 %, а само во 5 случаи обвинети се жени, односно само 2 %. Во следната 2020 год. од вкупно 237 обвинети лица, 228 или 96,2 % се мажи и 9 обвинети се жени; 2021 година вкупно 372 обвинети лица од кои 359 (96,5 %) мажи и 13 (3,5 %) жени; 2022 година од вкупно 347 лица, 332 или 95,6 % се мажи, и 15 или 4,4 % се жени. Во 2023 година од вкупно 371 обвинети лица, најголем дел 357 или 96 % се мажи и само 14, или 4 % се жени. Во обработениот петгодишен периодот ако во 2019 година биле обвинети само 5 жени во 2023 година обвинети се 14 жени што претставува раст од 180 %.

| | **Кривични дела против здравјето на луѓето** | | | | | **Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
| **Вкупно осудени лица** | 280 | 2034 | 2197 | 1574 | 671 | 235 | 225 | 352 | 336 | 362 |
| **Осудени лица Жени** | 8 | 159 | 176 | 186 | 63 | 4 | 9 | 11 | 15 | 13 |
| **Осудени лица Мажи** | 272 | 1875 | 2021 | 1388 | 608 | 231 | 216 | 341 | 321 | 349 |
| **Казни -вкупно** | 138 | 1699 | 1701 | 1186 | 412 | 126 | 134 | 218 | 211 | 225 |
| **Алтернативни мерки-вкупно** | 142 | 335 | 494 | 386 | 259 | 109 | 91 | 133 | 124 | 137 |
| **Прогласен виновен ослободен од казна** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Изречена мерка безбедност без изречување на казна** | - | - | 2 | 2 | - | - | - | 1 | 1 | - |

**(Извор: Државен завод за статистика)**

**Табела 5.** *Осудени полнолетни лица по чл. 215 од КЗ во однос на делата зравјето на луѓето по видот на санкцијата*

Ако се анализира табела 5, каде се прикажани бројките на осудени лица за кривични дела против здравјето на луѓето, споредено со осудените лица по чл. 215 од КЗ на РСМ, па се направи споредба со табела 4, каде прикажани се обвинетите лица по чл. 215, очигледно е дека најголемиот број од обвинетите се и осудени лица, особено кога

станува збор за чл. 215, „Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги“. Споредбено гледано за анализираниот период почнувајќи од 2019 година кога обвинети се 253 лица, осудени се 235 лица односно во проценти 92,9 %, а следната 2020 година од вкупно обвинети 237 лица осудени се 225 лица односно 94,9 %. Процентот на осудени во однос на обвинети во следната 2021 година е 94,6 %,  односно од вкупно обвинети 372, осудени се 352 лица, по што истиот расте па така во 2022 година изнесува 96,8 % ,односно бројот на обвинети е 347 лица, а од нив осудени се 336, по што следи 2023 година каде од вкупно обвинети лица 371, осудени се 362 лица, односно во проценти прикажано изнесува 9,6 % по што може да се констатира дека бројката на осудени лица во однос на обвинети е доста голема и истата има тренд на пораст.

| Год. | Кривични дела | **вкупно** | **Непосредно** | **Преку МВР** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **Вкупно** | **Вкупно** |
| **2019** | **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 730 | 27 | 703 |
| **2020** | **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 4221 | 95 | 4126 |
| **2021** | **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 2411 | 74 | 2337 |
| **2022** | **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 933 | 32 | 901 |
| **2023** | **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 802 | 22 | 780 |

**(Извор: Државен завод за статистика)**

**Табела 6.** *Пријавени полнолетни лица според кривични дела  против здравјето на луѓето според подносителот на кривичната пријава*

Ако се направи анализа на тоа кој е подносител на кривичните пријави против здравјето на луѓето, како што е прикажано во табела 6, ќе се забележи дека најголемиот број се поднесени од страна на МВР. Од вкупно поднесени пријави во 2019 година 730, МВР поднела 703 или 96,3 %, за 2020 овој процент изнесува 97,7 %, за 2021 овој процент е 96,9 % односно поднесени се вкупно 2411 пријави од кои МВР поднесла 2337. Овие броеви за кривични дела против здравјето на луѓето според подносителот на кривичната пријавата за 2022 година се 933 вкупно поднесени пријави од кои 901 пријава поднела

МВР односно 96,5 % или за 2023 година поднесени се вкупно 802 кривични пријави од кои за 780 од нив или 97,3 % се јавува МВР.

## 1.2.Оствρт на криминалитетот на ниво на секторски единици со акцент на КД по чл. 215 од КЗ на РСМ

Во продожение ќе бидат разгледани статистиччките податоци на ниво на сектори, односно податоци за секој од секторите поединечно, колкав е бројот на поднесени кривични пријави кај секој сектор поединечно и споредба во однос на кривичните пријави поднесени по чл. 215 од КЗ. На ниво на Министерство функционираат осум сектори, СВР Скопје, СВР Битола, СВР Велес, СВР Куманово, СВР Охрид, СВР Струмица, СВР Тетово, СВР Штип и ОСОСК (Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал). Посебно ќе бидат претставени табеларно поднесените кривични пријави по сектори по чл. 215 и бројот на сторители. Карактеристично кај овие кривични дела е тоа што повратништвото е многу често застапано, па многу често се случува бројот на сторители да е поголем од бројот на поднесени пријави иако понекогаш пријавата може да биде против двајца или повеќе сторители, бидејќи станува збор за организиран тип на криминал. Тука ќе ги разгледаме и количините на запленетите дроги, од кој вид се истите, класифицирани според секторските единици кои ги заплениле.

| ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| СВР Скопје | 10,672 | 11,422 | 10,257 | 9,671 | 8,967 |
| СВР Битола | 2,589 | 2,699 | 2,665 | 2,884 | 2,302 |
| СВР Велес | 1,070 | 1,237 | 1,283 | 1,096 | 1,055 |
| СВР Куманово | 1,612 | 1,397 | 1,552 | 1,293 | 1,247 |
| СВР Охрид | 1,827 | 1,934 | 1,813 | 1,613 | 1,307 |
| СВР Струмица | 1,175 | 1,903 | 1,249 | 1,084 | 1,155 |
| СВР Тетово | 2,141 | 2,020 | 2,030 | 1,876 | 1,889 |
| СВР Штип | 2,011 | 2,733 | 2,161 | 1,949 | 1,666 |
| ОСОСК | 96 | 55 | 48 | 79 | 80 |

**(Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/70)**

**Табела 8.** *Вкупен криминал по сектори - регистрирани кривични дела*

Она што погоре го споменавме веќе е прикажано табеларно во табела, односно вкупниот број на криминал по сектори, што би значело број на регистрирани кривични дела. Тука е опфатен период од пет години од 2019 година до 2023 год.

Вредностите од оваа табела ќе ни послужат како пример за споредба во однос на вредностите кои ќе бидат прикажани во следната табела, каде што ќе бидат претставени кривичните дела и сторителите по чл. 215 од КЗ. Со анализа на двете табели ќе утврдиме во колкав процент чл. 215 учествува во вкупниот криминал прикажано по сектори.

| ОРГ.ЕДИНИЦИ | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КД Чл.215 | сторит ели | КД Чл.215 | сторит ели | КД Чл.215 | сторит ели | КД Чл.215 | сторит ели | КД Чл.215 | сторит ели |
| СВР Скопје | 171 | 179 | 109 | 118 | 113 | 122 | 118 | 135 | 153 | 169 |
| СВР Битола | 82 | 92 | 57 | 70 | 65 | 75 | 77 | 90 | 105 | 120 |
| СВР Велес | 38 | 44 | 43 | 50 | 34 | 42 | 59 | 74 | 43 | 54 |
| СВР Куманово | 54 | 55 | 48 | 50 | 39 | 43 | 43 | 44 | 52 | 56 |
| СВР Охрид | 119 | 140 | 118 | 123 | 118 | 121 | 135 | 143 | 98 | 106 |
| СВР Струмица | 62 | 75 | 54 | 64 | 40 | 48 | 42 | 49 | 55 | 65 |
| СВР Тетово | 162 | 181 | 108 | 148 | 110 | 155 | 89 | 106 | 124 | 166 |
| СВР Штип | 56 | 66 | 79 | 91 | 73 | 85 | 63 | 75 | 87 | 91 |
| ОСОСК | 19 | 31 | 9 | 20 | 8 | 37 | 17 | 31 | 5 | 39 |

**(Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/70)**

**Табела 9.** *Недозволена трговија со дрога по сектори - член 215*

Како што спомнавме со анализа на табеларните податоци прикажани во табела 8, и податоците прикажани во табела 9 можеме лесно да видиме со колкав процентуален дел од вкупниот број на криминал припаѓа нелегалното производство и пуштање во промет наркотична дрога, психотропни супстанции и пекурсори т.е. чл. 215 од КЗ на РСМ.по сектори.

**За 2019 год**. ќе ги разгледаме податоците по сектори:

СВР – Скопје има регистрирано вкупно 1062 кривични дела од кои 171 кривино дело отпаѓа на чл. 215 од КЗ на РСМ односно процентуално тоа би било 16,1 %

СВР - Битола од вкупно регистрирани 2589 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 82 кривични пријави што процентуално би било 3,2 %.

СВР – Велес од регистрирани вкупно 1070 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 38 кривични пријави или 3,5% од вкупниот број.

СВР – Куманово во 2019 година има регистррано вкупно 1612 кривични дела од кои 3,3 % или 54 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Охрид, од вкупно регистрирани 1827 кривични дела, 119 се кривични дела по чл.215 од КЗ на РСМ или процентуално прикажано тоа би било 6,5%.

СВР – Струмица има регистрирано 1175 кривични дела за 2019 година а од нив 62 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 5,3 %.

СВР Тетово  во 2019 година има регистррано вкупно 2141 кривични дела од кои 2,9% или 162 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Штип, вкупно регистрирани 2011 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 56 кривични пријави што процентуално би било 2,8 %.

ОСОСК – поднела вкупно 96 кривични пријави а од нив се 19 по чл. 215 што претставува 19,8 % и претставува доста голем процент што докажува дека делата кои се гонат по чл. 215 од КЗ на РСМ спаѓаат во огранизиран и сериозен криминал.

**За 2020 год**. ќе ги разгледаме податоците по сектори:

СВР – Скопје од вкупно регистрирани 11422 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 109 кривични пријави што процентуално би било 0,95 %.

СВР - Битола има регистрирано 2699 кривични дела за 2020 година а од нив 57 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 2,1 %.

СВР – Велес од регистрирани вкупно 1237 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 43 кривични пријави или 3,5 % од вкупниот број.

СВР – Куманово во 2020 година има регистррано вкупно 1397 кривични дела од кои 3,4 % или 48 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Охрид, во 2020 година има регистррано вкупно 1934 кривични дела од кои 6 % или 118 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Струмица има регистрирано 1903 кривични дела за 2020 година а од нив 54 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 2,8 %.

СВР − Тетово од вкупно регистрирани 2020 кривични дела, 108 се кривични дела по чл.215 од КЗ на РСМ или процентуално прикажано тоа би било 5,3%.

СВР – Штип, од регистрирани вкупно 2733 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 79 кривични пријави или 2,9 % од вкупниот број.

ОСОСК – во 2020 поднела вкупно 55 кривични пријави а од нив се 9 по чл. 215 што претставува 16,3 %.

**За 2021 год**. ќе ги разгледаме податоците по сектори:

СВР – Скопје има регистрирано вкупно 10257 кривични дела од кои 113 кривино дело отпаѓа на чл. 215 од КЗ на РСМ односно процентуално тоа би било 1,1 %

СВР - Битола од вкупно регистрирани 2665 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 65 кривични пријави што процентуално би било 2,4 %.

СВР – Велес од регистрирани вкупно 1283 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 34 кривични пријави или 2,5 % од вкупниот број.

СВР – Куманово во 2019 година има регистррано вкупно 1552 кривични дела од кои 2,5 % или 39 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Охрид, од вкупно регистрирани 1813 кривични дела, 118 се кривични дела по чл. 215 од КЗ на РСМ или процентуално прикажано тоа би било 6,5 %.

СВР – Струмица има регистрирано 1249 кривични дела за 2021 година а од нив 40 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 3,2 %.

СВР − Тетово во 2021 година има регистрирано вкупно 2030 кривични дела од кои 5,4 % или 110 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Штип, вкупно регистрирани 2161 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 73 кривични пријави што процентуално би било 3,4 %.

ОСОСК – поднела вкупно 48 кривични пријави, од нив се 8 по чл. 215 и претставува 16,7 %.

**За 2022 год**. ќе ги разгледаме податоците по сектори:

СВР – Скопје вкупно регистрирани 9671 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 118 кривични пријави што процентуално би било 1,2 %.

СВР - Битола од вкупно регистрирани 2884 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 77 кривични пријави што процентуално би било 2,7 %.

СВР – Велес од регистрирани вкупно 1096 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 59 кривични пријави или 5,3 % од вкупниот број.

СВР – Куманово во 2022 година има регистрирано вкупно 1293 кривични дела од кои 3,3 % или 43 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Охрид, има регистрирано 1613 кривични дела за 2022 година, а од нив 135 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 8,3 %.

СВР – Струмица има регистрирано 1084 кривични дела за 2022 година, а од нив 42 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 3,87 %.

СВР – Тетово  во 2022 година има регистрирано вкупно 1876 кривични дела од кои 4,7 % или 89 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Штип, вкупно регистрирани 1949 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 63 кривични пријави што процентуално би било 3,2 %.

ОСОСК – во 2022 година има регистррано вкупно 79 кривични дела од кои 21,5 % или 17 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

**За 2023 год**. ќе ги разгледаме податоците по сектори:

СВР – Скопје од вкупно регистрирани 8967 кривични дела по чл. 215 од КЗ има поднесено 153 кривични пријави што процентуално би било 1,7 %.

СВР - Битола има регистрирано 2302 кривични дела за 2023 година, а од нив 105 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 4,5 %.

СВР – Велес од регистрирани вкупно 1055 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 43 кривични пријави или 4 % од вкупниот број.

СВР – Куманово во 2023 година има регистррано вкупно 1247 кривични дела од кои 4,2 % или 52 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Охрид, во 2023 година има регистррано вкупно 1307 кривични дела од кои 7,5 % или 98 се дела по чл. 215 од КЗ на РСМ.

СВР – Струмица има регистрирано 1155 кривични дела за 2023 година а од нив 55 дела се по чл. 215 од КЗ на РСМ односно 4,7%.

СВР – Тетово  од вкупно регистрирани 1889 кривични дела, 124 се кривични дела по чл. 215 од КЗ на РСМ или процентуално прикажано тоа би било 6,5 %.

СВР – Штип, од регистрирани вкупно 1666 кривични дела, по чл. 215 од КЗ поднесени се 87 кривични пријави или 5,2 % од вкупниот број.

ОСОСК – во 2023 поднела вкупно 80 кривични пријави а од нив се 5 по чл. 215 што претставува 6,2 %.

| **заплени** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|
| **марихуана во кг** | **977.20** | **1890.63** | **1,869.00** | **2,973.70** | **5091.48** |
| **хероин во кг** | **0.73** | **16, 5** | **6.053** | **2.36** | **1.53** |
| **кокаин** | **852,3 грама** | **2,329 грама** | **0,604 грама** | **2.723,6 грама** | **3,56 кг** |
| **стебла канабис** | **131** | **329** | **2,302** | **20,373** | **4,541** |
| **таблети екстази** | **409.5** | **6,543** | **1,586** | **349** | **3672** |

**(Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/70)**

**Табела. 10** *Вкупно заплени на дрога по вид и количина - од 2019 до 2023 година*

Во табелата 10 претставени се податоци за вкупните количини според видот на дрогата која е запленета од страна на МВР прикажана по години за период од 2019 год. до 2023 год.

Од табеларниот приказ на податоците можеме да забележиме пораст на запленитe на наркотичната дрога со порастот на годините, што докажувва дека борбата против организираниот криминал кога е во прашање произведувањето и пуштањето во промет на наркотична дрога е во нагорна линија што е пак правопропорционално со зголеменото присуство на наркотична дрога на нелегалниот пазар.

### 1.3.Посебен осврт на СВР Битола по организациони единици во однос на борбата со недозволеното производство и трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

Во продолжение ќе бидат разгледани и табеларно прикажани податоци во врска со кривичното дело по чл. 215 од КЗ на РСМ во Секторот за внатрешни работи, Битола односно во сите подрачни единици кои спаѓаат во него. СВР Битола е еден од осумте

сектори во министерството за внатрешни работи во чиј состав влегуваа организационите единици ОВР Битола, ОВР Прилеп, ОВР Ресен, ОВР Демир Хисар, ОВР Крушево и ОВР Македонски Брод.

| Година | Чл.215 | СВР Битола | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Битола | Прилеп | Демир Хисар | Ресен | Крушево | Мак.Брод |
| 2019 | сторител | 43 | 36 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | КП | 38 | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2020 | сторител | 29 | 29 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | КП | 20 | 30 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 2021 | сторител | 29 | 26 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| | КП | 26 | 28 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 2022 | сторител | 42 | 34 | 6 | 0 | 1 | 0 |
| | КП | 33 | 40 | 0 | 3 | 1 | 0 |
| 2023 | сторител | 71 | 34 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| | КП | 66 | 33 | 0 | 5 | 1 | 0 |

**(Извор: СВР –Битола – ОКРА - ОТКРА)**

**Табела 11.** *Сторители и поднесени КП по чл. 215 за периодот од 2019 до 2023 за СВР-Битола по организациони единици*

Табеларниот приказ на податоците во табела 11 ги претставуваат сторителите и поднесените кривични пријави по чл.215 од КЗ на РСМ во пориодот од 2019 година до 2023 година во секторот за внатрешни работи Битола, прикажани по огранизационите единиици кои работат во склоп на секторот.

- **Во 2019 година** на ниво на сектор поднесени се вкупно 75 кривични пријави по чл. 215 против 80 сторители од кои најмногу или 38 кривични пријави се поднесени од ОВР Битола, а 37 од страна на ОВР Прилеп.
- **Во 2020 година** од страна на СВР Битола поднесени се вкупно 51 кривична пријави против вкупно 58 сторители, од кои ОВР Битола поднела 20 кривични пријави, ОВР Прилеп 30 кривични пријави и 1 кривична пријава поднеле ОВР Демир Хисар.
- **Во 2021 година** секторот за внатрешни работа Битола поднел вкупно 57 кривични пријави против 61 сторител. Од вкупниот број 26 поднесени се од страна на ОВР Битола, 28 кривични пријави се поднесени од ОВР Прилеп и 3 кривични пријави поднело ОВР Ресен.

- **Во 2022 година** СВР Битола поднела вкупно 77 кривични пријави против вкупно 83 сторители и тоа 33 кривични пријави поднесени се од ОВР Битола, 40 кривични пријави поднесени од ОВР Прилеп,  кривични пријави поднело ОВР Ресен, а ОВР Крушево поднело 1 кривична пријава.
- **Во 2023 година** на ниво на сектор Битола поднесени се вкупно 105 кривични пријави против 111 сторители. Најголем број или 66 кривични пријави поднесени се од ОВР Битола, 33 кривични пријави од ОВР Прилеп, 5 кривични пријави поднесени се од страна на ОВР Ресен и 1 кривична пријава поднесена е од страна на ОВР Крушево.

| **СВР Битола** | **отфрлени КП чл.215** | **отфрлени КП чл.215** | **отфрлени КП чл.215** | **отфрлени КП чл.215** | **отфрлени КП чл.215** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
| **Битола** | **24** | **15** | **25** | **15** | **20** |
| **Прилеп** | **10** | **6** | **12** | **15** | **21** |
| **Ресен** | | | | | |
| **Д.Хисар** | | | | | |
| **Крушево** | | | | **1** | **1** |
| **М.Брод** | | | | | |

**(Извор: СВР –Битола – ОКРА - ОТКРА)**

**Табела 12.** *Отфрлени КП по чл. 215 за периодот  2019-2023 за СВР- Битола по организациони единици*

Во продолжение на истражувањето  ќе го разгледаме и бројот на отфрлени кривични пријави од страна на надлежните обвинителства, па така

- **Во 2019 година** од вкупниот број на поднесени кривични пријави по чл. 215 поднесени од СВР Битола или 75, отфрлени биле 34 кривични пријави или во проценти тоа би било околу 45,3 %. Од вкупно 38 кривични пријави по чл. 215 поднесени од ОВР Битола, од страна на надлежното ОЈО отфрлени се 24 кривични пријави односно 63 %, или од поднесените вкупно 37 кривични пријави по чл. 215 поднесени од ОВР Прилеп, надлежното ОЈО отфрлило 10 од истите или 27 %.
- **За 2020 година** бројките покажуваат дека процентот на отфрлени кривични пријави по чл. 215 од надлежното ОЈО изнесува 41 %, односно од вкупно

поднесени 51 кривична пријава по чл. 215, надлежното ОЈО отфрлило 11 кривични пријави. Ако се разгледува по огранизациони единици, од страна на ОВР Битола поднесени се 20 кривични пријави по чл. 215, а надлежното ОЈО отфрлило дури 15 од нив или 75 %, а ОВР Прилеп поднело 30 кривични пријави по истиот член 215, а надлежното ОЈО отфрлило 6 од споменатите пријави или во проценти 20 %.

- **Во 2021 година** од вкупниот број поднесени кривични пријави по чл. 215 поднесени од СВР Битола или 57, отфрлени биле 37 од кривичните пријави или во проценти тоа би било околу 64,9 %. Од вкупно 26 кривични пријави по чл. 215 поднесени од ОВР Битола, од страна на надлежното ОЈО отфрлени се 25 кривични пријави односно 96 %, или од поднесените вкупно 28 кривични пријави по чл. 215 поднесени од ОВР Прилеп, надлежното ОЈО отфрлило 12 од истите или 42,8 %.
- **За 2022 година** овие бројки покажуваат дека процентот на отфрлени кривични пријави по чл. 215 од надлежното ОЈО изнесува 40,2 %, односно од вкупно поднесени 77 кривична пријава по чл. 215, надлежното ОЈО отфрлило 31 кривични пријави. Ако се разгледува по огранизациони единици, од страна на ОВР Битола поднесени се 33 кривични пријави по чл. 215, а надлежното ОЈО отфрлило 15 од нив или 45,4 %, ОВР Прилеп поднело 40 кривични пријави по истиот член 215, а надлежното ОЈО отфрлило 15 од споменатите пријави или во проценти 37,5 %, а надлежното ОЈО од вкупно 3 поднесени кривични пријави по чл. 215 од страна на ОВР Крушево 1(една) е отфрлена – 33,3 %.
- **Во 2023 година** од вкупниот број поднесени кривични пријави по чл. 215 поднесени од СВР Битола или 105, отфрлени биле 42 од кривичните пријави или во проценти тоа би било околу 40 %. Од вкупно 66 кривични пријави по чл. 215 поднесени од ОВР Битола, од страна на надлежното ОЈО отфрлени се 15 кривични пријави односно 22,7 %, или од поднесените вкупно 33 кривични пријави по чл. 215 поднесени од ОВР Прилеп, надлежното ОЈО отфрило 15 од истите или 45,4 %. Овдека едната кривична пријава поднесена по чл. 215 поднесена од ОВР Крушево во 2023 година од страна на надлежното ОЈО е отфрлена.

Доколку се разгледаат причините за големиот процент отфрлени кривични пријави од надлежните јавни обвинителства се согледува дека тие најмногу се однесуваат на: слабиот квалитет на поднесените кривични пријави, недоволно квалитетни докази во кривичните

пријави, промена на исказите дадени пред обвинител од страна на обвинетите и сведоците и несоодветно третирање од страна на ОЈО на кривичните пријави поднесувани против ист сторител во помал број (повторници на истото КД).

## 2. Анкета

При истражувањето на конкретна безбедносна појава, неопходно е да бидат обезбедени и емпириски податоци, со цел донесување научни сознанија. За криминалистичката истрага за кривичното дело неовласетено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, беше спроведена анкета со цел обезбедување сознанија за прашања поврзани со предметот на научното истражување на овој магистерски труд. Анкетата подразбира структура од прашања, кои се однесуваат за испитаниците од одредена целна група, во случајов овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи кои работат директно и индиректно на расветлување на кривични дела од областа на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога. Во анкетата опфатени се 100 испитаници, со цел да се изврши тестирање на поставените хипотези во зависност од одговорите на прашањата кои се тесно поврзани со поставените хипотези. Реализираната анкетата којашто беше спроведена е анонимна и обезбедува податоци кои се користат исклучиво за потребите на овој магистерски труд.

### 2.1 Интерпретација на резултатите од анкетниот прашалник

Во анкетното истражување коешто беше спроведено за потребите на овој магистерскиот труд, целната група ја сочинуваа полициски службеници – полицајци и инспектори од крим-полиција од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија кои се директно вклучени во борбата со злоупотреба на наркотична дрога. Истражувањето беше спроведено на случаен примерок од сто испитаници вработени во СВР Битола со нејзините организациони единици, ОВР Прилеп, ОВР Крушево и ОВР Македонски Брод, со што беше обезбедена соодветна репрезентативност

во однос на територијата на СВР Битола, којашто претходно беше определена како просторна рамка на научното истражување. Процентуално резултатите од одговорите на испитаниците се следни:

**Општи прашања:**

1. **Ве молам, наведете ја Вашата возраст:**

Според добиените резултати од анкетираните, во најголем дел анкетирани се вработени во СВР Битола на возраст од 31 до 40 години, или процентуално гледано 36 % од анкетираните, потоа  24 % се лица со над 50 годишна возраст, 20 % се на возраст од 20 до 30 години и исто толку се на воразст од 41 до 50 годишна возраст.




2. **Ве молам, наведете го Вашиот степен на образование:**



3. **Колку време сте (или сте биле) вработени во институција од безбедносен карактер?**




**Посебни прашања:**

**1. На која возраст, според вашето искуство, најчесто населението во рамките на СВР – Битола се извршители на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога?**



**2. Колку нискиот социјален стандард, недоволната едуцираност и информираност на младото население на ниво на СВР Битола влијае врз одлуката истите да бидат поврзани со злоупотреба на дрога на ниво на СВР Битола?**




Како причини за влијанието на социјалниот стандард најчесто наведени мислења се: невработеноста, разведени родители, самохран родител, лошо друштво, докажување во друштвото и слично.

**3. Колку висината на материјалната корист влијае на потенцијалните сторители на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во СВР - Битола ?**




Доаѓањето до лесни и брзи пари со производството и тргувањето со наркотични droги во анкетирањето се наведува како најчеста причина за потенцијалните сторители да посегнат по овој тип на криминал.

**4. Опишете ги кратко најголемите недостатоци, пропусти и слабости кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога на ниво на СВР – Битола.**

На ова прашање како најчести недостатоци, пропусти и слабости се споменуваат:

- Материјално-техничките средства и тоа околу 60 %
- Некористењето или слаботo користење на ПИМ – 20 %
- Недоволна тајност и конспиративност 10 %
- Недоволно посетување на обуки на вработените 4 %
- Ниските плати 4 %
- Ненаградувањето при реализирањето 2 %

**5. Колку мерките на заштита и застареноста на техниките кои се користат при откривање и докажување на кривичните дела поврзани со дрога во СВР Битола влијаат врз квалитетот на докажување на тие дела?**




**6. Дали со проучување на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, нивните сторители, појавните облици, начинот на извршување и обезбедувањето квалитетни докази, овозможува полесно да се детектираат слабостите кај извршителите?**

- Најголем дел од испитаниците или повеќе од 95 % се изјасниле дека е потребно што поголемо проучување на новите појавни форми и начини на извршување на овие дела поврзани со злоупотреба на дрога, проучување на сторителите и детектирање на нивните слабости, сѐ тоа преку соодветни обуки на вработените во СВР Битола;
- 2 % од испитаниците се изјасниле дека веќе се проучени и разработени повеќето појави и облици на овој тип на криминал, но не се пренесуваат соодветно т.е. не се одржуваат редовни обуки;
- 3 % од испитаниците сметаат дека е потребно да се зголемат мерките на заштита на вработените во СВР Битола, како тие непречено би ги извршувале своите работни задачи и подетално би ги проучувале новите форми на кривични дела и извршители поврзани со дрога.

**7. Опишете ги кратко најголемите недостатоци, пропусти и слабости кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога на ниво на СВР Битола.**

Според добиените одговори најчестите недостатоци се: немањето соодветни материјални и технички средства, (тука најмногу се спомнуваат службените возила), немањето соодветни обуки, немањето можност за прелиминарни анализи, несоодветно распределување на работни места во смисла на старосната граница на колегите, некористењето на ПИМ и сл.

**8. Наведете некои од превентивните мерки кои од страна на органите за кривичен прогон најчесто се преземаат со цел превентивно делување за намалување и спречување на КД поврзани со злоупотреба на дрога.**

Најчесто дадени одговори се:

- Делење флаери со содржина каде се наведува штетното влијание на дрогата
- Едукација на учениците во напредните основни и средни училишта
- Позачестени контроли на угостителските објекти, казината и обложувалниците
- Чести акциски контроли на местата каде најчесто се собираат уживатели
- Соработка и заедничко делување со останати установи во борбата против наркоманијата.

**9. Дали сметате дека полициските службеници од СВР – Битола се доволно стручни и оспособени за ефикасна борба против кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога?**




Според добиените резултати прикажани во вид на „пита“ на поставеното прашање, 60 % одговориле дека полициските службеници се доволно стручни и способни за ефикасна борба против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога што го опрвдува високиот процент, што значи дека довербата во стручноста на полициските службеници најпрво треба да се врати помеѓу колегите, а потоа да се прават напори да се зголемува довербата на граѓаните во полицијата.

**10. Колку често се применуваат посебните истражни мерки (ПИМ)?**



Неретко коментарите на самите полициски службеници се дека ПИМ во помалите населени места се користат многу ретко односно не се применуваат. Ако се направи подетална анали на одговорите, се забележува дека во помалите организациони единици во СВР како што се Крушево, Ресен, Демир Хисар, овие мерки речиси и не се применуваат. Во време кога технологијата е на многу високо ниво, може да се заклучи дека напредната технологија најмногу се користи во криминалните кругови, особено кога станува збор за злоупотреба на дрогата. Начинот на комуникација, начинот на транспорт и продажба на наркотичната дрога, многу полесно би се проследувала, откривала и би се докажувала доколку овие мерки правилно, законски и почесто би се користеле.

## 3. Студија на случај

Студија на случај или „Case study" претставува еден од поновите методи на истражување на безбедносните појави. Со нејзина примена можат да се увидат појавните облици на истражуваното кривично дело, текот на извршување на кривичното делото, динамиката, специфичностите за конкретно манифестирање на истото дело како и однесувањето на неговите извршители, со цел да се добијат соодветни заклучоци за безбедносната појава. Од студијата на случај се добиваат конкретни квалитативни и квантитативни параметри за безбедносната појава. При истражување на безбедносните појави со овој методот - студија на случај, се врши систематска апроксимација за конкретното кривично дело, со неговите специфичности, во неговите појавни форми, кривично-правните аспекти, профилот на сторителите и сл. Професорот Мојаноски дава свое гледиште каде вели дека значењето на студијата на случај произлегува од фактот што основно начело на истражуваната безбедносна појава произлегува од научната вистина којашто е содржана во целината и само од неа може да се открие[127].Со овој метод целосно и хронолошки се анализира кривично-правниот настан, може за одредени специфики да се фокусира на извршителите, односно на кривичното дело. Секоја студија на случај ја отсликува безбедносната појава автентично со сите нејзини специфичности. Од добиените

[127] Мојаноски,Ц., *Методологија на научноистражувачката работа,* 2-ри август, принт, Штип, 1998, стр.266

резултати може да се разбере случајот и да се донесат мериторни заклучоци за истражуваната безбедносна појава.

Според анализираната теорија на студија на случај постојат неколку категории, во зависност од целите на истражувачот. Овие типови на студии на случај го вклучуваат следново:

- Илустративните студии на случај, првенствено се описни студии, тие вообичаено користат еден или два случаи за настанот и ја опишуваат постоечката ситуација.
- Истражувачките студии на случај се кондензирани студии на случај направени пред да се спроведат поголеми истражувања. Нивната основна функција е да се помогне за да се идентификуваат некои прашања и да се изберат соодветни типови на мерења.
- Кумулативни студии на случај служат за агрегирање на информации од неколку извори собрани во различни периоди. Идејата е овие студии да се собираат заедно со минати студии и да се овозможи поголема генерализација без дополнителни трошоци за нови.
- Критичките пример студии на случај, служат за да се истражат една или повеќе локации или со цел да се истражи некоја појава од посебен интерес со генерализација или да се истражи високо генерализирано или универзално тврдење. Овој метод е корисен за одговарање на причините и последиците на некоја појава.[128]

Од секоја студија на случај се извлекува заклучок за истражуваната појава. Заклучокот од студијата на случај треба да ги нагласи наодите конкретно од безбедносната појава кои се разликуваат во одредени специфичности и да ги синтетизира клучните наоди кои се заеднички за истражуваната појава. Основна функција на заклучокот е да го потенцира главниот аргумент којшто ќе биде анализиран со конкретната студија.

Студијата на случај овозможува длабинско истражување на безбедносните појави на целиот концепт, односно целината во која се појавува одреден случај со сите негови специфичности. Посебно се фокусира на истражуваниот феномен со цел научно и стручно да се објаснат специфичностите на случајот и нивната меѓусебна корелација.

[128] https://books.google.mk/books?id=vSNp2jtzCbEC&pg=PA10&redir_esc=y&hl=mk#v=onepage&q&f=false (пристапено 20 Декември 2025)

## 3.1 Студија на случај на кражба на наркотична дрога − марихуана заради неовластено пуштање во промет од 2020год.

Дело извршено од повеќе лица како организирана група кои го гони ОЈО за ГОКК

Оваа студија на случај го опфаќа временскиот период од 16.12.2020 до 19.12.2020 година. Извршителите се група од четири лица, од кои првопријавениот е недостапен за органите на прогонот, второпријавениот е државјани на Република Албанија, третопријавениот е македонски државјанин, а еден е државјанин на Република Косово, сите, освен првопријавениот, кој е недостапен на органите на прогонот, се осудени за кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ – чл. 215 ст. 3 в.в со ст. 1 од Кривичниот законик на РСМ и бидејќи станува збор за дело од областа на организираниот криминал и корупција, тоа е во надлежност на застапување на ОЈО за ГОКК.

Имено, обвинетите во периодот од 16.12.2020 година до 19.12.2020 година заедно од објект лоциран во с. Алданци во близина на Крушево, користен од страна на правно лице − Друштво за производство, трговија и услуги, чија дејност е одгледување канабис за медицински намени и производство на екстрат од канабис, за што поседувал соодветни лиценци, кои според законот се потребни за извршување на дејноста, неовластено заради продажба пренеле 58,980 грама наркотична дрога марихуана и околу 900 милилитри хашиш масло. Дрогата ја пренеле во претходно изнајмен објект – викенд куќа во атарот на с. Врбоец, м.в Опаленик – Крушево, како и во простории од мотел во Крушево, по што неовластено заради продажба, ја држеле наркотичната дрога со цел да се стекнат со противправна имотна корист. Тоа го направиле на начин што првопријавениот, недостапен за органите на прогонот, кој бил задолжен за техничкиот процес за одгледување на растенијата и неофицијално бил назначен како управител на правниот субјект за производство, трговија и услуги, и кому месеци пред критичниот настан му биле доверени клучевите од безбедносниот сеф каде се чувала сувата материја. Првообвинетиот, еден месец пред критичниот настан, неофицијално го вработил второпријавениот албански државјанин и го назначил за одговорно лице во фабриката со цел да ги контролира и да ги координира вработените, по што двајцата се договориле наркотичната дрога да ја изнесат надвор од правниот субјект, со цел натамошна

неовластена продажба. За таа цел по насоки на првопријавениот двајцата се договориле и ги ангажирале третопријавениот и четвртопријавениот, кои биле вработени во правниот субјект 4 месеци како  работници, а биле задолжени за наводнување и одгледување на растенијата, но немале договор за вработување и престојувале во мотел во Крушево. Таму првопријавениот имал закупено соби, па во мотелот обвинетите заедно правеле план со цел безбедно изнесување на наркотичната дрога од просториите на правниот субјект. На тој начин,  првопријавениот  заради продажба неовластено пренел 1(една) тегла хашишово масло со волумен од 900 милилитри, која по завршувањето на работното време ја однел во мотелот во Крушево и му ја дал на третообвинетиот македонски државјанин, кој неовластено заради продажба ја држел во неговата соба во мотелот.

На ден 18.12.2020 година, првообвинетиот, недостапен за органите на прогонот, закупил викенд куќа лоцирана во с. Врбоец м.в. Опаленик – Крушево, од лице од Битола (сведок) во непосредна близина на фабриката каде заедно со другите обвинети имале намера неовластено заради продажба, да ја пренесат и да ја чуваат на безбедно наркотичната дрога марихуана, со вкупна нето маса од 58,980 грама. Истиот ден околу 09:00 часот, откако обвинетите предизвикале прекин на мониторинг системот од безбедносните камери, а со оглед дека во тој период вработените користеле пауза, првообвинетиот заедно со второообвинетиот ја пренеле наркотичната дрога марихуана која била спакувана во проѕирни најлонски ќеси и ја сместиле во (шест) големи црни вреќи по што ја ставиле во магацинот, за подоцна околу 11:00 часот, (шесте) црни вреќи во која била сместена наркотичната дрога марихуана, второoбвинетиот и четвртообвинетиот, неовластено заради продажба ја сместиле во ПМВ – џип со швајцарски рег. број. Потоа првообвинетиот и второoбвинетиот со истиот џип излегле надвор од кругот на фабриката и се упатиле кон претходно изнајмената викенд куќа лоцирана во непосредна близина на фабриката во м.в. Опаленик – Крушево, каде што неовластено заради продажба ја сместиле наркотичната дрога марихуана. Околу 16:00 часот тој ден, провообвинетиот кој е недостапен за органите на прогонот, по завршување на работното време со ПМВ ги пренел останатите обвинети во викенд куќата во с. Врбоец, каде што претходно неовластено заради продажба ја сместиле и ја чувале наркотичната дрога марихуана, по што на третопријавениот македонски државјанин му дале задача да ја чува наркотичната дрога марихуана. Му кажале дека наредниот ден во

утринските часови треба да пристигнат лица кои неовластено заради продажба ќе ја преземат наркотичната дрога марихуана во вкупна количина од 58,980 грама која при претресот на викенд куќата на ден 19.12.2020 година од страна на овластени службени лица била пронајдена спакувана во 6 (шест) црни вреќи со по 2 (две) проѕирни најлонски вреќи со наркотична дрога марихуана. При претресот  пронајдени се 5 (пет) црни вреќи сместени во плакарот во ходникот и 1 (една) црна вреќа во креветот од собата, а додека во собата на четвртообвинетиот косовски државјанин во мотелот во Крушево, пронајдена е наркотична дрога марихуана со нето маса од 62,42 грама во куфер и тоа : алуминиумско зипер пакување со наркотична дрога марихуана со тежина од 0,98 грама, целофанско пакување со наркотична дрога марихуана со тежина од 0,88 грама алуминиумско зипер пакување наркотична дрога марихуана со тежина од 2,03, грама, и а, стаклена тегла со наркотична дрога марихуана со тежина од 13,55 грама. Во мотелската соба која ја користи првообвинетиот пронајдена е наркотична дрога марихуана во повеќе различни пакувања во вкупна нето маса од 18,29 грама.

Со горенаведените дејствија, освен за првообвинетиот кој не е достапен за органите на прогонот, останатите обвинети сториле кривично дело **„Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“** од чл. 215 ст. 3 в.в ст. 1 од КЗ на РСМ, па согласно законската одредба и одредбите од 4, 32, 33, 35, 39, 40 и 41 од Кривичниот законик од страна на Основен кривичен суд – Скопје II, изречена е пресуда со број КОК бр. 70/21 од  15.03.2022 год.  се осудени на КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД  4 (ЧЕТИРИ) ГОДИНИ.

Во рок од 15 (петнаесет) дена до Апелациониот суд – Скопје против оваа одлука поднесена е жалба од страна на обвинетите како и од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На ден 22.09.2022 год од страна на Апелациониот суд  - Скопје број КОКЖ-65/22
донесена е ПРЕСУДА:

Пресудата на Основен суд − Скопје, Специјализирано одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција КОК-70/22 од 15.03.2022

година СЕ ПРЕИНАЧУВА во делот на одлуката за кривична санкција, на начин што обнинетите кои со правосилна пресуда се осудени за по едно кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од чл. 215 ст.3 в.в ст. 1 од КЗ на РСМ, СЕ ОСУДУВААТ на казна затвор во траење од по 6 (ШЕСТ ГОДИНИ), во која казна согласно член од Кривичниот законик им се засметува времето поминато во притвор, односно куќен притвор.

- **Според описот на кривично-правниот настан** во предметното кривично дело во кое дејството на извршување **е** неовластено набавување, преносо и чување заради продажба наркотична дрога марихуана и хашихово масло, со цел прибавување на противправна имотна корист.
- **Според квалификацијата на делото** станува збор за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од чл. 215 ст.3 в.в ст. 1 од КЗ на РСМ бидејќи е извршено во група, а систематизирано во посебна глава XXI, каде се систематизирани вкупно 13 кривични дела со ист објект на заштита- здравјето на луѓето
- **Јавниот обвинител до судот поднел** обвинителен акт
- **Како објект на заштита е** здравјето на луѓето
- **Казната која е предвидена за ова кривично дело** опишана е во Чл. 215 ст. 1: Тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од три до десет години.

Во конкретниот случај станува збор за група, односно ст.3 а в.в со ст.1 каде во:

Ст. 3 се вели дека − Ако делото од став 1 го извршиле повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години. Сите обвинети се осудени на казна затвор од по 6 (шест) години.

- **Субјективната страна на кривичното дело е** умисленото извршување на делото.

- **Процесениот закон кој се применува за конкретното дело** – ќе се применува новиот Закон за кривична постапка (Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година).
- **Месноналдлежен суд е** ОС − Прилеп  и ОЈО – Прилеп, но бидејќи станува збор за организира група, во конкретниот случај на обвинение од страна на ОЈО за ГОКК надлежен е Основен Суд − Скопје , Специјализирано одделение надлежно за судење дела од областа на организираниот криминал и корупција.
- **Делото застарува, според чл. 107 ст. 3** десет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над пет години.

*Податоците за студијата на случај се користени од пресуда КОК-70/22 – Основен Суд, Скопје, Специјализирано одделение надлежно за судење на дела од областа од организираниот криминал и корупција КОК-70/22 од 15.03.2022 и КОКЖ-65/22 – Апелационен суд, Скопје.*

## 3.2 Студија на случај за Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори во 2022 год.

Дело извршено од едно лице кое пренесува заради продажба наркотична дрога

На ден 31.05.2022 година околу 08:00 часот по магистралниот пат Прилеп – Градско, во правец кон Градско, машко лице, тогаш на возраст од 24 години, неовластено пренесува 86,110 грама наркотична дрога марихуана , наменета за понатамошна продажба. Тоа го прави на начин што од Охрид во ПМВ марка Ауди, на задното седиште ставил четири патни торбици со по четири најлонски пакувања со наркотична дрога марихуана и движејќи се во правец кон Градско, во близина на бензиската помпа „Лук Оил“, лоцирана на излезот од град Прилеп е сопрен од страна на службени лица од МВР со намера да биде контролиран. Лицето со употреба на сила ги спречува службените лица и полициските службеници од ОВР Прилеп во извршувањето на работата од областа на безбедноста што се однесува на откривање на кривично дело, на начин што откако полицискиот службеник со стоп палка му дал знак за запирање на возилото, обвинетиот го сопрел возилото и откако инспекторот и полицискиот службеник пристапиле кон сега обвинетиот со цел

проверка на неговиот идентитет и контрола на сообраќајните документи, истиот со големо забрзување и пролизгување се дал во бегство, возејќи во правец кон службените лица, кои за да го одбегнат ударот скокнале настрана, по што возилото удрило во двете службени возила на МВР и продолжило со голема брзина да се движи кон Градско. Кога обвинетиот помислил дека доволно се оддалечил од местото на настанот и пристигнал кај м.в Ленишки мост, го сопрел своето возило Ауди и почнал од возилото да ги вади и фрла торбиците со дрога, при што е забележан од страна на службените лица, кои по настанот со службено возило се движеле на определено растојание по него. Службените лица го совладувале, а потоа со соодветна службена документација му ги одзеле торбиците со дрога.

Со ваквите дејствија обвинетиот сторил кривично дело „НЕОВЛАСТЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА НАРКОТИЧНА ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ“ предвидено во чл. 215 ст. 1 од КЗ на РСМ и кривично дело „СПРЕЧУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБЕНО ДЕЈСТВИЕ“ предвидено во чл. 382 ст. 3 во врска со ст. 1 од Кривичниот законик.

За кривичното дело „НЕОВЛАСТЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА НАРКОТИЧНА ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ“ од чл. 215 ст. 1 од Кривичниот законик МУ СЕ УТВРДУВА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 2 (ДВЕ) ГОДИНИ, а за кривичното дело „СПРЕЧУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБЕНО ДЕЈСТВИЕ“ од чл. 382 ст. 3 во врска со ст. 1 од Кривичниот законик МУ СЕ УТВРДУВА КАЗНА ЗАТВОР во траење од 8 (ОСУМ) МЕСЕЦИ, СОГЛАСНО СО чл. 44 од Кривичниот законик.

На ден 26.08.2022 год. Одлучувано е за кривичниот предмет по обвителниот акт Ко.бр.319/22 од 26.08.2022г. на Основното јавно обвинителство од Прилеп против обвинетиот за кривичното дело „НЕОВЛАСТЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА НАРКОТИЧНА ДРОГА, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И ПРЕКУРСОРИ“ и „СПРЕЧУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБЕНО ДЕЈСТВИЕ“ на ден 20.10.2022 од страна на Основен Суд - Прилеп број К-364/22 и донесена е следната ПРЕСУДА:

СЕ ОСУДУВА

**НА ЕДИНСТВЕНА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 2 (ДВЕ) години и 6 (ШЕСТ) МЕСЕЦИ,** во изречената казна затвор, на обвинетиот му се засметува и времето поминато во притвор.

- **Според описот на кривично-правниот настан во предметното кривично дело и дејствието што е извршено** станува збор за неовластено набавување и пренесување заради продажба наркотична дрога марихуана и хашихово масло, со цел прибавување на противправна имотна корист.
- **Станува збор за делото** „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од чл. 215 ст. 1 од КЗ на РСМ , а систематизирано во посебна глава XXI, во која се систематизирани вкупно 13 кривични дела со ист објект на заштита- здравјето на луѓето.
- **Јавниот обвинител до судот поднел** обвинителен акт.
- **Објект на заштита е** здравјето на луѓето.
- **Казната предвидена за опишаното кривично дело пропишана е во** Чл. 215 Ст. 1 Тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од три до десет години.

  Во конкретниот случај станува збор за поединец односно од ст.1 каде обвинетиот е осуден на казна затвор од 2 (две) години и 6(шест) месеци.
- **Субјективната страна на кривичното дело е** умисленото извршување на делото.
- **Процесен закон кој ќе се применува,** со оглед дека е сторено на 2020 година – ќе се применува новиот Закон за кривична постапка (Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година).
- **Надлежен суд е** Основен Суд − Прилеп
- **Делото застарува** – чл.107 ст.4 пет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над три години.

*Податоците за студијата на случај се користени од пресуда К-364/22 – Основен Суд − Прилеп.*

## 3.3 Студија на случај на нелегална продажба на наркотична дрога во 20020 на подрачјето на ОВР Прилеп

На 04.09.2020 година обвинетите Н. Д. и Е. И. во договор со В. И. како повеќе лица, неовластено заради продажба држеле 14.472,8 грама наркотична дрога- хашиш и 31.147,4 грама опојна дрога - марихуана, на начин што откако обвинетиот Н.Д. ја набавил дрогата од Н.Н., му кажал на В.И. да ја подигне и однесе до м.в. „Песјо бртце" во Прилеп, каде требало да се изврши купопродажба на дрогата и сега осудениот В.И со Е. И. со ПМВ Мерцедес управуван од обвинетиот Е.И., ја подигнале дрогата на посочената локација од обвинетиот Н.Д. и со возилото започнале да се движат по патот Кичево−Прилеп во насока кон Прилеп. Кога стигнале во близина на местото викано „Песјо бртце" застанале со возилото, ја извадиле дрогата спакувана во четири вреќи, ја оставиле покрај патот, по што обвинетиот Е.И. си отишол со возилото Мерцедес, а В.И. се упатил кон паркирано комбе на местото викано „Песјо бртце" да ја предаде дрогата. Таму бил пресретнат и фатен од овластени полициски службеници, кои со потврда за привремено одземени предмети од 04.09.2020 година, од В.И. ја одзеле дрогата, која била спакувана во: 1 (една) пластична вреќа во која имало 3 (три) паковки замотани со селотејп трака со НН зеленкаста материја и 3 (три) паковки замотани со најлонска трака залепени со селотејп трака со 15 (петнаесет) паковки НН растителна зелена материја, 1 (една) најлонска вреќа во која имало 10 (десет) паковки замотани со најлонска трака со селотејп трака со НН растителна зелена материја, 1 (една) најлонска вреќа во која имало 5 (пет) паковки замотани со најлонска селотејп трака со НН растителна зеленкаста материја и 1 (една) најлонска вреќа со 10 (десет) паковки замотани со најлонска трака со НН растителна зеленкаста материја, која материја со вештачење е утврдено дека претставува дрога со вкупно нета маса од 14.472,8 g наркотична дрога хашиш и вкупно нето маса од 31.147,4 g опојна дрога — марихуана спакувана во 1 (едната) пластична вреќа во која имало 3 (три) полиетиленски пакувања обвиткани со транспарентна фолија со залеплива лента со растителна материја со нето маса од 962,6 g, 961,6 g и 944,6 g сè опојна дрога - марихуана од растителна материја

Canabis, со вкупно нето маса од 2.868,8g и во 3 (трите) полиетиленски пакувања обвиткани со транспарентна фолија и обложени со леплива лента во кои имало 15 (петнаесет) пакувања, секое со по 5 (пет) парчиња со пресувана смолеста материја со кафеава обоеност и лого со поединечна нето маса од 192,4 9, 192,2 9,190,8 g, 189,2 9, 189 9, 194,2 g, 184 g, 191g. 193,8 g, 188 9- 187,8 g 191,6 9, 196,4 g, 199,4 9, 194,2 g, 194,2 g, 190 g 193,2 9, 199,6 9, 197,2 g, 189,4 9, 192,2 9, 196,2 g, 194,4 g, 172 9, 190,8 g 191,6 9, 1889, 194,2 9, 192,6 9, 193,4 9, 196 g, 191 g, 189,4 g, 191,2 g, 192,8 g, 190,4 9, 192,4 9, 204,2 9, 204,4 9, 197,4 g, 191,4 9, 191,6 9 187,4 9, 189,2 9, 197,2 9, 188,29, 196,2 9, 195,6 g, 198,6 g, 195 9 192,2 9 193,6 g,198 g, 192 9, 191,2 9, 1969, 196,29, 191,2 9, 190,8 9, 197,4 9 194,4 195 g, 194,8 g, 187,8 9, 196,8 9, 191,6 9, 196 г, 191,6г, 197 9 193,2 9, 190,4 9, 201,6 б 189,2 g и 192,2 g се наркотична дрога - пресуван хашиш. Производот е добиен со издвојување на жлездени влакненца од исушени врвни делови-вршунки од растение Canabis, со ситнење триење, тресење просејување и пресување, со вкупно нето маса од 14.472,8g. Во 1 (една) најлонска вреќа во која имало 10 (десет) полиетиленски паковки обвиткани со транспарентна фолија и обложени со залеплива лента со растителна материја со нето маса 9.713 и претставува опојна дрога -марихуана од растителна материја Canabis. Едната најлонска вреќа во која има 5 (пет) пакувања обвиткани со транспарентна фолија, облепени со леплива лента со расителна материја со вкупно нето маса од 8.905g, 1 (една) најлонска вреќа во која имало 10 (десет) пакувања обвиткани со транспарентна фолија, облепени со леплива лента со растителна материја со вкупно нето маса од 9.660g.

Со горните дејствија обвинетите Н.Д. и Е.И. сториле кривично дело − Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, по чл. 215, ст. 3 вв со ст.1 од КЗ. Согласно цитираната законска одредба и одредбите од 4, 32, 33 35, 39, 40 и 41 од Кривичниот законик, судот обвинетите Н.Д. и Е. И. ги ОСУДУВА НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД ПО 4 (ЧЕТИРИ) ГОДИНИ, Согласно чл. 47 од Кривичниот законик, на обвинетиот Н.Д. во казната да му се засмета и времето поминато во притвор и времето поминато во куќен притвор сметано од 05.09.2020 година до правосилноста на пресудата, односно до започнување со издржување на казната затвор, а на обвинетиот Е.И. во казната да му се засмета и времето поминато во притвор и времето поминато во куќен притвор сметано од 05.09.2020 година, до правосилноста на пресудата, односно до започнување со издржување на казната затвор согласно чл. 215 ст.

7 в.в. чл.100-а од Кривичниот законик. СЕ ОДЗЕМААТ предметите кои биле наменети и употребени при извршување на кривичното дело, како и предметите употребени за пренесување на наркотичните droги.

- **Според описот на кривично-правниот настан во предметното кривично дело дејствието на извршување е** неовластено набавување на наркотична дрога која ја доставиле до одредено место заради продажба на истата, при што во конкретниот случај осудените требало да се стекнат со противправна имотна корист**.**
- **Станува збор за кривично дело**, верифицирано како кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“ од чл. 215 ст. 3 в.в ст. 1 од КЗ на РСМ бидејќи е извршено во група, а систематизирано во посебна глава XXI, каде се систематизирани вкупно 13 кривични дела со ист објект на заштита- здравјето на луѓето.
- **Јавниот обвинител до судот поднел** обвинителен акт.
- **Објект на заштита е** здравјето на луѓето.
- **Предвидената казна за ова кривичното дело опишана е во чл. 215 КЗ на РСМ Ст. 1:** Тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од три до десет години.

Во конкретниот случај станува збор за група, односно ст. 3 а в.в со с т.1 во кој стои:

Ст. 3 − Ако делото од став 1 го извршиле повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Сите обвинети се осудени на казна затвор од по  6 (шест) години.

- **Субјективната страна на кривичното дело е** умислено извршување на делото.

- **Процесен закон кој ќе се** применува, бидејќи делото е сторено во 2020 година – ќе се применува новиот Закон за кривична постапка (Службен весникна РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година).
- **Меснонадлежен е** ОС Прилеп и ОЈО Прилеп, но бидејќи станува збор за организирана група во конкретниот случај на обвинение од страна на ОЈО за ГОКК надлежен е Основен Суд − Скопје, Специјализирано одделение надлежно за судење на дела од областа од организираниот криминал и корупција**.**
- **Делото застарува според** чл. 107 ст. 3 десет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над пет години.

*Податоците за студијата на случај се користени од пресуда КОК-136/21 од 21.03.2021 – Основен Суд Скопје, Специјализирано одделение надлежно за судење на дела од областа од организираниот криминал и корупција.*

# ДЕЛ VII

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОЗИ

## 1. ЗАКЛУЧОЦИ

Во овој магистерски труд е обработена криминалистичката истрага со сите нејзини сегменти за кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“. Детално беа разработени кривично-правните аспекти и криминалистичките карактеристики на ова кривично дело. Најпрво беше детално обработен овој тип на криминалитет како општествено негативна

појава на национално ниво, која индиректно продира до сите сфери на општество и има штетни последици како на национален така и на меѓународен поглед. Со брзиот развој на информатичката технологија, интернетот, фармацевската индустрија и новите начини на интегриран сообраќај, ова кривично дело е во подем, а се зголемува и бројот на неговите појавни облици како и начините на извршувањето.

Генерална цел на овој магистерски труд е да помогне во креирањето на безбедносна стратегија за превенција и откривање на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога, психотропни материи и прекурсори, односно да се препознаат сите недостатоци, пропусти и слабости на безбедноста генерално, но и конкретно за овој тип на криминал. Како резултат на тоа, неопходно е да се иницира примена на соодветни криминалистички мерки и активности, оперативно-тактички и истражни дејствија, со цел успешно откривање и докажување на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“, преку проучување на неговите појавни облици, преземање на конкретни оперативно-тактички мерки и активности од страна на криминалистичката полиција со цел обезбедување докази во една легална постапка, согласно кривично-процесното право, кои ќе бидат употребени во кривичната постапка со цел откривање и пронаоѓање на сторителите за да можат судовите да носат мериторни пресуди.

Во делот на практична примена на овој магистерски труд се практичните цели и задачи коишто треба да се постигнат од научно-истражувачката работа и тоа навремена идентификација и детекција на неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори со цел зголемување на безбедноста и откривањето, обезбедување докази и докажување на ова кривично дело и неговите извршители преку проучување на:

- Недостатоците и пропустите на криминалистичката обработка при преземањето на оперативно-тактичките мерки и активности од страна на криминалистичката полиција;
- Постапување согласно стандардни оперативни процедури (СОП) кога станува збор за недозволена трговија со дрога, согласно новите појавни форми на ова кривично дело;

- Афирмација на позитивните искуства врз основа на компаративен метод за регулираноста на оваа област во соседните земји од поранешна Југославија, во однос на неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори;
- Согледување и навремено детектирање на ризиците, заканите и опасностите на ова КД врз безбедноста;

Од оваа научно-истражувачка работа потребно е да произлезат конкретни решенија и предлози за поголема ефикасност во откривање и докажување на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“.

Во шестиот дел од магистерскиот труд се анализирани податоците за КД „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ за период од пет години. Овие податоци се обезбедени од официјалните веб-страни на Министерството за внатрешни работи и Државниот завод за статистика, а потоа преку нивно табеларно прикажување е извршена анализа врз следните карактеристики:

- Регистрирани кривични дела против здравјето на луѓето и споредба со бројот на сторители на КД по чл. 215 од КЗ на РСМ во периодот од 2019 година до 2023 година;
- Преглед на пријавени (ПР), обвинети (ОБ) и осудени (ОС) полнолетни лица за вкупниот криминалитет и за Кривични дела против здравјето на луѓето (КДПЗЛ) во Република Македонија во периодот 2019-2023 година;
- Обвинети полнолетни лица според чл. 215 од КЗ и видот на одлуката во периодот 2019-2023година;
- Обвинети полнолетни лица според чл. 215 од КЗ и полот во периодот 2019-2023;
- Пријавени полнолетни лица според КД против здравјето на луѓето според подносителот на кривичната пријава:
- Недозволена трговија со дрога по сектори - член 215;

- Вкупно заплени на дрога по вид и количина - од 2019 до 2023 година;
- Сторители и поднесени КП по чл. 215 за периодот 2019-2023 за СВР-Битола по организациони единици;
- Отфрлени КП по чл. 215 за периодот 2019-2023 за СВР- Битола по организациони единици;

Од извршената анализа на регистрирани кривични дела, пријавени, обвинети и осудени извршители, може да се утврди динамиката, половата застапеност, процентот на отфрлени пријави, покренато обвинение, прекинати кривични постапки по разни основи и осудителни пресуди и изречени санкции. Врз основа на претходно прикажаните резултати каде може да се види дека процентот на отфрлените кривични пријави во опфатениот период изнесува повеќе од 40 %, може да се донесе заклучок дека овој процент е навистина голем и неопходно е да се изгради безбедносна стратегија за подобрување на соработката помеѓу МВР и ОЈО, подобрување на квалитетот на изготвените КП, и обезбедувањето на силни докази при докажувањето на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Прикажаните проценти несомнено претставуваат и показатели на квалитетот на криминалистичката истрага кога станува збор за ова кривично дело.

Во овој дел е направено и анкетно истражување на целна група – криминалистички инспектори кои работат на расветлување кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога. Добиените резултати од спроведената анкета се дескриптивно анализирани и направен е приказ на добиените одговори.

Од добиените одговори може да се донесат заклучоците:

Кај младото население во одлуката да бидат поврзани со злоупотребата на дрога на ниво на сектор Битола најмногу влијае социјалниот стандард, недоволната едукација и недоволната информираност на младите.

Материјалната корист, односно брзите пари, се најчести мотиви на младите кои се потенцијални сторители на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога на ниво на СВР Битола.

Како најчести недостатоци, пропусти и слабости кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотребата на дрога се недоволните материјално-технички средства, некористењето или слабото искористување на посебните истражни мерки, недоволната конспиративност и незаштитеноста на инспекторите, недоволната обученост на вработените, ниските плати, односно слаба мотивираност и сл.

Огромно влијание во откривањето и докажувањето на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога има застареноста на техниките кои се користат при откривање на овие дела.

Со анкетирањето дојдено е до заклучок дека најголем дел од испитаниците се сложиле дека неопходно е детално согледување и обуки на кои ќе бидат проучувани новите појавни облици, начините на извршување како и начините на обезбедување квалитетни докази кои ќе овозможат полесно детектирање на слабостите кај извршителите на овие кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога на ниво на СВР Битола.

Немањето на соодветни материјално-технички средства, соодветни обуки, немањето можност за прелиминарни анализи, несоодветното распределување на работните места, во анкетирањето најчесто се спомнуваат како најголеми недостатоци и слабости во СВР Битоле при откривање на извршители на кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога.

Како слабости во превентивното делување на полицијата во делот на злоупотребата на дрога во СВР Битола најчесто се споменуваат: недоволна едукација на учениците, изработка на флаери со едукативна содржина, слаба контрола во угостителските објекти и акциски контроли на објекти и викенд куќи кои се изнајмуваат за приватни забави.

Кога станува збор за употребата на посебните истражни мерки, повеќето од половината се изјасниле дека на ниво на сектор Битола овие мерки многу ретко се применуваат, односно во помалите организациони единици воопшо и не се применуваат.

Од студиите на случај опишано е кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“. Првата студија ги обработува кривично-правните аспекти при што е опишано нелагалното изнесување на наркотична дрога марихуана од правно лице кое е овласено за таков вид на

производство, со цел истата да стигне до нелегалниот пазар, втората е дело каде се врши нелегален транспорт на наркотична дрога марихуана и третиот случај е каде се врши нелегална продажба на наркотична дрога марихуана и хашиш од страна на организирана група.

Во однос на поставените посебни хипотези и донесувањето на заклучоци за секоја студија поединечно, утврдена е следна состојбата:

- Проучувањето на начинот на извршувањето на кривичното дело придонесува за детектирање на пропустите и слабостите на безбедносниот систем.

Криминалистичкото истражувањето на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", опфаќа широк спектар оперативно-тактички мерки и активности коишто криминалистичката полиција ги применува со цел навремено детектирање, обезбедување материјални докази, откривање и докажување на ова кривично дело како и откривање на неговите сторители. Со проучувањето на начинот на извршување се добиваат сознанија за modus operandi коишто ги користат извршителите. Бидејќи ова кривично дело го извршуваат физички лица, неопходно за негово откривање и докажување, односно обезбедување материјални докази е да бидат вклучени стручни кадри (криминалистичка полиција, царинска управа, ОЈО) коишто имаат професионално познавање и искуство од областа на откривање на овој тип на организиран криминалитет, посебно во делот на обезбедување докази. Обезбедувањето докази има исклучително значење при криминалистичката обработка и докажувањето, бидејќи секој пропуст, односно недостаток, придонесува кривичното дело да не биде откриено односно да не бидат докажани неговите сторители. Врз основа на претходно изнесеното и статистичката анализа спроведена во истражуваниот период 2019-2023 година, оваа хипотеза се прифаќа.

- Висината на имотната или друг вид на корист влијае врз одлуката на потенцијалните сторителите на КД „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори"

Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори е основната криминална визија за стекнување на противправна имотна корист. При извршувањето на ова кривично дело извршителите најпрво ја обезбедуваат на нелегален начин наркотичната дрога, и свесно по сопствена волја и намера, неовластено ја става во промет со цел да се стекнат со противправна имотна корист. Бидејќи клучно за донесување одлука од страна на извршителите е висината на имотата корист со којашто противправно ќе се стекнат, и со одговор на прашање бр. 3 во извршената анкета, каде 75 % се изјасниле дека многу влијае, хипотеза се прифаќа.

- Извршителите на кривичните дела по чл. 215 од КЗ на РСМ во СВР Битола најчесто се од машки пол во границите од 25 до 35 годишна возраст.

- Нискиот социјален стандард во државата придонесува за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

Нискиот социјален стандард во државата, недоволната информираност на младото население од потенцијалните опасности и ризици исто така придонесува за намалување на безбедноста кога станува збор за КД поврзани со злоупотреба на дрога. Нискиот стандард и брзите пари се најголемите мотиви на младите да се приклучат кон овој тип на криминал. Од анкетното прашање кое се однесува на оваа хипотеза според која социјалниот стандард најмногу влијае, потврдно се изјасниле 65 %, со што истата се потврдува.

- Неовластеното производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, криминалистички се истражува и докажува со примена на оперативни комбинации, истражни дејствија и ПИМ.

Криминалистичката истрага за ова кривично дело опфаќа широк спектар на оперативно-тактички мерки и активности во една легална постапка со цел обезбедување материјални докази и докажување на кривичното дело и неговите извршители. Истражните дејствија и посебните истражни мерки кои се применуваат при криминалистичката обработката на кривичното дело „Неовластено производство и

пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“, од страна на субјектите коишто ја вршат истрагата, се извршуваат согласно одредбите од ЗКП. Затоа примената на истражните дејствија, посебните истражни мерки согласно ЗКП и обезбедените материјалните се од круцијално значење за време на криминалистичкото истражување и врз основа на нивната веродостојност се темели докажувањето на ова кривично дело и неговите извршители. Согласно одговорите од анкетниот прашалник кои се однесуваат на оваа хипотеза, вредностите на одговорот дека истите се користат многу ретко, а се навистина од круцијално значење, изнесуваат 56 %, со што хипотезата се потврдува.

Генералната цел на овој магистерски труд којашто треба де се постигне е подобрување на безбедноста, односно подобрување на криминалистичката истрага преку анализа на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“ и детектирање на недостатоците, пропустите и слабостите на криминалистичката истрага. Целта е градење на безбедносна стратегија за превенција и откривање на овој тип кривични дела и нивно докажување, со иницирање на примена на нови форми на криминалистички истражни дејствија, со цел обезбедување на докази кои ќе бидат употребени во понатамошната кривична постапка.

## 2. ПРЕДЛОЗИ

Во овој труд детално беше разгледана криминалистичката истрага и кривично-правните аспекти на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“. Направено беше статистичко истражување за ова кривично дело во периодот од 2019 до 2023 година и претставени беа три студии на случај. Од добиените резултати од истражувањето, треба да бидат детектирани слабостите на криминалистичката истрага и треба да се дојде до конкретни решенија и предлози со цел да се изгради една безбедносна стратегија кога станува збор за злоупотребата на накротичните droги. Токму во подобрувањето на криминалистичкото истражување од страна на криминалистичката полиција, превенција, откривање и

докажување на потенцијалните извршители на ова кривично дело, полициските службеници кои се вклучени во криминалистичките истраги од оваа област на криминалитет и конкретно откривање и докажување на кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“, потребно е преземањето на оперативно-тактичките мерки и дејствија да ги преземаат согласно стандардните оперативни процедури и домашната и меѓународна законска регулатива. Бидејќи појавните облици на кривичното дело каде има злоупотреба на дрога, постојано се модифицираат, потребно е целосна усогласеност на домашното законодавство, односно да се инкриминираат новите форми на неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и обезбедувањето докази да биде согласно со стандардните процедури во развиените земји. Поради меѓународниот карактер на ова кривично дело, потребно е криминалистичката истрага континуирано да се надградува, да се применуваат нови методи и техники со цел обезбедување силни и квалитетни докази во легална постапка, согласно националното и меѓународното кривично-процесно право, а со тоа извршителите на овие кривични дела да бидат откривани и докажувани без разлика каде се наоѓаат и од каде го извршиле кривичното дело.

## Прелиминарна библиографија


- Ангелески, М., Криминалистичка тактика I, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007
- Ангелески, М., Криминалистичка тактика II, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје, 2007
- Ангелески, М., Криминалистичка методика, Прв приватен универзитет - ФОН, Скопје,, 2008
- Николоска, С., Методика на истражување на општиотт криминалитет - Факултет за безбедност Скопје, 2015
- Арнаудовски Љ.- „Криминологија“, Скопје, 2007
- Арнаудовски, Љ.: „Злоупотреба на дрогите – продукта на цивилизацијата или социо – патолошка појава”, безбедност, бр.3, Скопје, 1993
- Марјановиќ, Ѓ., Македонско кривично право, општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје, 2003

- Матовски, Н., Казнено процесно право, општ дел, Правен факултет Јустинијан Први, 2-ри Август С – Штип, Скопје, 2003
- Камбовски, В., Казнено право, посебен дел, четврто дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје, 2003
- Сулејманов, З., Криминологија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2003
- Џуклески, Г., Вовед во криминалистика, Соларис Принт, Скопје, 2009
- Лабовиќ, М. (2006) „Власта корумпира“, Де Гама, Скопје; 57. Лабовиќ, М. Николовски, М. (2010) „Организиран криминал“, Скопје, Факултет за безбедност;
- Спасески, Ј., Аслимоски П., Герасимоски, С., Приватна безбедност, Ун. „Св Климент Охридски“, Полициска академија - Скопје, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Скопје-Охрид, 2008
- Спасески, Ј., Аслимоски П., Дефендологија, Педагошки факултет - Битола, 2006
- Џуклески, Г., Прирачник за соработничка мрежа, Јофи-скен, Скопје, 2005
- Стојановски, Т.: Состојбата со наркоманијата во земјите на централна и источна Европа, безбедност бр.4, Скопје, 1996
- д-р Олга Кошевалиска асистент докторанд д-р Елена Максимова ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА (скрипта) Штип, 2018
- Малиш-Саздовска, М., Дујовски, Н., Безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност, Скопје, 2009
- Тодоровски Љ. „Развивање на стратегии за следење на развојот на наркокриминалот во Република Македонија и поставување на стандардизиран систем на контрола на дрога-докторска дисертација’’, Скопје,2012.
- Алексич, Ж.: „Криминалистика”, информатор, Загреб, 1990 4. Алексић, З. и др. „Друштвени, правни и медицински проблеми зависности од дрога“, Зборник радова, Сервис Савеза за удружења правника у Југославије, Београд, 1981; 5. Антонијевић, М. и др. (1970) „Наркоманије младих“, Бигз-Култура, Београд;
- Водинелић, В. и Алексић, Ж.(1978) „Основи криминалистичке методике“, Белград;
- Boškovič. Milo: Organizirani kriminalitet, II- deo, Beograd, 1998
- Gaziovoda, S.: Problemi dokazivanja kod krivicnih dela neovlašcene proizvodnje I stavljanje I promet opojnih droga, zbornik radova, Beograd, 1999
- Бraham, D.: Proizvodnja i trgovina drogom unutar Europske Unije (autoriziran prevod), Beograd, bezbednost br.1, 2000
- Gassim, R. (1988) „Criminologie“, Paris;
- Durkheim, E. (1983) „Pravila socioloske metode“, Paris;
- Дилверов, Д.(2006) „Криумчарење“, Штип;
- Vasic, T.: „Krijumcarenje opojnih droga i narkomanija u Srbiji’’ – alaticka studija, u bezbednost, Beograd, br.4, 2001
- 28. Ђорђевић З. „Нарко криминал“ (Кривичноправни и криминалистички аспекти), 2006, Нови Пазар;
- Енциклопедија: Користени лексикони и речници. Merian-Webster Dictionary, enciklopedia Britanika, Phenommenology, G.B. deluxe Edition CD, (2002);
- EMCDDA: ,,Annual report on the state of the drugs problem in the European Union, 1988
- Interpol-International Police review, 425, Lyons, 1990;
- Informator: O vrstama opojnih droga, psihoaktivnih supstanci i sirovina, Beograd, 2001

***правни извори:***

- Закон за внатрешни работи, Сл. Весник на РМ бр. 92/09 од 24.07.2009, 118/09 од 28.09.2009, 35/10 од 12.03.2010
- Закон за кривична постапка, Сл. Весник на РМ бр. 15/05 од 07.03.2005, 83/07 од 10.07.2008, 67/09 од 29.05.2009
- Закон за полиција, Сл. Весник на РМ бр. 114/06 од 03.11.2006, 6/09 од 15.01.2009
- Кривичен законик на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 19/04 од 30.03.2004, 81/05 од 26.09.2005, 60/06 од 15.05.2006, 73/06 од 14.06.2006, 7/08 од 15.01.2008, 139/08 од 04.11.2008, 114/09 од 14.09.2009
- Правилник за начинот на вршење на полициските работи, Сл. Весник на РМ бр. 149/07 од 10.12.2007
- Устав на Република Македонија, Сл. Весник на РМ бр. 52/92 од 22.11.1992 и амандманите I и IIод 10.01.1992, IIIод 02.07.1998, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII, XVIIIод 20.11.2001, XIXод 30.12.2003, XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX, XXXод 09.12.2005, XXXIод 09.01.2009
- Упатство за начинот на справување со криминални групи

***интернет извори:***

- www.hercegovina.info(mediji)source-ba/hemiklalija - 2011
- www.elitesecurity.org
- http://www.savetovaliste.nshc.org.rs/narkomanija.htm
- https://reliefweb.int/report/world/unodc-world-drug-report-2023-enarruzh
- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/opijumski-mak
- https://www.stetoskop.info/odeljci-knjiga/opioidni-analgetici
- https://www.dea.gov/factsheets/heroin
- https://medtim.mk/lekuvane-na-zavisnost-od-heroin/
- https://drogeiovisnosti.gov.hr/djelokrug/ovisnosti-i-vezane-teme/droge-i-ovisnost/vrste-droga/marihuana-kanabis/1013
- https://www.dea.gov/es/node/895
- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/hasis
- https://diz.gov.mk

- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/kokain
- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/krek
- https://medtim.rs/blog/amfetamin/
- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/amfetamini
- https://drogeiovisnosti.gov.hr/djelokrug/ovisnosti-i-vezane-teme/droge-i-ovisnost/vrste-droga/metamfetamin/1014
- https://adf.org.au/drug-facts/lsd/
- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/ekstazi-mdma
- https://www.drugs.com/ketamine.html
- https://www.narconon-balkan.org/blog/shto-e-ketamin.html
- https://www.stetoskop.info/narkotici-droge/pcp-fenilcikloheksilpiperidin
- https://zdravstvo.gov.mk/zakon-za-kontrola-na-opojni-drogi-i-psihotropni-supstancii
- http://vesti.mk/news/6962858/otkriena-laboratorija-za-droga-vo-novo-lisiche
- https://denar.mk/24814/ekonomija/kriminalni-aktivnosti-so-najdobra-zarabotka
- https://kancelarijaminic.rs/pojam-i-elementi-pojma-krivicnog-dela-i-osnovi-iskljucenja-krivicne-odgovornosti/
- https://mvr.gov.mk
- https://jorm.gov.mk/
- https://www.ihr.org.mk
- https://sherloc.unodc.org/cld/uploads/pdf/Strategies/Toolkit_-_Macedonian.pdf,
- https://zbornik.pf.uns.ac.rs/wp-content/uploads/2019/01/doi_10.5937_zrpfns42-0017.pdf
- https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Strategija-za-drogi-mkd-final-version-1.pdf
- https://books.google.mk/books?id=vSNp2jtzCbEC&pg=PA10&redir_esc=y&hl=mk#v=onepage&q&f=false
- https://www.europol.europa.eu/
- https://www.interpol.int/
- www.metro-portal.hr/nove-sinteticke-droge-osvajaju-europi - 2011
- www.seeliz.eu/seutchewele - 2011
- http://www.euricpa.org
- http://www.europeanpaymentscouncil.eu
- https://www.unodc.org/pdf/trends2003_www_E.pdf
- https://www.unodc.org/pdf/WDR_2005/volume_1_web.pdf
- https://www.unodc.org/pdf/research/wdr07/WDR_2007.pdf
- https://www.unodc.org/wdr2017/field/Booklet_4_ATSNPS.pdf
- https://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2009/WDR2009_eng_web.pdf
- https://www.britannica.com/place/China/The-first-Opium-War-and-its-aftermath


***институции:***


- Државен завод за статистика на Република Северна Македонија;
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;

- Министерство за внатрешни работи на Република Македонија;
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за здравство
- Царинска управа

## *ПРИЛОЗИ*

**Анонимен анкетен прашалник за потребите на магистерски труд Криминалистичко истражување на КД „Неовластено производство и пуштање во промет наркотична дрога психотропни супстанци и прекурсори“ - член 215 од КЗ на РМ**

Факт е дека ниту едно научно истражување не може да биде комплетно без примената на истражувачки техники. Анкетниот прашалник го претставува истражувачкиот инструмент со којшто ќе се добијат сознанија за криминалистичката истрага за КД „Неовластено производство и пуштање во промет наркотична дрога психотропни супстанци и прекурсори“ од испитаници кои директно се занимаваат со оваа проблематика. Целта на овој анкетен прашалник е да се добијат информации во однос на поставените хипотези на магистерскиот труд

Заради специфичноста на кривичното дело кое е истражувано, а со тоа и на природата на прашањата од кои е составен овој анкетен прашалник, анкетирањето ќе се спроведе анонимно. На почетокот на прашалникот се општи прашања за испитаниците, со цел да им се даде кредибилитет на прашањата и да се има претстава које е групата на испитаници кои се анкетираат. Се очекува дека прашањата ќе ги задоволат очекувањата на испитаниците, бидејќи ги опфаќаат елементите кои се однесуваат на криминалистичката истрага на КД „ Неовластено производство и пуштање во промет наркотична дрога психотропни супстанци и прекурсори“.

**Општи прашања за испитаникот:**

| **Ве молам, наведете ја Вашата возраст:** | **Ве молам, наведете го Вашиот степен на образование:** |
|---|---|
| **а)** од 20 до 30 години | **а)** средно образование |
| **б)** од 31 до 40 години | **б)** високо образование |
| **в)** од 41 до 50 години | **в)** магистер |
| **г)** над 50 години | **г)** доктор на науки |

| |
|---|
| **Колку време сте (или сте биле) вработени во институција од безбедносен карактер?**<br><br>**а)** до 5 години<br><br>**б)** од 5 до 10 години<br><br>**в)** повеќе од 10 години<br><br>**г)**немам работено во безбедносна институција |

| | **Прашање:** | **Одговор:** |
|---|---|---|
| 1. | На која возраст, според вашето искуство, најчесто населението во рамките на СВР – Битола се извршителите на кривични дела поврзани со злоупотребата на дрога. | **а) под 18 год.**<br><br>**б) од 18 до 25 год.**<br><br>**в) од 25 до 35 год**<br><br>**в) над 35 год** |
| 2. | Колку нискиот социјален стандард, недоволната едуцираност и информираност на младото население на ниво на СВР Битола влијае врз одликата истите да бидат поврзани со злоупотреба на дрога на ниво на СВР Битола. | а) НЕ ВЛИЈАЕ<br><br>б) МАЛКУ ВЛИЈАЕ<br><br>в) МНОГУ ВЛИЈАЕ<br><br>г) НЕ ЗНАМ |
| | <u>*Причини:*</u> | |
| 3. | Колку висината на материјалнта корист влијае на потенцијалните сторители на кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога во СВР - Битола ? | а) НЕ ВЛИЈАЕ<br><br>б) МАЛКУ ВЛИЈАЕ<br><br>в) МНОГУ ВЛИЈАЕ<br><br>г) НЕ ЗНАМ |

| | | |
|---|---|---|
| | <u>*Дадете свое гледиште:*</u> | |
| 4. | Опишете ги кратко најголемите недостатоци, пропусти и слабости кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога на ниво на СВР – Битола. | |
| | <u>*Краток опис:*</u> | |
| 5. | Колку мерките на заштита и застареноста на техниките кои се користат при откривање и докажување на кривичните дела поврзани со дрога во СВР Битола влијаат врз квалитетот на докажување на тие дела. | **а)** НЕ ВЛИЈААТ<br>**б)** МАЛКУ ВЛИЈААТ<br>**в)** МНОГУ ВИЈААТ<br>**д)** НЕ ЗНАМ |
| 6. | Дали со проучување на Кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога, нивните сторители, појавните облици, начинот на извршување и обезбедувањето на квалитетни докази, овозможува полесно да се детектираат слабостите кај извршителите? | |
| | *Ве замолувам за кратка дискусија во поглед на Вашето искуство, ставови и мислење.* | |
| 7. | Опишете ги кратко најголемите недастотоци, пропусти и слабости кои ја ограничуваат и отежнуваат борбата против кривичните дела поврзани со злоупотреба на дрога на ниво на СВР Битола. | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Опис:* | |
| 8. | Наведете некои од превентивните мерки кои од страна на органите за кривичен прогон најчесто се преземаат со цел превентивно делување за намалување и спречување на КД поврзани со злоупотреба на дрога. | |
| | | |
| 9. | Дали сметате дека полициските службеници од СВР – Битола се доволно стручни и оспособени за ефикасна борба против кривични дела поврзани со злоупотреба на дрога? | **а) НЕ**<br>**б)НЕ ЗНАМ**<br>**в)ДА** |
| 10. | Колку често се применуваат посебните истражни мерки (ПИМ)? | **а) НЕ СЕ ПРИМЕНУВААТ**<br>**б) МНОГУ РЕТКО**<br>**в) ЧЕСТО СЕ ПРИМЕНУВААТ**<br>**г) МНОГУ ЧЕСТО**<br>**д) НЕ ЗНАМ** |

*Ви се заблагодарувам за Вашата соработка и за Вашиот придонес во научното истражување за потребите на магистерскиот труд – Криминалистичко истражување на КД – „Недозволено производство и пуштање во промет наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори“*